СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Четвртото продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 декември 1997 година

Скопје, декември 1997 година

**ОСУМДЕСЕТТА (80) СЕДНИЦА, 4 ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 10. XII. 1997г.**

1.АТАНАСОВ ЃОРЃИ 8
2. АЈДАГАРА ГАЗМЕНД 38
3. АРСОВСКИ БРАНКО 128, 146
4. АНДОВ СТОЈАН 147, 149, 157
5. ВРЕВЕЗОВСКИ ДИМИТРИЈА 12
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ 83, 91, 96,
7. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 93, 97
8. ГОШЕВ ТУШЕ 141, 151
9. ДОКУЗОВСКИ КИРО (МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈ., ШУМ., И ВОД.) , 71, 81
10. ИВАНОВ ЉУБИСЛАВ 25, 28
11. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 31, 36
12. КАРОВ ЗВОНКО 117, 120, 162, 163
13. КОТЕВСКИ СЛАВКО 127, 128, 140
14. КАРОВ ИЛИЈА 8, 11
15. МИНОВ ПАНЧО 56, 62, 78, 132, 137, 145, 146
16. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 100, 102, 112, 114, 137
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седн.) 1
18. РУЖИН НАНО 113, 158
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 64, 153, 155, 162
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 99, 114
21. ТАНТАРОВ ВЕЉО 16, 20, 69, 70, 81, 121, 125, 137, 162
22. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 47
23. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 51, 54

Т.81 (предлог за донесување на земј. земјиште), заклучокот е на стр.82

Т.9 стр83 (предлог за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ од Битола во стечај) Гласањето по оваа точка е одложено за наредниот ден.

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четврто продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10- декември 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сали Рамадани, Зоре Темелковски, Маријан Начевски, Илинка Митрева, Никола Поповски, Никола Г. Поповски, Иван Бојков, Игнатие Богдановски и Теодосие Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Како што гледате само осум пратеници го најавиле своето отсуство 62 пратеници се овде присутни и осум тоа се 70. Тоа значи 50 пратеници не го оправдале своето отсуство.

Преминуваме на Осмата точка - Предлог за донесување закон за земјоделско земјиште.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Докузовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

I/2 лп/вц

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Господин претседател, дами и господа пратеници, од десетината закони што се во оптек во Парламентот, некои ги донесовме, некои ќе ги донесеме во наредните месеци, овој закон според наше мислење спаѓа во редот на најсложените закони во областа на земјоделството. Во што е сложеноста ќе кажам неколку напомени.

Прво, знаеме дека земјоделското земјиште е незаменлив фактор за производство за храна. Човекот него не може ниту да го создава, ниту да го зголемува, значи е ограничено, туку може само да го загадува и користи. Прашање е сега како најинтензивно да го користи а притоа да не ја загадува човековата средина односно храната што се произведува на него и, второ како во услови на нараснати потреби на населението за објекти за живеење да се одржува и со зафаќање на земјиштето за градба, односно да се усогласи тој расчекор меѓу потребата на населението од прираст за живеење како објекти и второ, од потребата да се произведува на него храна.

Исто така, дилема е дека земјиштето не треба да го гледаме како фактор за производство само на она што е ограничен слој на земјата, туку и далеку под него, бидејќи знаеме дека под него може да има и минерални богатства, суровини и сл. Од тие причини е тешко да се концептира каква сопственост на земјиштето да се даде. Гледано и пошироко од тоа, и надвор над земјиштето треба да биде предмет на согледување, бидејќи не е доволно да се биде сопственик само на земјата, туку треба да се внимава и на, тоа што е над неа и длабоко под неа.

Заради овие дилеми, а со оглед на тоа што Уставот на РМ предвидува и гарантира право на сопственост, која што сега не е ограничена во однос на површините со кои располагаат приватните

сопственици, се определивме во законот да утврдиме два вида на сопственост, тоа е приватна и државна сопственост.

Меѓутоа, пред да објаснам во врска со решенијата од законот би сакал да кажам кои се тешкотиите при концепирањето на овој закон што треба да ги имаме предвид и при расправата, а и при натамошното подготвување на овој закон.

Прво, државното земјиште во Република Македонија нееднакво е распоредено на територијата, па оттаму не е достапно да можат сите граѓани да ги користат. Знаеме дека тоа е создавано со агромелиорации и нееднакво ќе повторам уште еднаш, е распоредено на целата територија на Македонија.

Второ, по класификација на култури и класи исто така земјиштето не е еднакво насекаде. Некаде имаме региони каде што тоа е многу побогато и може да зафаќа повисока рента, исто така поголем приход, а во други подрачја тоа е доста екстензивно и неможеме да ги третираме на еднаков начин тие специфичности.

Исто така, опременоста на идните потенцијали, која не е на сите подрачја еднаква, особено не и финансиската ниту техничката, ниту старосната структура на земјата за да можеме да кажеме дека земјата ќе ја објавиме на концесија и сите еднакво ќе стартуваат да ја користат бидејќи реков не е ни територијално сместена, ниту финансиски ниту технички, ниту старосно еднаква структурата на населението кое би било вклучено во идниот процес на производството, бидејќи земјиштето иако од правна гледна точка е ствар, предмет со кој човекот може да располага, сепак, заради карактерот што го споменав и овие особености, таа не може да биде предмет третиран како што е облеката и сл., па денес сакам да го носам утре не го носам и сл.

Тоа мора да се обработува на начин каков што државата ќе го пропише бидејќи реков дека е незаменлив фактор за производство.

Исто така, со Уставот е кажано дека мора да се гарантира на некои корисници стеченото право. Во случајот станува збор за стечајното право на досегашните корисници на земјиштето, а тоа се земјоделските комбинати и задруги кои долго години го создаваа го користеа земјиштето и се разбира од тоа уживаа свои плодови. Ако овде стриктно се примени принципот што го направија некои држави во соседството веднаш прво да се растури па потоа да се бараат решенија како тоа ќе се користи, ние се определивме да предложиме преодни решенија, со цел да не направиме такви грешки како што направија други држави. Зошто е тоа така, да не се сфати како наклоност кон досегашните комбинати туку заради некои специфики. Ќе набројам само неколку.

Прво, овие комбинати ги создаваат тие земјишни комплекси, ги создаваа со вложување со механизација, го подобрија нивниот бонитет, ја променија класата и од пасишта станаа плодни површини, на нив организираа производство кое се рефлектираше и во приватниот сектор што е евидентно јасно во државата, во тие претпријатија се сместени и големите преработувачки капацитети, кои се рефлектираа, се рефлектираат и натаму се рефлектираат на приватниот сектор и при секакво сломување на овие комплекси набрзина би имало негативни рефлекси и кај приватниот сектор. Вие знаете, седум години се бавевме со тоа како да ги трансформираме, а затоа заборавивме и на приватниот сектор кој што се најде во ваква состојба во каква што се наоѓа, и едниот и другиот сектор.

Од тие причини и други, јас би набројал многу аргументи во прилог на ова да не излезе сега дека ги бранам постојните комбинати, меѓутоа, сакам да укажам дека тоа е специфика која во Македонија е присутна и

овој концепт овозможува во иднина да се прават секакви решенија, но не набрзина, туку доста смирено со разбирање и со уходана постапка која Владата ќе ја води.

Заради сите овие, а има и други специфичности, но за да скратам ќе кажам што е тоа што законот предвидува.

Прво, државната земја, не предвидуваме да се продава, таа останува државна и може да биде само предмет на доделување на користење на два начина досега предвидени. Прво, тоа е како јавно добро, се утврдува дека е државна сопственост и нормално приватна сопственост е таа која што е гарантирана во неа се сместени и објекти а тоа се земјиштата на верските заедници.

Државната сопственост во законот ја разграничуваме, што е градежно а што е земјоделско земјиште и со тоа сите прашања околу тоа што е тоа што може да биде предмет на овој закон, а што не е регулирано во законот на начин кој особено не би го образложувал.

Второ, за делот за спроведување на законот за денационализација, кој е актуелен во моментот, има доволно земјиште, условно да кажам но се даваат флексибилни решенија кои се подредуваат на Законот за денационализација со едно укажување дека и Законот за денационализација води сметка и треба да води сметка за тоа да не се нарушуваат комплексите, бидејќи тоа води кон екстензивно производство во Републикава. Од тие причини во Законот создаваме простор, пак велам, за да се респектира тоа што е решено со Законот за денационализација односно ќе биде решено.

Без оглед на тоа дали земјата е приватна или државна за двата вида важат прописите кои се однесуваат на примената на агротехнички мерки и користење. Според тоа, сите се еднакви пред законот во однос

на одговорноста за режимот за користење на земјиштето. Тоа не би го образложувал бидејќи во законот тоа е јасно напишано.

Државната земја се предвидува сега да се дава на концесија на домашни, приватни односно граѓани и правни лица, како и на странски правни лица и на граѓани. Овде предлагаме решение во кое се заговара земјиштето да се дава на време од 30 до 40 години за овошни и лозови насади, тоа значи за трајни насади и за сточарство, односно за ниски култури заради сточарско производство до 20 години. Овој дел на решението во законот може да биде предмет и на критика, не ставивме алтернативни решенија за да не го свртиме вниманието директно, да расправаме за идеја, туку може да бидат предложени сосема други решенија односно други идеи. Сепак сметаме дека доволни се 30 години еден да го одгледува лозјето и овоштарникот, а потоа да може уште некоја година да го користи, бидејќи за тие 30 години во тоа лозје интензивно вложувал ѓубрива, правел мелиорации и сл. за да овозможиме тој корисник во еден подолг период да користи и после тоа. Со еден збор, овој принцип оди на тоа земјиштето да е на подолг период за да може во него сигурно да се вложува и инвестира.

Вториот начин на користење на аграрното земјиште е давање на земјиште на долгорочен закуп. Разликата е само во постапката на доделувањето, ништо друго, па од тие причини во интересот на времето нема потреба да го образложувам.

Во законот има една дилема која сакам да. ја потенцирам, а тоа е прашањето дали да определиме построг критериум за пренамена ва земјиштето или поблаг, за разлика од тоа што беше досега. Да информирам досега беше во законот за постојното земјоделско земјиште за пренамена на земјоделско земјиште се плаќа надоместок и тоа, забрането е да се пренаменува земјиште до 4-та катастарска класа.

Значи, може да се пренаменува само над 5-та класа. Овој пат со законот се определивме да предложиме тоа да биде и за една класа пострго, значи, да не може да биде предмет за пренамена на земјиште од петта класа. Заострувањето оди во прилог на тоа сфаќање дека земјата во изминативе години нерационално ја користевме, не влијаеше овој досегашен закон да ги ориентира нашите урбанисти да проектираат и урбанизираат населби во помалку плодни површини, на лоши површини така да речам, туку полесно е да се урбанизира во рамно подрачје и самите гледате градовите до каде се свртеа, а знаеме самите старите наши каде граделе и каде биле нашите стари градови. Од тие причини, сакаме низ закон да ја заостриме таа политика, бидејќи, ако направиме грешка сега, можеме да ја исправиме во наредните години тоа да го олабавиме, но ако сега дозволиме да продолжи овој циклус на зафаќање на плодни површини нема кој да ја исправи таа наша грешка, туку ќе не судат нашите идни генерации односно нашите деца.

Од тие причини го потенцирам ова и тука можеше да има алтернативи, сигурно ќе има и спротивни гледања, но еве тоа е и тема за која сакам да потенцирам расправа денес во тој правец, ако може да помогне со своите мислења.

Овие решенија, би сакал уште еднаш да кажа даваат можност за широка расправа, конструктивна, неоптоварени со ништо, со едно укажување пак да се респектираат досегашните состојби кои ги имаме да бараме смирени решенија, а не брзоплети, бидејќи секакво брзоплето решение би значело она што се случува во други држави, да се вратиме назад и да имаме вистинско производство и од држава која беше извозник да можеме да станеме и увозници што верувам дека нема да дозволиме да дојде до тоа.

Во телата на Собранието досега и во Комората по овој закон добивме поддршка, со укажување дека има потреба расправата освен во Парламентот да ја прошириме и во стручни кругови, за да може некои дилеми кои се во законот што се така поставени да ги разгледаме, а особено прашањето на кој начин, за да овозможиме од една страна да има трка кај корисниците на земјиштето за поголемо производство, а да не отвориме антагонизам меѓу едниот сектор, приватен, приватен што го викаме и оние кои ја косат државната земја, односно тоа да го направиме по природен пат тој кај што не ќе може да ја користи земјата да ја отстапи на оној кој ќе може повеќе бидејќи целта е земјата да ја користиме рационално, бидејќи рековме и ќе завршам со тоа, таа не може ниту да се зголемува ниту да се проширува.

Еве, само толку би рекол.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, почитуван министер, кога за некој закон ќе се изјаснат дека е сложен нашиот министер вели дека не се работи за многу сложен закон или обратно, кога ние ќе помислиме или ќе оцениме дека се работи за некој поедноставен закон министерот е со обратно убедување дека се работи за еден многу сложен закон.

Меѓутоа, пред нас е законот за земјоделско земјиште. Земјата, како и водата и воздухот се дел и дар на природата и со право се

право се третира како добро од општ интерес за Републиката. Во поранешното социјалистичко општество земјоделското земјиште беше во општествена и приватна сопственост, сега во новиот општествено-политички систем што резултира во граѓанско општество базирано на сопственоста и пазарната економија се создаде потреба од постоење на посебен правен режим на земјоделското земјиште.Наместо поранешните права на општествена сопственост треба да се оформат права на приватна сопственост. Понатаму, јасно да се дефинираат правата на користењето, располагањето и заштитата на земјоделското земјиште.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија оценува дека има потреба од донесување на Законот за земјоделско земјиште. Во полна смисла на зборот, земјиштето е неистрошливо и не претставува производ на човечкиот труд но човекот може да ја обработува земјата и да произведува храна која е од егзистенцијално значење за луѓето и за целиот жив свет. Човекот може да го напушти земјиштето, да го контролира и трајно да го пренамени од земјоделско земјиште кое се користи за земјоделско производство во неземјоделски цели.

Предлагам да се донесе Законот за земјоделско земјиште пред Законот за денационализација од причина што со законот за земјоделско земјиште ќе се штитат правата на поранешните сопственици на земјоделско земјиште, одземено со присилни прописи по втори август 1944 година. Членот 8 од овој закон, на некој начин ги исправа слабостите и недостатоците на Законот за трансформација на претпри-јатијата и задругите со општествен капитал што стопанисуваат со земјоделско земјиште. Имено, членот 8 дава можност за постепена приватизација на земјоделското земјиште што се наоѓа во државна сопственост. Но, исто така, членот 8 е многу рестриктивен, бидејќи

се предвидува можноста за давање во закуп на земјиште што е во сопственост на Република Македонија, а со кое стопанисуваат претпријатијата и земјоделските задруги и во кои се вложени средства во општествена сопственост.

Предлагам членот 8 да се дополни и со можност земјоделското земјиште, покрај давањето во закуп, да се даде и под концесија на правни и физички лица како што е предвидено во членот 38, исто така во членот да биде предвидено и продолжувањето.

Со години station Република Македонија издвојуваше финансиски средства и неповратно ги даваше на земјоделските задруги и комбинатите, а со цел да се употребат за освојување на нови обработливи земјоделски површини преку разоруваше на селски утрини, исушување на мочуришта и др. Огромни површини под селски утрини беа одземени од селата и со тогаш народни пари беа разорани и истите останаа во задругите и земјоделските комбинати.

Затоа, предлагам одземените селски утрини што сега се наоѓаат во задругите и земјоделските комбинати да се дадат под закуп на селаните, а особено предност да имаат социјално необезбедени лица, земјоделци без сопствена земја, стечајни работници и невработени лица. Ова го предлагам од следните причини.

Со години наназад утрините си ги користеле селските домаќинства што живееле на тој простор. Во селата нема никаков индустриски развој за вработување, особено за младите. Во селата живеат голем број социјално необезбедени лица и земјоделци без земја. Ќе се создаде можност за работно ангажирање на оние добри домаќини и млади лица што се определиле или веќе живеат на село. И на крајот, што посебно сакам да потенцирам, за одземеното земјиште т.н. утрини, што сега се наоѓаат во задругите и комбинатите, не постои реална евиденција.

II/1/JM/лј

**ИЛИЈА КАРОВ:** (продолжение)

Тоа земјиште или за голем дел од него корисниците не го имаат прикажано како обработливо земјиште. Затоа потребно е да се изврши една ревизија на обработливото земјиште кое што сега го користат земјоделксите задруги и комбинатите, особено да се евидентираат површините што биле под утрини. Понатаму, членот 20 да се допрецизира. Имено, со програмата што ќе ја изготвува Владата за континуирано освојување на нови обработливи земјоделски површини да се даде можност освојувањето на овие нови површини, како и нивното користење да го вршат покрај правни и физички лица, бидејќи праксата покажа дека сега оваа привилегија ја имаа само задругите и земјоделските комбинати, а не и приватните земјоделци кои без број пати се покажаа како добри земјоделци и домаќини.

Во поглавјето 4 се определува трајна и времена пренамена на земјоделското земјиште, при што начелно се забранува трајната пренамена од земјоделско во неземјоделско земјиште каде што има исклучок нормиран со овој закон. Меѓутоа, во членот 30 се предвидува плаќање надомест за трајна пренамена на земјоделско земјиште и тоа 50 кратен надомест од катастарскиот приход од вршење земјоделска дејност поради намалување на вредноста и површините на земјоделско земјиште како добро од општ интерес за Републиката. По мое длабоко убедување ставот 1 од членот 30 не е доволно јасен и дава можност од многу злоупотреби и прикривање на надоместокот што треба да се уплаќа на сметка на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Уште поголема можност за злоупотреба претставува членот 30 став 2 кој гласи: висината на надоместокот за секој конкретен случај го определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Овој концепт не е добар. Министерот за земјоделство

шумарство и водостопанство не може да определува кој колку ќе плаќа на име надомест з а пренамена на земјоделско земјиште. Затоа предлагам членот 30 став 1 и 2 јасно да се допрецизира и да се предложи нов модел или концепт околу висината на надоместокот што треба да се плаќа на име трајна пренамена на земјоделското земјиште. Јас предлагам висината на надоместокот за трајна пренамена на земјоделското земјиште да зависи од бонитетната класа на земјоделското земјиште. Затоа е потребно да се изработи една табела за поедноставно утврдување на висината на надоместокот. И при овој понуден модел можни се злоупотреби и прикривање на бонитетните класи на земјоделското земјиште. Затоа Владата на Република Македонија ќе мора да спроведе еден многу сложен проект и тоа утврдуваше на нова бонификација на земјоделското земјиште на Република Македонија. Ова би имало оправдување и од една друга причина што не би сакал сега да ја коментирам бидејќи не е на дневен ред таков закон.

И на крајот би сакал да кажам дека го поддржувам Предлогот за донесување на овој закон.

**ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-дине министре, почитувани колеги пратеници, земјоделското земјиште е еден од најбитните услови за земјоделско производство, т.е. за производство на храна што го прави посебно значајно за стопанската активност на една земја. Земјоделско-то земјиште согласно позитивните прописи на Република Македонија е добро од општ интерес за Републикава. Земјоделското земјиште како категорија поради своето значење и поради својот правен режим и специфики во нашиот правен систем се уредува со посебен закон. Пос-тојниот закон за заштита и користење на земјоделското земјиште е

донесен пред десетина години и од неговото донесување до денес дури шест пати е менуван како последица на новите општествено економски и политички услови востановени со уставот од 1991 година. Но, и покрај доста честите измени на овој закон доста работи од односите кои се регулирани со него се надминати и не се соодветни на новите општесвено-економски услови и предлагачот Владата на Република Македонија со право се одлучија да ни понуди нов законски проект. Веднаш да кажам дека предлагачот и овој пат ми нуди доста квалитетен законски проект кој е иманентен на новиот општествено - економски и правен систем на нашата земја со кој се регулира вкупниот правен режим на земјоделското земјиште кај нас. Согласно предложениот законски текст правниот режим на земјоделското земјиште го сочинуваат користењето, заштитата, пренамената и располагањето со земјоделското земјиште. Со предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште се нудат решенија кои во најголема мера одговараат на новите општествено- економски услови кај нас и се компатибилни со соодветните решенија во континентално европските правни системи. Паѓајќи од фактот дека Република Македонија е мала земја и не располага со големи пространства земјоделско земјиште во предложениот текст на Законот за земјоделско земјиште посебен акцент се става на ефикасното користење и заштитата на земјоделското земјиште. За поздравување е можноста која се нуди со предложениот законски текст, земјоделското земјиште да може да се дава на користење по пат на концесија и долгорочен закуп на домашни или странски правни и физички лица на подолг период како и одредбата со која се дава можност за востановување право на продолжување според кое земјоделското земјиште може да се даде на користење на социјано необезбедени лица како што се земјоделци без сопствена земја, стечајни работници, невработени лица, технолошки вишок и други за време до десет години. Заради сите погоре споменати работи го

поддржувам Предлогот за донесување закон за земјоделско земјиште и ќе гласам за него. Но,и покрај сите наведени квалитети на предложениот законски текст имам неколку забелешки на истиот. Сметам дека во одредени случаи се оди со доста строги законски норми со цел да се нагласи потребата од ефикасно искористување и заштита на земјоделското земјиште. Таков е случајот во членот 11 каде меѓу другото стои дека ако земјоделското земјиште остане необработено две последователни години без за тоа да постои настан кој не можел да се предвиди, попречи, или отстрани, виша сила, може да се даде на користење на друго домашно правно, или физичко лице врз основа на закуп и со плаќање надомест до пет години. Меѓутоа, се поставува прашање со каков механизам и со кои инструменти ќе се реализира во пракса оваа законска одредба. Бидејќи од понудениот текст тоа не може да се види. Да споменам дека ваква слична одредба постои и во досегашниот закон, но, не ми е познато дали во досегашната пракса ваквата одредба нашла своја практична примена, па се плашам дека без механизам и инструменти за примена и во иднина оваа одредба може да има само декларативен карактер. Затоа сметам дека оваа одредба треба да се преиспита, а стимулирањето и поттикнувањето на користењето и обработката на земјоделското земјиште треба да биде на друг начин може би и со казнени одредби покрај другото.

Сметам дека членот 15 од предлогот за донесување на Законот за земјоделско земјиште кој што зборува за заштита на земјоделското земјиште од ерозија погрешно е сместен во делот користење на земјоделско земјиште и по мене посоодветно е да биде во делот трети заштита на земјоделско земјиште.

II/5.-

Понатаму, мислам дека е за преиспитуваше и ставот 2 на член 30 каде е дадено овластуваше на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство тој за секој конкретен случај да ја определува висината на надоместокот кога се врши пренамена на земјоделското земјиште. Сметам дека посоодветно би било министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со посебен пропис да утврди мерила и критериуми врз основа на кои ќе се утврдува висината на надоместокот. Според мене, за преиспитување е и членот 36 во кој се уредува правото на првенство при продажба, размена, или закуп на земјоделско земјиште во корист на сосопствениците и соседите. Мислам дека во услови на прокламирани со У ставот слобода на пазарот и претприемништвото се врши ограничуваше на правото и слободното располагање со сопственоста во услови на пазарно стопанство, или барем дека оваа одредба е строга во тој поглед и по мене доволно би било кога правото на првенство би било само во корист на сосопствениците, а не и на соседите.

Со членот 48 од Предлогот на законот уредено е дека одлука за засновување на право на плодоуживање донесува Владата на Република Македонија. Сметам дека ваквата одредба ќе претставува оптоваруваше за Владата, бидејќи во пракса ќе се среќаваме со случаи на доделу-вање на ситни парчиња на земјоделско земјиште на социјални случаи, стечајни работници, невработени и други. Според мене мислам дека е порационално ова да биде работа на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

И на крајот уште една забелешка на одредбата од член 53 став 2, со кое е дадено овластување на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да одлучува по жалба против решение на

инспекторот за земјоделство. Со една ваква одредба не се запазува принципот на двостепеност при одлучувањето во управна постапка. Се надевам дека овие мои забелешки ќе побудат интерес кај предлагачот и ќе бидат земени во предвид во следната фаза од постапката за донесување на законот за земјоделско земјиште.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, оваа одамна започната и сеуште незавршена седница на Собранието на Република Македонија според точките што се утврдени во нејзиниот дневен ред слободно. може да се каже дека е седница што е посветена за донесување на законите за нашиот аграр кој подолго време е тотално расклатен. Велам расклатен затоа што нашето земјоделско откако се избрка од државниот буџет тоне во невидени тешкотии. До неодамна го викавме дека ни е дирек на државата. Тој дирек г-до трули, а домашната храна се помалку ја има на сиромашнава трпеза. На оваа маратонска седница го донесовме законот за сточарство, расправавме по нацрт законот за денационализација, според кој на селаните од селата треба да им се вратат над 100 илјади хектари ораници, бавчи, утрини, пасишта шуми, и друго шумско земјиште Помина мојот предлог за донесување на закон за премии, за млеко, пченица, шеќерна репа, сончоглед и маслодајна репа. Дадовме виза на Законот за ветеринарство, а на денешнава седница, односно на денешново продолжение од оваа седница расправаме и за Предлогот за донесување на Законот за земјоделско земјиште. Г-до пратеници овие закони за аграрот требаше и мораше да бидат донесени одамна, а не денес да расправаме дали има потреба, или нема потреба од нивно донесување. Јас пред да ги кажам моите забелешки на Предлогот за донесување на законот за земјоделско земјиште сакам да му упатам на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство м-р Киро

Докузовски, признание за неговото ангажираше во изработката на овие законски акти и закони што се донесени за аграрот во текот на неговиот министерски мандат. Нашиов народ вели: така се работи. Г-дине министре вашите ветувања дека како што реков пред малку расклатениот аграр за кусо време ќе ги добие своите закони за работа во новите услови, во новиот систем станаа стварност.

Сега останува да ве прашаме, кога пред пратениците ќе стигне законот за земјоделско задругарство и тој како и овие закони има посебно значење за животот и работата на селата и селаните. Правилата за работа на овие би рекол сервиси за повеќе храна од селските имоти треба што побрзо да се озаконат во рамките на законите што ни ги бара новиот систем за работа. Македонското задругарство не заслужува таков однос во сферата на новото задружно законодавство. Инаку, и јас го поддржувам предлогот за донесување на законот за земјоделско земјиште. Ако се имаат во предвид фактите што се со овој закон треба да се регулира во аграрот може да се рече дека овој закон е закон над сите закони на аграрот. Со него земјоделското земјиште што со член 2 од овој закон се прогласува за добро од општ интерес на државата треба да се користи и заштитува според потребите на нацијата во идниот век да имаме доволно храна од нашиве домашни полиња, да не даваме девизи за жито, шеќер, млеко, пченка, месо и кои не други селско стопански производи. Овој закон може да се каже дека претставува устав за аграрот и кон неговото донесување мора да му се пријде со посебно внимание и во парламентот и во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Законот за земјоделско земјиште треба да биде закон што ќе понуди најдобри решенија за прашањата и проблемите што се врзани околу искористувањето на земјоделското земјиште за неговата пренамена од земја за храна во

земја за се и сешто освен не за производство на храна и стопанисувањето со земјоделското земјиште било во државниот сектор, или во приватниот сектор.

Во врска со моделот што се нуди за тоа како треба да изгледа овој закон моите забелешки се однесуваат на прашањата со купопродажбата на земјата, за закупот на државната земја и санкциите што можат да се преземат над селаните ако две години едно по друго не ја ораат и сеат земјата со разни земјоделски култури.

Би кажал нешто и за освојувањето на нови земјоделски површини со разорување на утрини и пасишта.

Почитувани пратеници и министре. Прашањето како во наредниов период ќе се врши купопродажбата на земјоделското земјиште за кое сакам да зборувам овој модел на Законот на земјоделско земјиште е регулирано во член 36. Во него повторно се воведува правото на првенство кое пред 2, 3 години беше укинато од страна на Уставниот суд на Р. Македонија. Значи, ако еден од комшиите продава земја, истиот е должен да го покани на пазар за продажба на таа земја првиот комшија со земјата, или со сопственикот. Ако не дојде до меѓусебна купопродажба земјата може да ја купи било кој и било од каде. Г-до, ваквите правила за купување и продажба на земјата знаете што ни донесоа во изминатиов период, оживување на колонизацијата во Македонија и претворање на македонското село и поле, во село и поле на туѓинци,на дојденци од други држави од БиХ, Косово, Србија, Албанија. Летово вакви апетити можеа да се забележат и од соседна Бугарија Г-до, слободниот дел на Македонија односно матицата на сите

II/9.-

македонци од оите поробени краишта не смее да дозволи вакви ризилуци со својата земја. Нашата мала државичка е премала на нејзината територија да се создаваат територии на туѓинци. Оваа земја што ја имаме денес е натопена со крв и пот од нашиве предци и преминувањето на нејзината сопственост мора да се води посебна национална грижа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Нашите претци што во сите востанија загинаа за Македонија ќе се превртуваат во своите гробови кога би го виделе нејзиното парчење со овој и со другите закони.

Денес кога веќе ја отвораме оваа тема а јас како селски пратеник ќе барам и посебна собраниска расправа за овој проблем, мораме да ја обелодениме политиката што преку купопродажбата на земјата ја водат некои надворешни агентури сместени кај нас или надвор од нашава земја. Со нивна помош во Македонија се даваат големи пари за земја, се со една цел, брзо остварување на идеите - чија е земјата негова е државата. Господа, со овој член од Законот нема одбрана од ова зло за Македонија. Затоа во овој член предлагам да бидат вградени уште две други законски регулативи.

Во понудениот модел на законот за земјоделско земјиште, покрај правото на предимство за купување на земјата, предлагам да има уште две други како што реков регулативи.

Прво, да не се дозволи купопродажба на земја кога учесниците на купопродажбата се од различни атари.

Второ, кога купопродажбата не се изврши помеѓу комшиите на земјата што се продава, земјата да ја купи државата и таа да располага со неа. Дали ќе му ја даде на користење на комбинатите или на приватните земјоделци, е право на државата.

Ако со овој закон се воведува правото на плодоуживање на земјата, чија земја државата ќе им ја даде под закуп на стечајните работници или на вработени граѓани, на социјални работници или на други категории. Ќе ги растура ли постојните комплекси на задругите и комбинатите. Сигурно не.

III/2.-

Во Нацрт-законот за денационализација не се предвидува враќање на одземените имоти на поранешните сопственици што се наоѓаат во тие огромни комплекси. Тогаш како ќе се остварува правото на плодоуживање на земјата. На која земја?

Мислам дека во рамките на овој закон треба да постои фонд за купување на земја. Во тој фонд би оделе парите од пренамена на земјата и други извори. Зошто во тој фонд да не одат и средствата што комбинатите и задругите треба да ги уплаќаат на име на закуп на државната земја.

Инаку, како што знаете ние минатата година кога го носевме Законот за трансформација на аграрот, комбинатите и задругите ги ослободивме пет години да не плаќаат никаков закуп за државната земја.

Понатаму, и во причините поради кои треба да се донесе овој закон и во неговото образложение, меѓу другото се вели дека државното земјиште постепено треба да се приватизира како обврска на државата спрема Светската банка. Тоа го пишува во овој модел од законот. Оваа обврска е јасна, 15% од државната земја со која сега стопанисуваат претпријатијата и земјоделските задруги, треба подеднакви услови да им се даде и на други правни и физички лица. Но, оваа обврска не е регулирана во овој закон.

Зошто таа обврска не се споменува баш во ниеден член од споменатиот закон. Зошто господа постои страв, ако 20 или 30 илјади хектари државна земја им се даде под закуп на селаните или другите правни лица, дека Македонија ќе пропадне во областа на аграрот. Ќе нема леб, млеко, масло, месо, шеќер. Зошто не им се верува на селаните дека можат да бидат сила за производство на храна. Тие господо, и досега беа таква сила, само некој ја негираше за да ги оствари своите идеали, во стариот систем.

III/3.-

Ако на селаните им се дадеше едно делче од она што со децении им се даваше на задругите и комбинатите, во стариот систем, денес тие нема да беа доведени на сегашното лошо дереџе, а задругите и комбинатите се виде господо, до каде стигнаа со исклучок на неколку комбинати меѓу кои е и комбинатот "Пелагонија".

Прашувам, дали мерките и активностите за задоволување на условите пред Светската банка, со кои требаше да се одземат по 15% од корисниците на државното земјиште и им се дадат на селаните, што пред една година беа објавени во фактите за приватизација на Агенцијата за приватизација, беа обични фарси пред Светската банка, додека да се добијат кредити или се чека некое подобро време за нивна реализација. Ако со нив се вадеше Свеската банка додека да се пушти некој кредит е друго прашање. Лично мислам дека и така е. Ако не беше така оваа обврска ќе најдеше место во овој закон.

Поранешниот министер за земјоделие ветуваше дека оваа обврска ќе се реализира по собирањето на родот од површините што треба да се дадат на користење на селаните. Но од тие ораници се собра родот, сега е поставена нова сеидба. Значи ветувањата на поранешниот министер се изјаловија.

Сегашниот министер на ова прашање мислам дека дава некој одговори, меѓутоа, неприфатливи ни за мене ни за селаните. И кај него постои страв дека ако се одземат овие 15% од површините на комбинатите и задругите, отиде Македонија во областа на аграрот и ќе не најде судбината на Бугарија.

Господине министре, македонските селани се многу подалеку од бугарските селани и никогаш немојте да се плашите дека Македонија ќе ја најде судбината на Бугарија, ако тие 15% од површините што денес ги користат земјоделските комбинати и задруги, а тоа се најубавите

површини, површини од прва, втора и трета класа, површини од системите за наводнување, површини крај селата. Ние нашите селани ќе ги натераме уште повеќе да работат. Но, сигурно, вие најдобро знаете каде се наоѓаат површините на нашите селани. Тие се наоѓаат таму каде што желките секој ден прават фестивали, најсиромашните површини.

Добро би било некој од Владата да каже дека од оваа обврска не бидува ништо и селаните да не чекаат закуп на државна земја.

Тој што досега вложил огромни пари во изградба на мини кравarски фарми со надеж дека ќе добие дел од таквата земја, нека му е напомош,како ќе животари подоцна.

На крајот би кажал нешто и за правата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Доколку земјоделското земјиште остане две години едно по друго необработено, да му го одземе со некој попис и да го даде на користење на друго лице, се разбира под закуп во времетраење од пет години.

Мислам дека овој член од понудениот закон треба да се брише. Најпрво со овој член се нарушува правото на сопственост загарантирано во Уставот. Со него државата се обидува, мора отворено да кажеме селаните и натаму да ги експлоатира, да произведуваат евтина храна и да бидат чувари не нејзиниот социјален мир, да работат на своите имоти колку за лебот односно како што вели народот "како волот за сламата".

Оваа регулатива тврдам дека не може да се примени во тактиката и покрај тоа што ќе биде донесена. Незнам кој ќе биде тој закупец што може да влезе и да ора туѓа нива, одземена со овој закон.

Господо, ако од работата на земјата има ќар, сопственикот не би ја оставил таа земја не орана и не би му дал можност министерот да се занимава со некој пропис да му ја одземе оваа земја и да му ја даде на друго лице.

III/5.-

Како може на некого да му се одземе земјата затоа што две години не ја ора и не ја сее, а државата со ништо не го помага селско - стопанското производство: нема премии, нема регреси, нема гарантирани цени, нема сигурен откуп, нема навремена исплата на откупеното производство.

Како ќе сее пченица со откупна цена која е донесена пред четири години. Како ќе сее шеќерна репка со цена што е донесена пред четири години. Како ќе сее сончоглед со цена што е донесена пред четири години, а репроматеријалите за овие четири години се скокнати 100%. Или како ќе ора една нива, еден земјоделец кога горивото го плаќа по цени што важат за луксузните автомобили што се движат по нашите магистрали и автопати. Тракторот ора во нивата а плаќа 24 денари нафта. Како земјоделците ќе сејат шеќерна репка кога за нивното производство државата не води никаква грижа.

Сега за сега имаме поделеност на ова производство. Државното производство на шеќерна репка се плаќа по 2.36 денари, а приватното по 2 денари. Незнам како министерот ќе реагира на ова монополско однесување на фабриката за шеќер.

Господо, дојде времето состојбата со селото од корен да се менува. Селанецот не може и натаму на ранг на листата на примањето да биде со чистачот на улицата кој исто така е селанец што заради лошите состојби во аграрот го напушти селото и дошол да ги чисти градските улици. Може ли на селанецот кој, заради тоа што на свој мал земјоделски имот не сака да сее загуба и ќе го остави тој имот под угар да му се извлече таква казна. Така ли нашиот устав ја гарантира нашата сопственост. Дали постојат такви казни и во други стопански области во нашава држава. Ќе му се одземат ли на некого дуќаните среде Скопје што подолго време се заклучени. Сигурно не. Дуќанот е дуќан и околу дуќанот има друг газда а не селанецот.

На крајот би кажал нешто и за намерата на државата со овој закон со овој закон да освојува нови површини. Станува збор за разорување на тие утрини што останаа по селата и некои пасишта за кои комбинатите и задругите имаат апетити да ги тргнат кон своите блокови.

Јас сметам дека овој член од Законот треба да се брише. Ние треба на големо да работиме, утрините и пасиштата да им ги вратиме на оние што пред 20-тина години им ги земавме, а не денес да им ги разораме и тие утрини што им останаа во селата.

Се надевам дека дел од оваа дискусија ќе најде место во новиот модел од овој закон.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Дами и господа,

Со самиот чин колку предизвика интерес овој закон во државата а еве и тука во Парламентот, јасно зборува дека се работи за еден многу значаен, многу осетлив и многу карактеристичен закон. Тој се гледа и од повеќе аспекти, и од политичко безбедносен аспект,од социјален и од економски аспект.

Нема земја во светот која го почнала својот развој а да.. не ги уредила односите во однос на земјата и земјоделието. Нема земја во светот која својот развој не го почнала со развојот на земјоделието, без оглед колку имала за тоа климатски и други погодности. Денес високо развиените земји и земјите во развој на земјоделието и уредувањето на односите во земјоделието, му посветуваат големо внимание.

Ако сака некоја земја да биде независна, безбедна и тн, таа земја, пред се мора да обезбеди доволно храна за своето население, а тоа значи дека целокупниот земјишен потенцијал мора да се стави во корисна функција, во производство на земјоделски производи, во производство на сточарски производи, на полупроизводи, готови производи и тн.

III/7.-

Колку е тоа значајно, јас ќе кажам неколку примери. На пример една Јапонија која има најнеповолни услови во производство на земјоделско производство не го напушта производството на оризот кое четири до пет пати е поскапо отколку што е во околните земји, во Тајланд, Малезија, Филипините, Виетнам и тн. Не го напушта тоа производство затоа што во одредени кризни моменти предизвикани од различни аспекти, Јапонија би била зависна и би била ставена во една неповолна положба во однос на исхраната. Или уште еден случај тоа е Саудиска Арабија која ги произведува целокупните количини за своето население, а пченицата ја чини некаде околу 2,5 пати поскапо отколку да ја набави на светскиот пазар. Тоа се два примери, меѓутоа, тоа се речиси огромен број на примери во светот каде земјите кои држат до себе до една политика и стратегија и до својот народ, на прв план го ставаат прашањето на исхрана.

Од социјален аспект е многу значаен развојот на земјоделието и уредувањето на овие односи затоа што кај нас најголемиот дел од населението сеуште живее на село и затоа што таму практично се наоѓа и најнеквалифуваниот дел од нашето население и затоа што оваа област може во голема мера да ја ублажи состојбата на невработеноста во државата.

Од економски аспект оваа работа има големо значење затоа што земјата е неисцрпен извор на создавање на материјално богатство. Вие можете да имате рудно богатство, меѓутоа тоа рудно богатство има време на свое исцрпување. Тоа не се создава повторно, тоа не се раѓа повторно. Тоа со експлоатацијата полека се смалува ни еден ден не станува. Меѓутоа производството на земјата е непрекинато. Потребно е земја,вода, сонце, ѓубрива, семе, па тогаш производ кој се материјализира, каде што се создава материјална широка база за една држава и еден народ. Според тоа никој денес во светот не се откажал од тоа производство или не одел на тоа да го доведе во подредена положба.

III/8.-

Меѓутоа, ако погледнете уште во почетокот за причините за донесување на овој закон се вели дека е една од причините затоа што сме ние во транзиција, затоа што поминуваме од еден систем во друг и затоа што се менува сопственоста е причина за донесување на овој закон. Јас би рекол дека не е ниедна од тие причини.

Ние и во поранешниот систем имавме 80% земјиште во приват-ниот сектор а само 20% во општествениот сектор. Сега тој поминува во државен сектор во државна сопствен, а тоа е, како што велат луѓето е иста работа. Според тоа не е тоа причината. Причината треба да биде во друго а тоа е што законите до денес не се извршуваат.

IV/1.- СС-ВБ

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (продолжение)

Најголема трагедија за нас, мислам и за други земји што се во транзиција е што нашите површини, плодородни површини, непрекинато се намалуваат во непродуктивни сврхи. Практично, најубавите делови се зафатени во градовите со градежна изградба, со изградба на станови, куќи, станбени објекти, фабрики, индустриски објекти.

Тука, во своето уводно излагање и министерот рече дека нашите дедовци, прадедовци, нашите татковци своите куќи и објекти ги граделе на најпасивните терени, тие што не можат да се обработуваат. Денеска, едно тотално расипништво. Најубавите терени, практично, се уништуваат, а непотребно.

Да го погледаме Скопје, во кој правец се развива? Во правецот каде што беа полињата под житни култури, пченка, пченица, јачмен, каде имаше овошни лозови насади итн. А, терените на падинските делови, ридско-планинските терени, тие денеска се празни. Чудно е што падините на Водно не се наполнети со индивидуална градба. Чудно е што терените кон Волково, кон Скопска Црна Гора, кон Тетово кои не можат за ништо друго да се користат не се користат за станбена изградба.

Тоа што сега се предвидува дека не може да се направи пренамена на земјиштето, тоа го имавме и до сега. Таков закон и до сега постоеше. Меѓутоа, законот не се спроведуваше. Според тоа, ако донесуваме закон, тогаш мора определбите да бидат цврсти, тој закон да мора конкретно и јасно да се спроведува. Да не може да се гради на површини, терени, што се обработливи. И, да нема никакви причини да се отстапува до тоа. Или, ако мора да се направи пренамена, тогаш мора да бидат прецизно назначени случаите кога се работи за површински копови, за експлоатација на јаглен или на други минерални блага.

IV/2.-

Меѓутоа, во законот мора да се предвиди дека после завршувањето на таа експлоатација, како што е и во целиот свет предвидено, во развиениот свет, тие површини да се доведат во првобитна состојба. Во состојба корисна, јас би рекол. Можеби на некој од тие површини можат да се направат и акумулации, чија вода пак би се користела за развој на земјоделието.

Затоа, треба да се прецизира потполно во корисна состојба или првобитна или да се стави во една ваква функција. Инаку, ако вака продолжиме а состојбата ни е, во однос на обезбедување на земјоделски производи многу лоша, само 50% како држава ги покриваме потребите на зрнеста храна, на пример. Како резултат на тоа 150 илјади тони годишно, можеби и повеќе, ако се земе предвид и пченката увезуваме во Македонија зрнеста храна, како за човечка прехрана, така и за добиток. Затоа немаме доволно месо, немаме производи од месо, немаме доволно млеко, млечни производи итн. Ако продолжиме понатаму ќе дојде ден кога ќе увезуваме и 70% и 90%. Затоа ние сме,како генерација, пред идните генерации одговорни да се стави крај на ова, јас би го нарекол, на еден начин безумие.

Некои општини тоа го увидоа на време и своите урбанистички планови ги направија и преправија. Сега треба Министерството да побара, Министерството за земјоделие да се ревидираат урбанистичките планови што се направени и изградени и до сега, и градбата да се ориентира на терени што не се погодни за земјоделски дејности.

Многу е чудно што од 632 илјади хектари земја 80% се наоѓа во индивидуалниот сектор а во општествениот сектор 20% 50% се обезбдува храна преку општествениот сектор. Се поставува прашањето зошто?

Една од причините и претходниот пратеник ги кажа:

концентрација на квалитетна земја што во најголема мера се наводнува,

примена на високи агротехнички мерки, стручност итн. Меѓутоа, 80% земја се наоѓа во приватниот сектор а да не го дава барем приближно производството на другите 50%. Тоа е чудна работа. И, нема одговор на тоа прашање.

Еден од одговорите, за тоа што секој ден го гледаме, е што голем дел од таа земја не се обработува. Тоа што се предвидува во членот 11 да се одземе земја поради тоа што не се обработува, јас се плашам дека е тоа неуставно. Дека законот може да дојде во прашање, неговата приемна. Тука треба да се изнајдат многу поелегантни и многу поконкретни решенија. Сигурно дека најголемо решение во тој домен е да се создаде интерес кај луѓето да работат земјоделска дејност, а тоа е со обработката на земјата да се обезбедува пристоен живот. Тоа значи со ред решенија во сферата на кредитно монетарната политика, во сферата на буџетската политика, во другите делови да се создадат такви услови земјоделието да се направи профитабилна гранка. Тогаш луѓето сами ќе трчаат сами да ја обработуваат земјата. Не треба со никакви декрети, со никакви наредби, со никакви закани, казни итн.

Според тоа, сега треба на тој план да се работи, како да се развие една широка инвестициона политика во земјоделието, како да се обезбеди откуп на земјоделски производи и по кои цени, како да се обезбеди пласманот на ред производи што одат за извоз? Како да ги направиме попримамливи тие дејности од аспект на премии, регреси итн. итн. Многу брзо и елегантно се откажавме од тие мерки, за разлика до високоразвиените земји што денеска имаа големи протекционистички мерки во областа на земјоделието и земјоделската преработка. Според тоа, тука треба да се направат напори.

Втора причина што јас мислам дека треба брзо да се уреди е наследството на земјата. После смртта на сопственикот на земјата обично ја наследуваат деца. Тие денеска не покажуваат интерес,поради

плаќање на даноците да си го уредат тоа наследство. И, според тоа, нема кој да ја обработува таа земја. Тоа прашање ќе мора многу брзо да се уреди, да се направи.

Пак да се вратам на мојата мисла, ние ќе донесеме закон. Меѓутоа, која е гаранцијата дека законот практично ќе се спроведува? Ако имаме сила тоа да го направиме, тогаш и досегашните закони се добри.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Живко Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Денеска пред нас е еден многу значаен закон, еден од главните фундаментални закони, ако може така да се каже, каде што пред се треба ние како пратеници да ги гледаме интересите на самата држава, а не индивидуално да гледаме како повеќе ќе ни одговара овој закон.

Знаете, во неодамнешното минато што се случуваше во нашето најблиско соседство. Како се доведе некои од тие држави што беа поголеми извозници на храна, поголеми производители на храна се доведоа во ситуација да не можат да го прехранат своето население.

Мислам дека тоа доведе токму од расцепканата на земјата што самите си ја направија. Таа расцепканост подоцна, навистина, факт беше дека не можеше никако да се произведува, не можеше да се обработува со таа огромна механизација што беше набавена и подоцна паркирана.

Ова треба да ни биде едно големо искуство што не смееме да го направиме. И, како што реков на почетокот, не смееме да гледаме само индивидуално, како нешто би придобиле. Поважно е интересите на државата да се запазат за да не се доведеме во оваа ситуација.

Пред се, овој закон, би нагласил, ги дава насоките за натамошното функционирање на земјоделското производство во нашава држава. Практично од овие настанати состојби што ги спомнав претходно кај соседите треба да ни бидат навистина големо искуство. Знаете што може да се случи доколку и ние ги направиме истите грешки.

Тоа што претходниот дискутант кого потполно го поддржувам, спомна 20% од земјата се наоѓа кај општествениот а 80% кај индивидуалниот сектор, оние 20% обезбедуваат 50% и повеќе од 50% храна. Тука е во прашање дали не е во прашање онаа земја, 80% што се наоѓа кај индивидуалниот сектор дека целосно не се обработува, дека има доволно слободна земја што треба да се искористи. Не велам дека се во прашање самите индивидуалци. Меѓутоа, сепак треба да се запраша и државата зошто овие 80% не се користат доволно. Можеби има некоја вистина дека во едниот сектор има подобра, поквалитетна земја, меѓутоа, јас не би рекол дека и во дел од индивидуалниот сектор нема доволно добра земја а се добиваат помали приноси.

Јас мислам дека се во прашање некои други мерки што треба да се предложат до Министерството за земјоделие, што треба да се преземат. А, се се врти околу субвенциите на земјоделските производи. И околу старателите на онаа земја што ја поседуваат.

Но, добро е од друга страна што Владата веќе добро размислува за задржување на овие веќе оформени блокови, да не дојде до расцепкување, да не не води кон онаа ситуација како што се случуваше во некои од земјите.

Дека во тоа треба да веруваме покажува и фактот што Владата веќе презема соодветни мерки и прави добри потези и со размислувањата вградени во овој закон, каде што се изјаснува за окрупнување на земјоделските парцели и зачувување на тешко оформените блокови.

Истовремено, ако се има предвид дека минатата година беа направени добри потези кај откупот и пласманот и наплатата, исплатата на градинарските култури, исплатата кај пченицата, тутунот, шеќерната репа и другите култури, како и натамошното ангажирање на Владата по однос на стимулирање на земјоделското производство. Неизбежна е корекцијата што треба да ја направи на цените кај одделни земјоделски култури. Мора да се направи корекција кај цената на сончогледот, корекција кај цената на пченицата, шеќерната репка и тутунот, бидејќи во една информација од самото министерство беше дадено колку се трошоците за производство на еден килограм пченица. Таму беше наведено дека тие трошоци изнесуваат 10 и нешто, 10,30 или 10,40 денари. Потоа, обезбедување поволни кредити, а на добар пат оваа гранка е навистина да си го добие своето место во нашата држава.

Истовремено, земјоделските производители ќе бидат поттикнати да произведуваат и многу повеќе. Оттука она што викаме од толку многу земјиште се произведува многу малку, мислам дека доколку се запазени овие мерки, мислам дека и индивидуалните земјоделски производители ќе го достигнат тоа ниво, можеби и поголемо што веќе го имаат постигнато земјоделските комбинати и задруги.

Често пати се пренагласува потребата од доделувањето на земјата на земјоделците. Како да заборавме дека оние 80% од земјоделското земјиште е сопственост на индивидуалните земјоделци, а само 20% земја останува за обработување во веќе трансформираните претпријатија. Колку од вкупно обработливото земјиште, земјоделско земјиште во нашава држава не се обработува? Односно е напуштено?

Убеден сум дека нема доволно земја и без растурање на големите комплекси да се задоволат потребите на секој вистински земјоделски производител, како и да се исправат направените грешки во минатото по однос на одземеното земјиште. Тоа, секако тие грешки ќе се исправат и со Законот за денационализација каде што во тој закон е наведено дека секој кому е одземена неправилно земјата, ќе му биде повратена.

За сето ова да се постигне, од пресудно значење е спроведливоста на законот за земјиште во пракса. А, за да се оствари таа цел, истиот треба да е прилагоден врз реални основи.

Овој закон за да стане стварност потребно е за наредната фаза голем број предлози што овде произлегуваат, а пред се забелешките што произлегоа во Комисијата за земјоделство каде што беше присутен и министерот, потребно е да бидат вградени во законот за земјоделско земјиште.

Почитувани пратеници, почитуван министре,

Добро е што преку овој закон се определуваме за еднаквост на субјектите на пазарот. Потоа, за окрупнување на земјоделското земјиште, односно за избегнување на расцепканоста на земјата.

Овој предлог што е даден од страна на Владата е за почитување и поради фактот што во изминатиот период правени се огромни напори преку вложување огромни финансиски средства за да се направат денешниве блокови што веќе изнесуваат со големина од 80, па и 100 хектари на еден блок, на кои е направена комплетна мелиоративна мрежа за одводнување, поставена е соодветна скапа опрема за наводнување преку соодветни агро-мерки одржувани и во извесна мерка е подобрен квалитетот на почвата, што е еден од факторите за добивање на високи приноси. Штета би било, навистина, сето ова да се растури и да се расцепи.

IV/8.-

Во најголем дел ова беше правено во комбинатите и задругите каде што се добиваат високи приноси на земјоделски култури, каде што се применува висока технологија, каде што се набавени најсовремени механизации од светски ранг, каде се вработени илјадници вработени и кои што на државата и возвраќаат до друга страна со обезбедување огромно земјоделско производство.

Но, истовремено сакам да ве запознам дека овие, веќе трансформирани комбинати, во текот на нивното работење не жалеа да издвојат финансиски средства за сметка на своите лични доходи. Купуваа земјоделско земјиште за формирање на тие блокови односно да придонесат за намалување на расцепканоста на земјата. А, истовремено да придонесат и за добивање што поголемо количество храна во нашава држава за прехранување на населението.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:** (Продолжение)

Од тие причини мора да се има предвид она земјоделско земјиште што е купувано со издвојување на лични доходи, наместо еден работник да прима 10 илјади денари, примал 8 илјади денари, или 6 илјади денари како да го купи тоа земјиште или да ги оформи тие блокови. Од тие причини предлагам и конкретно ќе се префрлам на забелешките на Законот во членот 7 да се додаде нов став 2 кој ќе гласи: "Земјоделското земјиште купено со надоместок од претпријатијата што стопанисуваат со него пред нивната трансформација со сопственоста, како со договор за купопродажба, така и со друг акт за прибавување на земјиштето со надоместок станува сопственост на трансформираното претпријатие.

Исто така, барам уште еднаш да се преиспитаат членовите 47, 48 и 49. Мојот став по истите е комплетно е да комплетно да се избришат не заради друго, туку заради запазување на начелото за еднаквост односно за еднаква правна положба на сите субјекти во државата. Мислам дека ќе се направи голема грешка ако овие членови останат и ќе имаме поделба на граѓаните на нашата држава на привилегирани и непривилегирани. Има начини ако се сака да им се овозможи концесии и закупи и да работи секој граѓанин на нашата држава.

При донесувањето на законот за трансформација на земјо-делските комбинати и задруги беше прифатен еден многу значаен амандман кој се однесуваше на користењето на земјоделското земјиште и беше прифатено во првите 5 години да не се плаќа закупнина на земјоделското земјиште. Од таму произлегува и се обврзува и во овој закон да се опфати овој член, па затоа и предлагам во член 58 да се

додаде нов став 3 кој ќе гласи: "При воведувањето на односите во врска со натамошното користење на земјоделското земјиште од став 2 на овој член 5 години трансформираните претпријатија односно земјоделските задруги да не плаќаат закупнина". Ако се прифати овој амандман нелогично е во овој закон да не биде предложен истиот тој амандман.

Следната забелешка каде што барам исто така да се преиспита е членот 36 каде е регулирано правото на закуп со предимство на најблиските соседи. Ова господа пратеници и порано го имавме и добро ни се познати проблемите што ги имавме. Знаете односи сосед со сосед и други слични работи кои придонесуваа никогаш сопственикот да не може да го продаде земјиштето беше попречуван од соседите. Мислам дека ова треба да се избегне.

На крајот неколку збора, практично и се враќам на членот 12, односно забелешка на членот 11 каде се предвидува оние земјоделски производители, сопственици на земја кои нема истата да ја обработуваат 2 години, државата односно Министерството ја одзема и преку концесира во рок од 5 години ја дава на друго лице. Сметам дека не е во ред и потребно е да се изнајде друг начин за да се натера земјоделецот да ја обработува својата земја. Мене ми е сватливо, ова е присутно и во некои држави како земјиштето се одзема и се доделува на други сопственици, односно на други производителите на користење на одреден рок на користење, меѓутоа, кај нас, во нашата држава сеуште не се созреани условите на ваков начин да се одземе земјиштето и да се додели на друг земјоделец, кој ќе го користи ова земјиште 5 години. Мислам дека има

други начини на кои може да се обврзат земјоделците да ја обработуваат својата земја.

Уште една забелешка, незнам точно на кој член, меѓутоа во врска со концесијата, земјиштето кое се дава под закуп односно концесија. Мислам дека таму гласеше од 10 до 30 години. 30 години, како што рече министерот се однесуваше на овошни насади, а 10 години на оние земјоделци кои произведуваат земјоделски култури, ниски земјоделски култури.

Сметам дека испод 30 години нелогично е да се дава земјата под закуп или концесија, бидејќи, на пример, ако земјата се даде на 10 години како би изгледало сопственикот д ја земе, а тоа испаѓа дека само треба да ја уредува привремено, а не да гледа долгорочно, односно нема да оди на подобруваше на квалитетот на тоа земјиште, бидејќи со 10 години се премалку за да може да вложи многу повеќе за да може да го подобри земјиштето, а од друга страна да го оплоди тоа земјиште. Мое мислење е и ќе стојам на тоа да концесијата односно закупот биде на 30 години.

Овие предлози би требало министерот добро д ги анализира, а поголемиот дел и да ги прифати, бидејќи се однесуваат, односно се од пресудно значење на овој закон за да добие практично применливост на предложените решенија во законот.

На крајот предлагам овој закон да оди во две фази, со што побрзо би се решиле овие проблеми во нашата држава.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

И јас исто така се придружувам кон оние пратеници кои што дадоа поддршка на предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште бидејќи и јас сметам дека постојните односи и состојби во оваа сфера кои досега беа регулирани со Законот за искористеноста на земјоделското земјиште се надминати. Меѓутоа, мислам дека нема да бидеме коректни и реални ако кажеме дека сепак и во постојниот закон има одредени решенија кои што се добри односно кои што не се толку лоши, колку што предизвикаа лоши последици во праксата.

Јас сакам да спомнам во врска со пренамената на земјоделското земјиште кое исто така е регулирана со постојниот закон. И таму беше забраната пренамената од 1 - 6 бонитетната класа, колку што се сеќавам, меѓутоа, како што спомна еден од претходните дискутанти, за жал сепак многу плодно земјиште во државата сега е зафатено наместо со земјоделски култури, со станбени згради и индивидуални куќи. Примери колку и да сакате. Освен причината дека не се почитува законот може да се бараат и други причини зошто е тоа така и веројатно не е во ред. Дали било во прашање несинхронизираност помеѓу органите кои ја работата оваа работа, дали е резултат на тоа што сите работи порано беа концентрирани во рамките на една општина која ги имаше сите елементи на држава, па некако успеваа да се прогураат тие работи, незнам, меѓутоа, мислам дека сосема е во ред членот во кој што се укажува дека мора да има добра синхронизација посебно меѓу Министерството за урбанизам и заштита на животната средина и Министерството за земјоделие при донесувањето на плановите за градба. Исто така мислам дека во последно време треба да се изнајдат и одредени форми со кои што ќе биде стимулирана градбата во просторите каде земјиштето е неплодно.

Дали ќе бидат пониски комуналите, дали земјиштето ќе се плаќа поефтино, меѓутоа нешто мора да се стори на тој план, бидејќи многу малку плодно земјиште остана.

Јас во делот на пренамената посебно сакам да дадам поддршка и согласност на членот 27 кој што, не е ова контрадикторно со она претходното што го кажав, прави исклучок при крајната пренамена на земјоделското земјиште. Мислам дека тоа е сосема во ред кога се во прашање утврдувањето на општиот интерес, бидејќи таа работа и покрај тоа што досега не беше предвидена односно немаше исклучоци, сепак оние кои имаа приватна иницијатива и кои побараа пренамена на земјоделското земјиште, врз основа на одлуките што се носеа по член 54, а сега по член 34 од Законот аз просторно и урбанистичко планирање ги добија без оглед дали земјиштето беше од I или V класа. Мислам дека тука се остава доволно форма еден приватен иницијатор да одлучи дали ќе гради сточарска фарма на земјоделско земјиште и од неа ќе профитира со далеку поголем профит отколку на истото земјиште сади земјоделски култури (зелка или нешто слично). Се разбира, ова се однесува на она земјоделско земјиште што е надвор од земјоделскиот реон.

За разлика од претходниот дискутант јас сметам дека сосема се добри, иако не се нови решенија во делот на располагањето со земјоделското земјиште, така да при продажбата и закупот право на првенство имаат сосопствениците односно соседите. Мислам дека нашиот менталитет кој што беше спомнат дека соседот не сака комшијата да ја продаде нивата, се сосема релевантни, бидејќи има тука одреден рекорд 30 дена, во кој што рок е сосема ирелевантно мислењето на соседот дали сака да ја купи или не сака да ја купи нивата.

Меѓутоа, исто така мислам дека овие решенија ќе овозможат да се оствари една од целите на донесувањето на овој закон што е дефинирана во делот на образложението. Целта покрај другото е да се окрупни земјоделското земјиште и да се намали расцепканоста.

Мислам дека за постигнување на една таква цел потребни с далеку порадикални мерки. Ако арондацијата е безпредметната со укинувањето на општествената сопственост, комасацијата мислам дека сеуште е во игра, меѓутоа, е доста скапа мерка и незнам кога оваа држава ќе собере доволно пари да ја спроведе таа комасација.

Тука беше спомнато и за делот на наследувањето. Јас добро се сеќавам кога овој Парламент го носеше законот за наследство дека имаше размислувања и предлози за оние граѓани кои што не го обработуваат земјоделското земјиште, односно оние кои што не остануваат да живеат на село да неможат да бидат наследници на земјоделското земјиште. Меѓутоа, тоа остана само една добра идеја, бидејќи подоцна се воспостави дека тоа е во коалиција со Уставот на РМ, односно се нарушува еднаквоста на граѓаните. Меѓутоа, колку и да е во коалиција со таа одредба, сепак мислам дека е една од најпрактичните мерки околу која треба да се размисли уште малку.

Доколку состојбата о земјоделското земјиште се нерационални, доколку неможеме да имаме комасација, доколку нележе да има такви решенија, такви какви што спомнав во делот на насленото право, сепак мислам дека треба да се подразмисли во рамките на овој закон Министерството, односно предлагачот да предложи одредени мерки, практични, кои што на некој начин ќе ја стимулираат доброволната

размена помеѓу самите индивидуални земјоделци, односно сопственици на земјоделско земјиште, а ќе биде стимулирано на тој начин што при размената тие нема да бидат оптоварени со данок, или пак ќе бидат стимулирани на тој начин што нема да плаќаат данок на катастарскиот приход или ќе бидат исто така стимулирани доколку неможат да учествуваат и да бараат кредит, доколку неможат да го откупат земјиштето. Мислам дека ова ќе биде една практична мерка. Дали ќе се предлага во форма на дел на пилот проект, или ќе се предлага во форма на законски решенија, сепак мислам дека вреди да се проба со неа, бидејќи ќе биде далеку покорисна и поцелисходна отколку да чекаме одредена комасација која што засега мислам не е остварлива. Се разбира, расцепканоста на земјоделското земјиште е една од причините што приносите, посебно како што се спомна во индивидуалниот сектор се така лоши во однос на приносите во општествениот сектор, меѓутоа, сепак непотценувајќи ги другите причини, како што е профитабилноста на земјоделските производи, односно нивниот пласман, нивната конјуктурност, сепак една од основните и прввични мерки која што треба да биде преземена во оваа насока е оваа расцепканост да биде што поскоро надмината.

Исто така, на крајот сакам да кажам дека добро е што овој закон ја дефинира сопственоста на земјоделското земјиште на приватна и државна, меѓутоа, исто така сакам да нагласам дека ефектите од ваквото дефинирање на сопственоста и во сферата на сопственоста и на сите состојби во сферата на земјоделското земјиште не може да ги очекуваме многу брзо, не од причини што ова е само прва фаза на законот, туку од причини што решенијата на овој закон зависат од многу решенија на други закони. Пред се, тука мислам на законот за денационализација и

доколку се согласувате мислам дека членот 7 е еден од клучните во овој закон. Добро е паралелно да се консултираат сите работи за да и решенијата кои што се нудат предизвикаат одредени ефекти. Јас ја прифаќам сугестијата на министерот дека по овој закон треба да има стручна расправа, меѓутоа, би додал - не само во сферата на земјоделството, туку треба да бидат вклучени и други струки. Пред се мислам до сферата на законодавен- правен аспект во врска со наследното право, пред се во сферата на операционализацијата на концесиите бидејќи некако во последно време стана модерно само да предвидуваме концесии.

Јас немам никакви забелешки во делот на тоа дали концесијата треба да биде од 20-40 години за долгогодишни насади, односно до 20 години за сточарство, меѓутоа мислам дека и покрај тоа што ова не е предмет на овој закон, конечно освен тој стар законски проект што е донесен пред 5-6 години, незнам дали имаме нешто поопипливо околу концесиите. Концесиите како концесии, незнам како модерно да ги пишуваме, во законите а не ги оствaруваме во законите мислам дека нема ефекти во таа работа.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Поддржувајќи го предлогот на законот за земјоделското земјиште ќе се вклучам во расправата со неколку мои забелешки,

по однос на предложениот текст со цел решението кое што ќе биде понудено подоцна да биде малку поквалитетно, онака како што јас претпоставувам.

Вклучувајќи се во содржината на законот со сугестии кои штоп би можеле да придонесат за подобрување на текстот, мислам дека она што е предвидено во член 4 треба да помине во член 3 од причина што претставува извесно објаснување за тоа што е тоа земјоделско земјиште во смисла на овој закон. Со оглед на тоа што во член 3 воглавно се дадени одредбите кои што објаснуваат одредени поими, мислам дека тоа треба да биде тука ставено и на тој начин да се избегне понатамошното повторување на тој термин.

По однос на членот 8 јас би додал дека она што е кажано таму да може во одредбата каде што се зборува дека со одлука на владата на РМ може да се даде под закуп на други правни или физички лица, согласно условите утврдени со овој закон јас би додал дека тука може да биде не само под закуп туку и со концесија.

Мислам дека излишно е што е речено во член 11 став 3 каде што се дава право за тоа дека против решението на став 2 од овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на примањето на решението до комисијата на Владата на РМ. Мислам дека тука треба да биде само по"приемот на решението", а тоа до кого мислам дека е проблем на тој што треба понатаму евентуално со други закони да го решава проблемот.

По однос на она што е запишано во член 20, средствата каде одат за пренамена, се залагам за тоа она што е речено во членот 20 да се измени и по однос на ова прашање да имаме посебна програма за

освојување на нови земјоделски површини, а не да биде тоа во рамките на грижата за порамномерен простор и регионален развој, бидејќи таа програма мислам дека е доста широка и мислам дека овде би требало да направиме посебна програма која би била исклучиво за оваа намена. Ако средствата одат и се разлеваат во еден поголем извор, мислам дека можеме да останеме и без оние средства кои што се за таа намена строго наменети.

Благодарам.

Слично како што реков за членот 4 имам и по однос на членот 22 став 3 каде што зборува за штетни материи. Мислам дека ставот 3 треба да помине во членот 3, наместо во став 2 бидејќи станува збор за објаснување што се смета за штетни материи.

Мислам дека е нова новината која зборува за она што претставува продолжување и мислам дека на овој план може да придонесеме конкретно во решавањето на одредени проблеми што се јавуваат во социјалната сфера.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (Продолжение)

Меѓутоа, проблемите кои што се настојува да се решаваат со овој член , тоа е членот 47, мислам дека треба да најдат поддршка и на друг план во обласа на социјалната сфера.

Зошто го велам ова? Затоа што неколку пати јас и некои други пратеници сме го истакнале проблемот на социјалната сфера, каде станува збор за социјалните помошти бидејќи, според мене, некои мерки од таа програма не ја играат улогата која што треба да ја играат. Ако ова се компонира со тие мерки, тогаш може многу добро да придонесе и таму да ги намалуваме средствата, а од друга страна да придонесеме да имаме и невработени и подобрување на состојбите на оние кои што се желни да работат на овој план, а исто така што се желни да ги решаваат проблемите што ги имаат во фамилиите.

Во образложението кон законот кои се причините, зошто се носи и кои се целите кои сакаат да се постигнат со законот , меѓу другото е поставено дека тоа е изедначување на сите субјекти, титулари на стварни права на земјоделското земјиште.

Кога сум тука, да кажам нешто врзано за ова прашање. Титуларите добро е што се спомнуваат, меѓутоа кога станува збор за користење на земјоделското земјиште сакам да го напомнам прашањето на градежното земјиште, градежно неизграденото земјиште кое што е во поширок градежен реон, многу често поради ограничувањата кои што се во прометот со ова градежно земјиште како резултат на тоа останува необработено.

На овој план сакам да кажам дека треба да чиниме напори тоа градежно земјиште, градежно неизградено земјиште особено за поширокиот градежен реон го исклучиме од можностите за понатамошна продажба, бидејќи бариерите кои што сега сме ги поставиле преставуваат пречка и за намената за земјоделско производство, оти познато е дека тоа земјиште се до градба служи за земјоделски цели, за земјоделско производство, меѓутоа во одредени случаи се јавуваат вакви бариери кои може да служат и на целта.

Тоа можеби ќе се јави утре кога овој закон ќе биде прифатен и кога не ќе може да се спроведуваат ониe мерки што се предвидени со законот во однос на тоа доколку две години не се обработува. Што ќе стане со тоа градежно неизградено бидејќи се води како градежно, а тоа служи за земјоделски цели и ќе се јави и таа бариера и не ќе биде во можност да се применува мерката што е предвидена во Предлогот за донесување на закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре, една од основните карактеристики на стопанството во Република Македонија во досегашната развојна етапа е тоа што земјоделското производство претставува доминантна дејност и по бројот на населението и по она што значи површини кои што денес ги имаме. Само за илустрација продуктивни површини од 2.278 илјади

хектари или земјоделско земјиште од 1.317 илјади хектари. Покрај тоа не треба да го заборавиме и бројот на населението кое се занимава , се разбира со земјоделска дејност како и неговото учество во вкупната реализација односно во вкупниот реализиран доход.

Во изминатите општествено економски услови поставувањето на нов општествен и политички систем налагаат обликување на нови права на земјата која порано била во општествено или така речено порано била во приватно, па општествено и повторно општествено-приватни раце.

Односите во сверата на користењето и располагањето на земјоделското земјиште содржано во законот за земјоделско земјиште од 1986 година поставија за задача доработка или изработка на нов закон. Секако ценам дека ни со амандмани не можеше тоа да се потврди односно да се дополни и се налагаше да се донесе закон кој што вистински ќе го оцрта нашето право земјоделство.

Од тоа произлегува дека земјиштето е значајно за стопанска- та активност на една земја, што е директно поврзано со производството на храна што е од егзистенцијално значење за луѓето.

Тоа се причините што наложуваат за земјиштето што е дар на природата во поглед на неговото имање и користење како во поглед на располагање со него да се пропишуваат посебни третмани и режими.

Земјиштето во правото е објект на правни односи и на субјективни права, основен и најважен правен однос во врска со земјиштето е сопственоста. Но, сопственоста на земјиштето како право за користење на наследството создава и обврски бидејќи истото треба да служи и за доброто на поединецот и за заедницата што се регулира со самиот закон за земјоделство.

Основните причини по кои се донесува овој закон се јасно оцртани. Тоа го изнесе и министерот, а и повеќе од пратениците. Јас не би сакал поново да ги цитирам, меѓутоа, сакам да се задржам само на некои моменти, таканаречено, извештајни моменти кои што попатно ги забележав во овој закон.

Реков, со законот за земјоделско земјиште се создаваат нормативин, правни претпоставки во врска со уредувањето, користењето, располагањето и заштитата на земјоделското земјиште врз принципите на еднакви права и положба на сите субјекти на пазарот. Правна сигурнсот и правна заштита на сопствениците на земјоделското земјиште.

Посебно би се задржал на содржината на законот и тоа накратко за оние членови за кои мислам дека ќе најдат примена и би требало доколку најдат примена и можат да се применат.

Прво, во членот 11 став 1 да се преиспита решението според кое земјоделското земјиште кое не се обработува последните две години да може врз основ ана закуп да се даде на користење на друго правно и физичко лице. Имено, сметам дека треба да се предвидат решенија за стимулирање на сопственикот да го обработува земјиштето, а не истото да го дава на користење на друго лице.

Во членот 25 став 2 беше предложено да се одржи постојаната класа. Ова се предлага од причини што забраната за примената од еден до пет бонитет на класа доста ќе го стесни просторот за градба и ќе предизвика зголемување на бројот на дивоградбите. Во врска со овој член се постави прашањето, каква ќе биде судбината на веќе постојните објекти. А, тука секако дека ги имаме.

Во членот 26 се предлага да се конкретнзнра за кои планови се работи односно зборовите: "урбанистички планови" да се додаде зборот "генералните". За овој член беше изнесена и забелешката во врска со формата на согласноста како мешање во работата на стварно надлежни органи.

Потоа следува членот 29 за кого предлагам да се брише заради привремениот карактер на објектите за кои предвидува да може да се градат на земјоделско земјиште под катастарски култури, ниви, градини, овоштарници, лозја и т.н. за објектите од привремен карактер кои служат за засолнување, чување на алати и земјоделска опрема и привремено сместување на земјоделски производи. Се предлага да се утврди решение во членот 34 така што овие привремени објекти од 30 до 35 м2 да бидат ослободени од барања за пренамена, доколку држи место.

Исто така во членот 19 од законот дава одредени ингеренции за пропишување на мерки што треба да се преземат за уредување на меѓи. Во врска со ова беше и претходно речено , јас ценам дека го почитувам она што беше речено , мислам дека тоа би требало да биде во надлежност на судот, од кои податоци ги има Министерството за земјоделство, за министерот имајќи ги тие податоци да може да пропишува мерки за уредување на меѓите. Секако дека тоа би требало да биде надлежност на судот.

Во врска со делот за заштита на земјоделското земјиште да се допрецизира поимот објект во привремен карактер во смисла на негова потреба, функција, начин на изградба и оградување како и местото и улогата на постојните објекти за наведените намени да се измени поимот педесеткратен надомест.

Имам и други забелешки . Ценам дека овој закон ќе оди и во друга фаза, па така сите забелешки амандмански би ги приложил и ќе ги изнесам секако доколку имам прилика.

Инаку, законот го поддржувам , чинам време и место е да се донесе ваков закон. Единствено што, и на Комисијата за земјоделство го искажав, не сретнав никаде во овој законски проект за она земјоделско земјиште кое што беше одземено од земјоделците, не располагам со цифра колкави површини беа од колонистите. Тоа земјиште беше доделено на без земјаши, истото го имаат може да се рече до ден денешен или го оттуѓуваат на еден посебен начин со продавање на тоа земјоделско земјиште иако не е купено, но доделено и сепак тоа земјиште припаѓа на индивидуални земјоделци кои што со новиот закон би го побарале. Како тоа земјиште ќе биде регулирано со новиот закон навистина не сретнав, а верувам дека министерот е тука, па и за тоа ценам дека ќе се размисли.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господин претседателе, г-дин министре, господа пратеници, денеска расправаме за еден многу важен закон, за мене закон кој што претставува база на сите други закони од обласста на аграрот. Без овој закон сите други закони ќе бидат помалку важи. Целата важност на други те закони зависи од денешниов закон за кој што расправаме. Јас на почетокот ќе кажам дека во целост се сложувам дека има потреба од доне-

сување на еден ваков закон. Лично сметам , тоа го кажавме и на Комисијата, меѓутоа ќе кажам и овде дека се работи за закон кој што најголем дел од решенијата се прифатливи, еден дел од решенијата најверојатно по денешната расправа што ја имавме, најверојатно ќе претрпат и одредени измени доколку тоа оцени Владата односно ресорното министерство. Сигурно дека ќе има и други, како што најави министерот ќе има и други стручни расправи по овој закон кој што сметам дека е многу позитивно и стручните лица да се изјаснат за овој закон бидејќи се работи за многу значаен закон.

И покрај тоа што денеска расправаме за многу значаен закон, сметам дека значајноста на овој закон како посебен закон нема да е доволна доколку не се донесат и другите закони од кои што ќе зависи висината на земјоделското производство односно степенот на користење на расположливото земјиште, бидејќи доколку немаме други добри закони степенот ќе биде многу помал и многу понерационално ќе биде искористено земјиштето.

Јас ќе напомнам само неколку закони кои што сметам дека Владата, се разбира, преку министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство паралелно ги тера сите тие закони кои што се поврзан едни со други и кои што даваат гаранција дека ќе се користи земјиштето порационално.

Има такви многу закони, јас ќе наведам само неколку кои што се поврзани едни со други законот за води од кои што многу ќе зависи висината односно физичкиот обем на земјоделското производство, законот за сточарство бидејќи не можеме да зборуваме, посебно земјоделство, одвоено сточарство или обратно, тоа се поврзани две гранки кои што само заедно гарантираат високо производство и кај е кај

другата гранка. Има и многу други такви закони кои што се поврзани со овој закон за кој што можеме со неговото донесување да зборуваме за реално односно рационално користење на земјиштето односно она што регулира овој закон.

Ние сакале или не мораме да признаеме со донесувањето на овој закон заедно со другите закони кои што се директно поврзани со овој закон мое лично убедување е дека мораме да очекуваме дека ќе ни се намали сеидбената површина за разлика од она што го имавме досега од следните причини.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:** (продолжение)

Затоа што имаме површини каде што не можат да обезбедат физички обем на производство кои можат да ги покријат реалните трошоци кои се направени за тоа производство. Сакале или не со целата приватизација, со пазарната економија тоа ќе си остане обработливо земјиште. Затоа сметам дека е добро, бидејќи такви површини имаме доста позамашни, јас не можам да кажам сега, не верувам дека има и кој може да каже која е таа површина, Владата во иднина ќе треба да изготви една програма за понатамошна обработка на овие површини, кои се со послаб бонитет, а се разбира, бидејќи во Законот зборуваме и за усвојување на нови површини, а најголем дел од оние површини кои што не се освоени се такви кои што не гарантира ќе дадат доволен физички обем на производство, да можат да ги покријат трошоците за производство, а со тоа, се разбира, да остварат неодреден профит. Што значи дека ако тоа сакаме да го постигнеме ќе мора со посебни програми да се стимулира на еден или на друг начин. Јас никогаш не сум пристапила секогаш да се стимулира само од Буџетот, дека секогаш треба да се стимулира со финансиски средства, има и други начини со кој може да се стимулира земјоделството, меѓутоа не го исклучувам и финансискиот начин кој се покажа еден Од добрите начини за финансирање.

Во Законот се предвидува, односно заговара окрупнување на земјоделското производство, како еден од условите за добивања на порационално производство. Ние сакале или не, мораме да признаеме дека не можеме да очекуваме добро рентабилно производство на површини на кои што ги имаме денеска, по 2 декари, по 5 декари, по 1 хектар итн. Никаде во светот со такви мали површини не се очекуваат

добри производни резултати , ниту пак финансиски резултати, бидејќи од производните резултати ќе зависат и финансиските резултати.

Трошоците за обработка на помалите површини се далеку поголеми од оној на покрупни површини. Тука треба да водиме посебно сметка за распарчувањето на земјиштето. Треба да престанеме со оваа практика и да почнеме да го окрупнуваме земјоделското земјиште се со цел да можеме да добиеме повисоко производство. Не знам дали некој спомна или не спомна, ние сега за сега со земјоделско производство се занимаваат околу 25% од населението од РМ. Со текот на времето можеби не за година - две 5 или 10 меѓутоа, ќе мораме да очекуваме дека тој број на луѓе кои се занимаваат со земјоделство ќе се намалува. Мислам, ќе се намалува процентуално, а тоа нема да значи дека ќе се намали и физичкиот обем на земјоделското производство. И ќе биде добро да се намалува тој број на население кој се занимава со земјоделско земјиште, се со цел оние кои се занимаваат со земјоделско земјиште да имаат порентабилно и подобро земјоделско производство. Некој спомна дека комасацијата е скапа работа и се согласувам дека ние тешко ќе ја реализираме таа работа, меѓутоа, има други начини со прометот на земјиштето да извршиме окрупнување на земјоделското земјиште , со што ќе ја зголемиме и обработливата површина. некоја проценка има од одредени стручњаци дека 10 до 15% површините ни се под меѓи. Така да, со окрпунувањето и овој дел ќе биде во функција на користење на земјоделското земјиште.

Законот предвидува давање на земјиштето под концесија и кажува одреден број на години, за колку години итн. Мое лично размислување е дека земјиштето треба да се дава на концесија, меѓутоа не на таков долг рок. Тоа го кажувам од следните причини. Ние сакале или не со донесувањето на законот за денационализација ќе се изврши

приватизирање и на оној дел кој што сега е државен, односно ќе се врати земјиштето на оние стопанственици кој што го имале. Она земјиште ќе остане како државно, тоа нема да се врати со Законот за денационализација, како држава сметам дека е подобро што побргу да се приватизира. Значи доколку ние го даваме под концесија за 20 години за 30 години, тоа значи дека тоа земјиште тешко ќе можеме за 20 години да го приватизираме. Затоа сметам дека тука треба да се размисли, немам конкретен предлог на времето на давање на концесија, меѓутоа , треба да се размисли бидејќи сите земји, а ние не можеме да бидеме исклучок, целокупното земјиште така да го приватизираат, бидејќи приватното земјиште е далеку порационално искористено и се надевам дека и кај нас тоа така ќе биде бидејќи и сега се покажува дека последните години земјиштето кое е под сопственост на приватните земјоделци дава подбори резултати, е повеќе обработено додека земјиштето кое е општествено и кои го работат комбинатите, не кај сите, меѓутоа кај голем дел кај комбинати веќе се напушта.

Уште една друга работа, која сметам дека треба да се направи да се прекине практиката корисниците на кои им е дадено земјиштето на користење да престане праксата тие да го даваат под концесија на други лица, туку тоа да го прави државата бидејќи тоа го бара и постоечкиот закон, а вакви случаи имаме многу.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Неодминливо е бидејќи потекнувам од земјоделска општина да се произнесам по Предлогот на Законот за донесување на земјоделско земјиште. Веднаш да кажам дека во начело во однос на основните начела на уредување на односите во сверата на земјината политика.

што е суштина на овој закон, не се согласувам во концепцијата на делот на тоа, третирањето на земјиштето како добро воопшта употреба и во согласност со тоа земјиштето, односно сопственоста на земјиштето што е сега државна и приватна како создавање како на права, така и на обврски, во концепцијата на законот е така издејствувано, таквиот карактер на земјоделско земјиште, па ете, има за последица делот на она што значи општествен карактер на земјиште, а сега државна сопственост на земјиште не е во промена.

Јас како пратеник на пратеничката група на ЛДП наше застапување и определба е целосна приватизација на земјишниот фонд. Овде, во овој закон предвиденото решение повторно го ограничува прометот на земјиштето во делот од насока државна претходно општествена сопственост кон приватна сопственост, додека ги задржува постојните решенија титулари на сопственоста се приватни лица. Ваквото толкување на улогата на земјиштето како добро во општа употреба, која покрај права има и обврски и која има и социјална функција, сметам дека е неправилно излезено ограничувањето на можноста за целосна приватизација на земјишниот фонд. Како предмет на таа приватизација досега општествена, а сега приватна сопственост на приватното земјиште. Како што е познато во Законот повторно за државата сопственост се предвидува не промет, не приватизирање, а заинтересираноста на голем број, посебно приватни стопанственици кои имаат иницијативност во земјоделската дејност е да се стекнат и со сосптвеничкото титуларство на земјоделското земјиште. Овој закон тоа го ограничува, односно не го дозволува и се определуваат за формите на користење преку концесија и долгогодишен закуп на земјоделско земјиште. Тоа е моето концепциско несогласување со на ваков начин на уредувањето, односно на располагањето, односно прометот на земјоделско земјиште.

Произлезено од ваквото третирање на располагањето на земјоделско земјиште е за преиспитување и делот на одредбата во подлавјето за користење на земјоделско земјиште, кое се однесува на тоа дека ете ако сопственикот на земјоделско земјиште не го користи две години последователно дека државата по автоматизам го зема правото да го додели на друг корисник што закупот ќе биде како извор на приходи на сопственикот на земјоделско земјиште. Мислам дека ова решение треба да се преиспита заради неговата уставна издржаност, бидејќи според Уставот е неприкосновеноста исклучиво изворно право според Уставот на располагањето и на користење и сите форми на искористување на сопственоста, во конкретниот случај на земјоделското земјиште.

Во делот на подглавјето за користење на земјоделско земјиште многу е значајна одредбата од членот 20 кој кажува на еден недефиниран начелен начин дека сите средства по основ на користење или доделување на земјоделско земјите ќе бидат извори на приход за финансирање на таканаречената програма која за донесува Владата за усвојување на нови земјоделски површини и тоа ќе се има предвид и порамномерен регионален и просторен развој. Сметам дека она што значи начелно неспорно насочување на сите видови на извори на приходи, кои се по основ на користење, пренаменвуање, доделување на концесии и долгогодишен закуп на земјоделско земјиште, треба да имаат дефинираните критериуми и дефинирани настапи и намени за тоа како тие средства остварени по основ на земјоделско земјиште повратно без резервно исклучиво да се користат во функција на земјоделието. Вака начелно поставено, дефинирана одредбата од член 20 не дава гаранција дека намената ќе биде за сите потребни намени кои од изворните приходи или од земјоделско земјиште би требало да се изврши наменување. Само усвојувањето на земјоделско земјиште и доста

ограничена намена на овие средства, начелноста на критериуми дека тоа ќе биде извесно усогласување на просторот на регионалниот развој исто така е недефинирано неопределена и сметам дека предлагачот по овој многу важен момент во делот на тоа за развојот на земјоделието и што произлегува од содржината на Законот, сметам дека треба да ги дефинира намените на изворите на финансирање кои се стекнуваат по основ на сите форми на користење на земјоделско земјиште.

Мој предлог е дека треба овие намени да бидат и пошироко бидејќи еден од основните предуслови за развој на земјоделието е повраќање на авторитетот на селото и во делот на наменат на овие средства и делот на развојот на селото и враќање на сега присутниот потценувачки третман на селото, во таа насока користењето на овие средства пошироко ќе има непосредно влијание и врз земјоделието. Понатаму, постои свест кај граѓаните земјоделци, тоа е во оние подрачја каде што користат општонароден имот, таканаречено народно фондово земјиште, нема логика овие средства да се централизираат на ниво на Република и Владата преку програма да ги насочува во едни недефинирани критериуми за намени кој што даваат многу дискреционост во делот на тоа каде тие ќе бидат создадани како финансирање од земјоделие, каде ќе бидат наменети. На пример, нема логика од користење од фондови земјиште во Кавадарци од пренамена на фондово земјите во Кавадраци од доделување на концесии и годишен закуп во Кавадарци во една централизација како што предлага сега предлагачот Владата тие средства на Републичко ниво со програма кое ја носи Владата тие да се користат на пример во Дебар, или во Демир Хисар итн.

Сметам дека мора да се, покрај дефинираноста на намената на овие средства кои предлагам да биде поширока покрај освојување на работливи површини и за вкупен развој на земјоделието вклучувајќи го и селото, да има намена критериум начелен таму каде што се создаваат овие извори на финансирање од земјоделието од користењето на земјоделското земјиште, да има критериум, повратно да се враќаат во истите тие подрачја, во истите тие општини, инаку ќе се изгуби суштината и ќе има доста широк простор за пренаменвуање и за одредени манипулирања.

Сфаќам дека делот на пренаменувањето на земјоделското земјиште е многу битен и за остварување на основната цел на овој закон во таа насока и предлагачот исполнува едни високи стандарди на заштита на земјоделски земјишта да не се пренаменува, ги покачува на повисок стандард на класите на земјиште кои што не може да се пренаменат од 4 класа сега предлагаме до 5-та класа , давање исклучоците кога може и до 5-та класа да се пренамени земјоделското земјиште дава едни повторно недефинирани предлози тоа е дека ако нема друго со пониска класа на бонитет земјоделско земјиште, ако е во согласност со Просторниот план итн. сметам дека држи во интерес на повторно на земјоделието и во интерес на користењето на земјоделското земјиште меѓу другото и за земјоделски цели а не само како што е овде наведено само за намени од примарното земјоделие треба пошироко да се сфаќа.

Сметам дека има потреба предлагачот да го преиспита ова ограничување да не може пренамена на земјоделско земјиште до 5-та класа. Исто така за делот на исклучувањето кога до 5-та класа може да се пренамени, предлагам да се дефинира кои се тие услови, а на вака начелно како што сега стои ако нема друго со пониски бонитани не кажува каде нема, па може на подрачјето на цело Република да биде,

VII/8.-

Ако е во согласност вели со Просторниот план, па не може во согласност со Просторниот план за тоа што во тој просторен план таквиот предлог треба да се усогласи, не може да биде претходно усогласен бидејќи тоа не е предвидено како намерен тој простор итн.

Понатаму едно друга мерка на заштитување на зголемување на надоместокот за пренамена, тоа е 50-пати односно педесет структурен износ на катастарскиот доход за тоа земјиште, сметам дека како износ е превисок од една страна, од друга страна не е дефинирано на која парцела тоа се однесува. Понатаму се кажува дека наемнината за надо-местокот за пренамената зависи од градежната парцела на изграден станбен градежен објект а во начелната одредба на пониски струк износ на надоместокот за од катастарски доход за пренамена не е дефинирано дали се однесува за цела парцела што се пренаменува, или само за делот кој ќе биде опфатен со одреден градежен објект.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Мојот предлог е во преиспитувањето на тоа решение, покрај висината на надоместокот за пренамена, да се дефинира, пак во интерес на стимулирање на земјоделецот, и тоа да се однесува наемнината да се пресметува само за делот на градежниот објект на земјиштето кое се пренаменува, со уште еден додаток тоа да биде вкупно за земјоделски потреби, да не се ограничува само за потреби на примарното земјоделство, што дава поограничени можности.

Во делот на концесиите со сето поздравување на овозможувањето на тие концесии и долгогодишни закупи, сметам дека одредбата Владата да ги одредува условите за издавање на земјоделско земјиште под концесии, моја сугестија е предлагачот да направи напор во законот да се регулираат барем одредени основи, критериуми и услови кои би биле појдовни во постапката на огласување на давање на земјоделско земјиште под концесии, да не се остава тоа да се реши целосно со акт на извршната власт.

Делот на плодоуживање за социјални случаи, исто така многу битно прашање преку кое сигурно предлагачот има намера да решава и вработување преку доделување право на плодоуживање на земјоделско земјиште. Сметам за потребно да се преиспита и со тоа преиспитување да се изврши дефинирање со еден целосен опфат на сите на кои им е потребна социјална заштитна сигурност, не само на оние што се евидентирани во Заедницата за вработување, затоа што има и друга категорија која не е под Заводот за вработување, а исто така се приматели на социјална заштитна сигурност или помош. Мислам дека е нелогично. Веќе во наредниот член предлагачот се определува за овие граѓани на кои во социјална криза им се помага преку доделување право на плодоуживање да остварат работно ангажирање во

земјоделството и преку тоа вработување, веднаш во наредниот член вели дека за нив пак ќе важи да плаќаат даноци и придонеси. Мислам дека нема потреба тоа да се регулира во овој закон: Тоа е предмет и содржина на регулирање на други закони, кога веќе се дава некое право да не се оптоварува и самиот овој закон да ви се дава право, но да знаете дека вие ќе плаќате даноци и придонеси, уште повеќе што сега еве сведоци сме дека има еден тренд на ослободување кога се вработува од се она што значи оптоварување. Зошто во таков случај земјоделците би биле во понерамноправна положба од другите кога се врши ново вработување.

На крајот ќе кажам една работа која не е предмет на регулирање на овој закон, а предлагам да се опфати. Тоа е во духот на моето првично несогласување со концепцијата на овој закон, што не дозволи државна сопственост на земјоделско земјиште да се приватизира, бидејќи и многу дискутанти кажаа тука дека е општо познато не само кај нас туку и во Европа и во светот дека приватното искористување на земјиштето со титуларот на приватен сопственик покажува поефективни резултати. Има една категорија на граѓани кои под присила на состојбата се имаат откажано од земјоделско земјиште и овој закон беше една можност тие граѓани кои биле претходни сопственици на ова земјиште, кои под присила на механичката миграција село - град, под присила на тогаш постојните даночни оптоварувања на земјоделците во таа миграција село-град, под присила заради избегнување на одредени давачки, а и стекнување на одредени права се имаат откажано од ова земјоделско земјиште, кое досега е општествено а сега државна сопственост да имаат во делот на користењето на тоа земјоделско земјиште, па и во делот на располагањето и добивањето повторен статус на сопственост на тоа земјоделско земјиште да имаат одредени права,

за кои матично надлежен е токму овој закон, токму содржината на овој закон, да ја опфати таа категорија на структура на граѓани кои биле претходни сопственици, под присила на состојбите и на времето се откажале од таа сопственост и сега според познатите општи економски состојби, а и во согласност со целите за развој на земјоделското земјиште е логично да се регулира нивниот статус и постапката во која можат да ги остварат своите права и обврски повторно работно да се вратат на искористување на земјоделското земјиште на кои биле претходни сопственици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитуван министре, почитувани претставници на Влада, почитувани дами и колеги пратеници,

Овој закон не е нескромно да кажеме дека го комплетира пакетот на закони од областа на земјоделството, на аграрот и по својата важност ќе треба да ги интегрира практично сите закони кои ја поминаа оваа собраниска процедура, без оглед дали тоа била прва, втора или конечна фаза, затоа што и Законот за сточарство, Законот за ветеринарство, третата фаза на Законот за води, Законот за заштита, па и други закони кои мора да бидат компатибилни со овој закон или обратно, овој закон да биде компатибилен со Законот за комунални дејности, Генералниот урбанистички план, Просторниот план, деталните урбанистички планови и многу други уредби кои ќе треба да претставуваат една целина за да може овој закон да биде апликативен.

VIII/4

Својата дискусија ќе ја започнам со една мудрост веќе кажана, но ќе ја повторам дека земјата не ни е наследена од нашите татковци и дедовци, туку ни е позајмена од нашите деца и внуци и идни генерации. Низ таа призма ние треба да обрнеме внимание на донесувањето на овој закон, низ таа призма ние мораме да согледаме што предвидува овој закон, кои се неговите цели,со тоа што сигурно има работи кои се одминати, има работи каде што трајно неможеме да интервенираме, но сигурно мора да признаеме дека е краен момент земјоделското земјиште да ја има функцијата која што значи долговечност, која значи иднина, која значи некоја поткрепа дека и во најтешки моменти сепак луѓето можат да се прехранат.

Јас ќе потсетам дека и во услови на ембарго, и во услови на санкции и во условите на војни во непосредно соседство, аграрот одигра една историска улога, практично придонесе сите овие работи да ги преболиме или да ги поминеме некако побезболно. Земјоделците колку и да го почувствуваат директно тоа врз себе со навредувачки ниски цени на земјоделските производи, сепак сметам дека сите тие луѓе свесни се дека дадоа еден придонес, особено во моментите на осамостојуваше на оваа држава и пробивањето на патот на нејзината независност.

Опасностите од социјални експлозии, социјални немири, поткрепени со огромниот број на стечајни работници, технолошки вишок, затворање на фабрики, на најголемите гиганти , мораме да признаеме дека на најефикасен начин и најбезболно свој придонес дадоа точно земјоделците. Тоа е вистина и ќе остане запишана во нашето паметење како вистина која што не треба да се повтори. За нас треба сега да биде еден сигнал, една инспирација дека со овој закон и со другите закони кои претставуваат една целина мораме пред се на земјоделството, на земјоделецот да му го вратиме нужното достоинство, а сето тоа ќе

можеме да го постигнеме ако го заштитиме пред се основното средство за производство, а тоа е земјата. И сточарството, и преработките, и ветеринарството и водите и се , практично мора да бидат во функција како да имаме поинтензивно, поефикасно, попрофитабилно земјоделско производство. А основ и база на сето тоа е земјата, затоа што сето друго без подлога без земја неможе да функционира.

Во еден долг, предолг временски период ние кон земјата се однесувавме негаторски, се однесувавме дури и сурово, без да ја цениме, потценувачки и за жал најплодното земјиште го претворивме во огромни населби, најплодното земјиште најлесно ни е на дофат на рака да го уништуваме со изградба на магацини за градежни материјали, натстрешници, складишта, и што се и тоа најчесто таму каде што имаме комуникации и каде што тоа земјоделско земјиште треба да биде најпрофитабилно и наједноставно за производство. Јас барем не паметам дека ние успеавме да направиме некој асфалтиран пати или некој пат од II ,III или IV ред, кој што би значел подобар приод кон некој поголем комплекс на земјоделско земјиште. За жал, таков случај убав пријатен досега не ни се случи никому. Крајно време е практично да го завртиме листот. Овој закон се обидува, но велам , добро рекоа некои од дискутантите и министерот тоа го рече, ние и досега имавме закони, но прашање е дали сега со овој закон правиме пресврт во негово докомплетирање во оние сегменти кои овозможуваа лесно дерогирање и застрашувачко упропастување на земјоделското земјиште.

Ние сме далеку од свеста дека можеме да направиме некои радикални промени. Кои би биле тие радикални промени кои би сакал јас, ако не ние , но барем идните генерации барем да ги доживеат,

нашата свест и нашата моментна состојба неможе да овозможи размислување како во најразвиените земјоделски земји, каде што основа за наследство, покрај фамилијарната припадност, е и минимална стручна подготовка за да може да се наследи земјоделско земјиште. Тоа е минимум средно стручно образование, а во некои земји и Земјоделски факултет и сл. Сигурно дека ние сме многу далеку од такви нешта, но нашите размислувања мораат да одат во таа насока. Ние мораме да размислуваме дека еден голем дел од идните генерации мораат својата судбина да ја гледаат и да ја врзуваат во едни современи фармери, современи производители.

Донесените закони, законски проекти за силен инвестиционен поттик, особено на подрачјата на југозападниот, јужниот и источниот дел на државата . , каде што постоја можности за освојување за интензивно земјоделско производство на познатите региони, мислам дека час поскоро треба да значат предизвик дека земјоделското производство е најсигурно производство и дека секоја држава ќе биде среќна ако фармерот е оној потрошувач кој што е подготвен и има услови и финансиски можности да набавува автомобили, трактори, камиони, земјоделска механизација и др. затоа што тој е оној двигател, оној замајник кој ги покренува понатаму и сите други општествени и стопански текови.

Ние се соочуваме со проблемот како сега во оваа сфера да го издвоиме она што е условно речено, државно земјиште, она што ќе биде земјиште на задруги кое исто така ќе треба да се трансформира во државен фонд, она што се утрини, она што е приватен посед и се разбира, не смееме да заборавиме дека голем број на граѓани очекуваат дека овој закон ќе мора да исправи многу нарочно и доставени решенија во законот за денационализација. Тоа го рековме јавно, тоа го ветивме.

Прашањата на она што значи пренос, она што значи заштита, она што значи концесии мислам дека се темелните одредби на кои се базира овој закон.

Прашањето на заштита на земјиштето е добро, се обидува да се направи едно добро решение , со моја забелешка колку да е таа можеби минорна или банална, никаде не се предвидува на кој начин ќе се реши физичка заштита на земјоделското земјиште од физичко загадување, смет, загадување од неконтролирано напаствување оштетување и слични оштетувања. Никаде барем јас не сретнав, во оној дел што значи располагање и заштита на земјоделското земјиште.

Прашањето на концесии, за разлика од некои мои колеги, сметам дури дека треба да биде полиберално разрешено. Во која насока? За долгогодишни насади се предвидува време од 20 до 40 години. Веројатно се подразбира дека минимумот е 20 години а максимумот 40 години. Предлагам минимумот да биде 10 години од причини што сега имаме толку современи насади со слабо вегетативни подлоги со пилар системи, системи капка по капка, дури имаме во годишни овошни насади каде што рокот на концесија од 20 години може да биде и предолг и да биде дури дестимулативен. Зошто да не размислуваме и малку поинаку? Дека еден концесионер после 10 години ќе нема интерес или едноставно не ќе мора да му биде товар таа концесија ќе има друг конкурент и нека има , во краен случај едно натпреварување во постигнување на што поповолни услови на концесија во однос на оној кој што се сопственик на тоа земјиште.

Назорот мислам дека е доста испреплетен и ќе мора тука Владата, се разбира, под диригентската палка на министерот за земјоделство во ова да ги вклучи и другите ресорни министерства, затоа што само ова министерство не ќе може да излезе на крај со

проблемот. Ние сме Сведоци дека најчесто пренамената и тоа крајната пренамена во изградба на градежни реони, во изградба на енергетски објекти и тн. најчесто на удар се земјоделските комбинати, државни поседи, па дури и земјоделски училишта. Приватниот посед сепак на некој начин нормално е по заштитен и тука мора кон овој проект своја најголема поддршка да пружи Министерството за урбанизам, градежништво и секторот за заштита на човековата околина и се разбира како фундамент Министерството за правда.

Сметам дека добро е што Законот, барем така е најавено ќе оди во две фази и мислам дека сите овие сугестии и забелешки ќе биде добро ако бидат земени предвид за да добиеме што подолгорочен и поапликативен закон за земјоделско земјиште.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во оваа прилика ќе бидам краток на оваа говорница беа искажани дилеми од два пратеници зошто селаните во чии раце се наоѓаат околу 80% од обработливите површини во Македонија неможат да произведат ниедна половина од тоа што го произведуваат македонските комбинати и задруги. Мислам дека одговорот на селаните им е познат, а на тие што не им е познат би рекол од една причина.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Гротo од овие ораници 150.000 хектари што се наоѓаат во рацете на комбинатите и земјоделските задруги се од прва до трета класа. Мене ми е криво што во овој закон не добивме некои податоци за тоа колку површини имаме вкупно во нашава држава и колку од тие површини се од прва до трета класа, односно површини најидеални за производство на овие најдобри, односно највитални земјоделски култури. Инаку, да се прават сега селаните како незналици, или неработници, да се прават работници што не знаат како да ги користат овие површини, мислам дека не е фер. И мораме да признаеме дека селаните бившиот систем ги истера надвор од ораниците каде што можат да се произведуваат овие култури со кои што денес комбинатите и задругите се гордеат. Затоа не треба да има големи чудења зошто во приватниот сектор состојбите со производството на селско-стопанските производи се наоѓа на ова ниво.

На крајот би рекол уште нешто дека во бившиот систем се беше подредено за комбинативе и задругите, почнувајќи од кредити поволни краткорочни, долгорочни, почнувајќи од премии и регреси, агромелиорации, или како што велат се што виде убаво тој комбинат или таа задруга сакаше да го има во својата средина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Киро Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво, јас благодарам што имаше богата расправа и конструктивна. Сите конкретни забелешки што беа дадени не ги коментирам. Некои од нив ќе ги вградиме, а за некои ќе седнеме и ќе се убедиме дека има решенија кои што не се така како што се бараат, но во целина земено мислам дека расправата беше доста конструктивна.

Должам некои појаснувања за да не се повторуваат понатаму расправите, или погрешно толкуваат. Јас кажав две дилеми.

Првата дилема е како да избегнеме да не создадеме антагонизам меѓу приватниот сегашниот сектор и постојните комбинати. Барем ако не од оваа говорница и од расправите тоа да не го правиме, затоа што не со бројки, јас ќе ви говорам со дебели анализи дека такво во минатото не постоеше. Тоа не постои и денес. Нашите земјоделци знаат кој кому помогнал. Ако не се едните не можеле и другите и обратно. Од тие причини најдобро е ние таа работа да ја препуштиме во смирена расправа да ја правиме и да бараме решенија. Од тие соображенија ќе дадам само некои коментари.

Прво, околу концептот. Задоволство е што глобалниот концепт освен тоа што Минов го објасни јас ќе кажам покасно, е поддржан и решенијата кои се понудени во него се исто така поддржани, се разбира со дотерувања во правец на она што беше овде кажано.

Концептот на Минов малку ми створи забуна, меѓутоа иако доаѓа од него, или од партијата на која што и припаѓа е доста сериозен. Тој

концепт ќе го разработиме посебно со внимание подразбира следново. Државата треба земјата да не ја дава на концесија на домашни и странски лица и граѓани и правни лица, туку треба да ја продаде. Тоа е крупно политичко прашање. Нашиот Устав на земјата и дал третман дека тоа е добро од јавен интерес и таков третман и даваме и во нашиот закон. Ако е тоа пристап, тогаш немаше ниту потреба да се измачуваме, да слушаме забелешки на делот на законот за концесиите, за закупнината, за другите видови на користење и сл. Тоа е потполно друг концепт на закон, државава ја продава сопствената земја на странци и на граѓани. Тоа ќе го разработиме. Грубо кажано сега тој модел значи следново. Сите комбинати ставање под клуч и со сите последици. Овој концепт не значи дека земјата ќе остане на Комбинатите. Тоа сакав добро да го потенцирам, туку нудиме преодно решение во кое и комбинатите ќе останат корисници под условите пропишани со овој закон ако земјата ја користат рационално и порационално од другите. И денес во постојниот закон сакам да кажам постојат решенија кои тоа го овозможуваат. Вие овде во расправата што со право ја кажавте, се фативте на едно прашање, дали земјата може привремено да се одзема или не. Тоа и досега постоеше. И во Уставот е предвидена таква можност. Земјата не е обично средство со кое се . располага во лична сопственост. Дуќан и земја не е исто. Дуќани можеме да правиме колку што сакаме, а земјата не можеме да ја зголемуваме. Од тие причини останува и натаму ќе остане, сакав да ви кажам дека Владата со таков концепт дека земјиштето без оглед дали е тоа приватно, или државно ќе се користи под исти услови и под ист режим и контрола.

Второ, ова што беше критикувано, ние не мислиме да правиме закон само за Пелагонија. Некои говорат дека Пелагонија има убава земја и таа ќе ја земат тие кои што се околу Пелагонија и ќе заврши работата.

IX/4

Ние правиме закон и за Дебарца каде што земјата не ја работи и немаме кому да ја дадеме ако земјата не се работи, а таму не се работи земјата. Ако во Пелагонија има интерес, во Дебарца нема интерес и во други места на Македонија. Прашање е сега дали државава има доволно земја и за Крива Паланка и за Река и за други подрачја и Дебарца да ја даде на сите. Не. И тоа, е спецификата која што е проблематична во конципирањето на моделот на законот. Бидејќи секој поаѓа од тоа дека земјата е во Битола и само битолчани околу неа ќе бидат тие што ќе ја купат ако се продава од државата, или ќе ја користат. Не. Ќе појдат сите, и оној од Крива Паланка ќе појде да ја купи земјата, или да ја земе под закуп на концесија.

Во забелешките се постави прашањето на српските утрини. Во минатиот закон и овој што ќе доаѓа на наредна седница на 17 е законот за пасиштата. Во него е третирано прашањето на утрините и селските утрини во тие рамки. Ние не можеме во овој закон сега да воведеме трета категорија на сопственост: државно земјиште, приватно и селско, а што е тогаш градско земјиште? Во законот за пасиштата сакам однапред да кажам дека во него имаше забелешки и тие се вградени дека земјиштето и пасиштата околу селата ќе се даваат на месните заедници на користење на начин како што е таму и пропишано. Од тие причини тоа овде не го решаваме, сакам да појаснам за да не создаваме забуна и пред јавноста.

Прашањето на условувањето со продажбите беше старо решение во законот. Уставен суд не го поништи цело решение. Го поништи условувањето на продажбата само за делот каде што стоеше дека земјата треба да се понуди на комбинат па на општината итн. И не е условувањето така строго поставено, туку дава предност за да престане

ситнењето на земјиштето во Македонија, бидејќи во Македонија 57% од сопствениците на земја имаат до два хектара земјиште. Тоа никаде во светот го нема. И тие што од светот ни држеа лекција дека треба земјава да ја дадеме, ќе кажам после малку повеќе за тоа. На приватните во тие држави еден фармер има 108 хектари земјиште во сопственост, а ние 57% до 2 хектара земјиште. Од тие причини ги предлагаме овие решенија кои што не се така крути, меѓутоа даваат предност на овој начин да се групира земјиштето да не се раситнува и натаму бидејќи кажавме лимитен фактор е затоа што земјата е распрарчена и имаме ниско производство. Не е тоа кој е попродуктувен, туку кој има помала површина во случајов.

Прашањето на пренамената имаше забелешки особено за сфаќањето дали треба да биде построго, или не. Ние сметаме дека треба да бидеме покрути во тој дел, барем оваа генерација да не овозможи раскрчмување на земјата која треба да ја оставиме за идните генерации. Меѓутоа имаше забелешка околу тоа, правата на министерот за утврдувањето на висината. Сакам да кажам едно дека е јасно вредноста од 50 пати градските приходи е толку јасна што во секој поседовен лист кој продава земјиште утврдена е вредноста таму внатре во самиот поседовен лист и само се множи со 50 пати ако се утврди дека тоа ќе биде 50 пати. Меѓутоа,  ја задржувам обврската што беше кажана во овој дел да направиме некое подобрување на текстовите кои што ќе ги видите во наредната фаза.

Концептот на Минов пак ќе го појаснам и ќе повторам, заговара дека нетреба да се врши централизација на парите од овој закон по разни основи. Во Македонија ние не ќе имаме секаде иста состојба и

случаи да ги решаваме по овој закон. Во кој правец? Прво ако е така ќе треба да потхрануваме пренамена на земјиште да собираме пари, да ги трошиме на подрачјето, а таму нема земја, не ќе ја пегламе ние па да создадеме поголема површина, туку концепцијата е ако РЕК - Битола и натаму користи земјоделско земјиште го пренаменува и ќе вади ќумур. Таму ќе се повратиме со средства од државата собрани од сите и тоа земјиште да го вратиме во првобитна положба. Тоа ќе биде друг пат на друго место, зависи што ќе ни носат идните генерации. А никако сега да собираме пари од пренамена па да ги трошиме за други функции, да подхрануваме нерационално трошење на земјиштето, односно трошење на она богатство што треба да го оставиме за идните генерации во Македонија. Од тие причини концептот е овој кој што го кажуваме. Спротивното е кажав се друго кое што не се лепи на ваквата политика.

Доста беше критикувано прашањето на 15%, ветувањата за 15-те%. Сакам јавно да појаснам. Ние сме самостојна држава, суверена. Јас положив заклетва дека ќе го почитувам Уставот и законот на Македонија, не да слушам некои од надвор кој што ќе кажат дека треба да правите вака и тоа што ќе го направиме мора да биде во рамки на законот. Тоа 15% одговара да се спроведе, беше незаконита одлука која никаде не е ниту објавена, само е донесена и тоа кажувам повикана на член 26 и 22 од Законот за земјоделско земјиште постојниот во кој што стои: кога претпријатието што не ја користи земјата, ова што го оспорувате и вие, подолг период државата може да му ја одземе. Меѓутоа, тој концепт одеше на тоа дека се одзема земјата од прва до трета класа. Што значи тоа практично? Да му земеме на Сингелиќ - Скопје земјиштето што се наоѓа меѓу двете фарми и да го оставиме без земја и кравите да ги

продавате. Тоа незнам кој може да го спроведе и тоа кажувам на начин кој што во закон не е направен. Иста беше тезата дека сето тоа ќе го вградиме во закон и тоа го чиниме во овој закон и тоа го овозможува. А тоа значи ќе ја даваме земјата на концесија на домашни и на странски лица и на претпријатија кои што ќе се вклучат. Случајот подразбира дека претпријатијата од аграрот се веќе приватизирани. Според тоа, ние мораме да разговараме сега за еднакви субјекти. Дискусиите околу тоа сега кој е подобар, кој е полош ќе продолжат и натаму кога ќе расправаме за тоа кому ќе ја даваме земјата. Меѓутоа, овој закон отвара процес и денеска. Членот на кој што јас инсистирам да остане за тоа дека кој не ја работи земјата ќе се одземе, тоа важи за комбинатите. Ние тоа и денес веќе го правиме. Во Прилеп, Скопско, Росоман, комбинатите не ја работат земјата. Ние ја одземаме и ја даваме на земјоделци кои ја користат навистина професионално. Тоа ќе го правиме и на пролет многу по масовно и кај сите други. Целта е да створиме натпреварување земјата рационално да се користи. Меѓутоа, неможеме да му ја одземеме на еден комбинат кој што остварува пет пати повисок принос од другите, ниту да го затвориме денеска за да утре направиме тоа што се случи кај комшиите. Македонија не ја споредувам со никоја друга држава затоа што не е тоа, ниту била тоа. Ние имавме секогаш поинаква аграрна структура од другите држави. Од тие причини ќе си градиме закони како нам ни одговара во нашите услови. Секој рез направен набрзина ќе биде катастрофален во Македонија. Оттаму стојам за овој концепт кој што и вие го поддржавте освен тоа Минов што го кажа. Мислам дека е тоа потполно спротивен концепт државата да ја продаде својата земја. Ќе го проучиме, но кажав засега ние ќе дојдеме со овој концепт кој што го

предложивме со дотерувања кои што вие ги дадовте и еве, кажав ќе одржиме една стручна расправа на поширoко ниво да видиме некои решенија дали можат да бидат поубави. Инаку глобално мислам дека е задоволство тие прашања што беа покренати така и да се решат.

Одговор на Вељо Тантаров за прашањето за задругите. Законот за задругите е во фиока, тоа е платено пред две години со пари професори да го прават. Оценувам дека тој закон не треба да дојде во Парламентот од две причини. Првата причина е нема што да предложиме во тој закон бидејќи со Законот за трговските друштва решено е како се формира задруга, како со неа се управува и сите елементи да не ги повторувам овде. Единствен елемент што беше специфичен да може да се прави закон за задругите заради задружната земја која би била предмет на управувањето. И тоа, со овој закон и со други закони кои што ги донесовме се иззема и задругата земјоделска нема никаква специфика да можеме да носиме посебен закон за нејзиното работење. Меѓутоа, стои обврската, Владата треба да го разгледа прашањето да носиме закон за задругите во Македонија за да го регулираме тоа прашање. Бидејќи во досегашната пракса од овие седумдесет и неколку задруги кои се приватизирани сите имаат добиено третман на задружна сопственост за задругите. Мал е бројот што имаат друг третман. Меѓутоа, кажав дека засега не е приоритетен тој закон бидејќи никого не кочи во работењето, има закон за трговски друштва, регулирано е тоа прашање, Земјиштето се работи од тие што им е доделено и можат да го користат сите корисници. Останува обврската да го проучиме и тоа прашање за наредна година и тој закон да го ставиме во процедура ако оцениме дека е така.

IX/9

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ПАНЧО МИНОВ:**

За персирањето Минов, Минов, десет пати му благодарам на министерот. Во однос на концепциското несогласување мислам дека е многу природно и логично затоа и во тоа и се разликуваме. јас како пратеник на пратеничката група на ЛДП, тој како министер на Владата на СДС неговото објаснување мислам дека не е аргументирано издржано по однос на тоа дека земјоделското земјиште според Уставот е добро во општа употреба. Самиот Устав и Предлогот на овој закон признава сопственост државна и приватна. Но, објаснувањето на министерот дека за тоа што земјоделското земјиште по Уставот е добро во општа употреба не дава за право во конкретниот закон да се забранува прометот на она земјоделско земјиште кое досега беше општествено, а со овој закон се национализира како државно. Разликата е во тоа што третманот и статусот на добро во општа употреба не значи дека не може да се користи тоа, бидејќи како такво добро предвидува и права и обврски, дека има и за сопственикот права и обврски бидејќи има и социјална функција. Не значи ако биде во приватна сопственост дека како заштита, како гаранција на тоа што е карактер на земјоделското земјиште како добро во општа употреба бидејќи само со тоа што е во приватна сопственост нема да биде остварено. Не значи дека ако е под државна сопственост само тогаш добрата во општа употреба ќе бидат заштитени како што му е позицијата и статусот. Во тоа всушност е и разликата и во тоа е и концепциското застапување наше како пратеничка група да ние одиме во приватизација на државната земјоделска

сопственост. И спротивното од тоа што е и концепт на овој закон да државата преку ставањето рака на она што досега беше општествена, а сега државна сопственост го ограничува прометот на релација од државна сопственост кон приватна сопственост. Ние застапуваме дека ова е уште еден пример каде државата се инволвира, става рака таму каде што и од нашето соседско опкружување и пошироко е евидентно дека во приватна сопственост резултатите од располагање и користење на земјоделското земјиште се поефектни.

По делот на второто прашање, делот на програмата за намената на оние извори на приходи кои се по основ на користење пренаменување или доделување на земјоделско земјиште, мислам дека треба да се дефинираат критериум за разлика од начелното определување во Предлогот за донесување на закон дека тоа ќе се наменува за освојување на нови површини. Треба да се има и критериум да тоа ако е во функција на развој на земјоделието. Мора да има еден критериум за тоа таму каде што се остварува, каде што исто има потреби за развојот на земјоделието, каде што исто има потреби бидејќи општа е состојбата со потценувачкиот однос спрема селото и комуналниот развој на село, па и инфраструктура која пак е во функција на земјоделието како критериум за ако во Кавадарци се остваруваат средства од фондот од земјиште, или од пренамена, или незнам од што во делот на користење на земјоделско земјиште ред е приоритетно да можат да бидат искористени во земјоделието во Кавадарци.

И трета работа, сметам дека нема право ниту министерот ниту било кој да преку толкување, повторно е тоа државата го толкува она што Собранието како закон го донесе, а тоа е по Законот за трансформација на општествените претпријатија и земјоделски за 15%.

15% кои што требаше од земјоделските и општествени земјишта да одат во приватизација треба да се реализира, а со подакти на Владата не се реализира. Тоа е пак концепциска разлика меѓу овој концепт што е на СДС и она што значи кон приватизација што е застапување на ЛДП.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор пратеникот Вељо Тантаров.

Ве молам немојте од место да дофрлувате.

Господине Даневски немојте да дофрлувате од место.

Има право секој да земе збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Сакам да кажам нешто околу ова што го коментираше министерот, во врска со тие 15% одземање на површини.

Министре, ние не бараме тоа да се одземе само од Пелагонија. Ние бараме, како земјоделци да се одземе од сите задруги и комбинати. Всушност така е и запишано во мерките и активностите за задоволување на условите пред светската банка за САЛ кредитот. Значи не бараме само од еден комбинат, бараме од цела Македонија.

Инаку вие добро знаете дека врз основа на овие мерки што се објавени во овие факти,ако треба да му веруваме, во Битола се формирани две фарми со по 100 грла крави, без земја. Луѓето се надеваат дека со овие мерки ќе добијат таква земја. Сега фактички тие се излажани. На нив сега ништо не им останува освен кравите да ги тераат на кланица. Без храна не се може.        .

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Јас ќе повторам.

Светска банка има право да поставува услови, ние да ги исполнуваме, да се приклучуваме кон нив, ако имаме интерес за таа работа. Меѓутоа се што правиме правиме во рамките на Уставот и законот.

15 % земја објавено со одлука на Агенцијата, во Службен весник, не на државата туку во нивното гласило, во гласилото на Агенцијата

не е обврска за никого, а за мене воопшто. Затоа предлагаме закони, не случајно. Реформа во земјоделието се прави само со закони, не со зборови, не објавени во службени гласила на кои никој не може да се повика. Докузовски не потпишал решение на ниедно такво гласило кое не се повикало на закон, без оглед дали е во прашање светска банка или САЛ-кредит. Ние условите ги исполнуваме и во матрицата на САЛ-кредитот то е прифатено, дека место одземаше на начин што е незаконски, ќе го направиме на законски начин. Не одземање, пак, од прва до петта класа. На начин пропишан како што овде го дискутираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има во предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, како и од укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и од укажувањата од расправата на седницата на Собранието ќе се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјо-делство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

X/3.-

Минуваме на 9-та точка од дневниот - Предлог за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ од Битола, во стечај.

Предлогот за донесување на законот и мислењата на Владата ВИ се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Кире Видимче, еден од предлагачите на Законот.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Конечно стигнавме да расправаме и за овој предлог на закон. Велам конечно затоа што, сепак законот е даден во процедура на 6 ноември, значи пред повеќе до месец дена. Беше ставен на дневен ред за оваа седница која требаше да почне на 26 ноември, требаше да биде 7 точка, за жал, беше поместена како 9 точка, имаше многу одлагања, поместувања и на крајот сме тука каде што сме.

Инаку, предлогот за донесување на Законот за преземање на стечајната маса од ТАТ е логична последица на случувањата кои во последните 9 месеци ја потресуваат Македонија, посебно Битола.

Сега накратко би сакал да ви ги опишам тие случувања:

Се почна со долга психичка подготовка на граѓаните односно потенцијалните штедачи на штедилницата ТАТ за се разбира "реномето и квалитетот на штедилницата" кои требаше да обезбедат сигурност за нивните штедни влогови.

Целата оваа активност беше сесрдно поддржувана од Владата и министрите во неа, преку нивните јавни истапувања со пофалби за ТАТ, а се разбира и преку однесувањето на НБ на Македонија која преку своите високи оценки и добри карактеристики активно ја дополнуваше

X/4.-

сликата за ТАТ. Како круна на сето ова во секој случај е доделувањето на признанието за бизнисмен на годината на сопственичката на ТАТ.

Сето ова гледано од денешна гледна точка може лесно да доведе до заклучок дека се работеше само за добро подготвено сценарио.

После пукањето на тиквата, некаде кон крајот на февруари о.г., за штедачите почнаа ноќни кошмари, долги редови пред вратите на штедилницата за добивање на толку бараните штедни книшки за кои, еве сега слободно може да се рече дека и ништо не вредат. Долги редови и турканици пред списоците со редните броеви на тие исти штедни книшки. Потоа денови полни со неизвесност и вчудоневидување дека, еве, такво нешто може да се случи и овде во Македонија.

Следеше повторното стапување на сцена на НБ на Македонија која со своите луѓе сега требаше да изврши анализа на работењето на таа иста штедилница која до вчера, тие исти луѓе со поли усти ја фалеа. Патем речено, луѓето до Народна банка упаднаа во штедилницата ТАТ, се разбира заедно со припадниците на МВР, без никакво присуство на сопственичката на ТАТ или барем на нејзини претставници и намерно или случајно оставија простор, не само за сомневања туку и можност за конкретни потези на одбраната на сопственичката на ТАТ, во понатамошните судски постапки. На страна до сето тоа се и искажаните сомневања во јавноста, што би рекле, во Битола чаршијата зборуваше дека при тој упад во ТАТ се земени и однесени одредени документи кои воопшто не требаше никој да ги види.

Следеше долго и мачно купување на време со наводната тешка и стручна работа на екипата за ревизијата на НБМ за која сега слободно може да се рече дека главната работа си ја заврши, обезбеди релативно мир во Битола и кај штедачите и уште еден ипол месец купи за Владата и констатира дека капиталот на ТАТ е тежок 37,5 милиони германски марки.

Сите овие случувања активно беа надополнети со јавни насапи на претставници на НБ, особено на претставниците на Владата

каде што се искажуваше спремност да се излезе во пресрет на ограбените штедачи.

Во овој дел од сценариото главната улога ја одигра премиерот со неговите ветувања а посебно со својот врел говор што го одржа токму од оваа говорница, кога покрај другите големи и тешки зборови и јавно најави дека ниту свети СДСМ нема да го спречи во борбата против тогаш и за првпат јавно промовираниот октопод.

Со провирањето на октоподот, патем речено, имав среќа јас заедно со мојот татко извесно време да се осеќам и октоподски, бидејќи како што знаете сите беше објавено дека мојот татко активно придонел за аферата ТАТ, со тоа што во јануари 1993 година, замислете еден цел месец штедел 6.000 денари или околу 220 германски марки, се разбира во ТАТ и се разбира по редовна камата.

Беше објавено, па и тие тоа што го дадоа на јавните гласила, а и тие што тоа го објавија, што би се рекло, го кажаа и останаа живи. Важно укажаа јавно на октоподот, и уште повеќе, во едно од дневните гласила на РМ и јавно го преиспитуваа мојот морал пред моите бирачи.

Оставките на некои министри, како и промената на дел од министрите од Владата на РМ кои следеа по жешкиот говор на премиерот иако од тогаш помина долго време не дадоа одговор на прашањето кој беше фамозниот министер во тренерки за кој битолската чаршија и ден денес толку упорно зборува.

Стручната експертиза од Заводот за судско вештачење, по- крај тоа што потроши додатно време, донесе уште нешто ново. Активата на ТАТ ја проценија над 50 милиони германски марки, но за жал таа судска експертиза не успеа да ги разјасни начините како стручните луѓе на НБМ дојдоа до бројката од 37,5 милиони германски марки. Но, што е тука е.

X/6.-

Во повеќе наврати следеа долги разговори помеѓу претставниците на штедачите и премиерот за изнаоѓање на соодветни начини како да се надминат актуелните проблеми. Но, веќе беше се поочигледно дека премиерот повеќе не е спремен ни за разговарање.

Во тој период, некаде пред прекинувањето на тие разговори, баш во просториите на Владата на заедничка средба помеѓу премиерот, министерот за финансии, нас пратениците, како и претставниците од штедачите, го изнесовме и предлогот за преземање на стечајната маса од страна на РМ. По повод тој предлог, дури премиерот побара и писмена понуда од претставниците на штедачите. Таа писмена понуда премиерот ја доби во рок од неколку дена и со самото тоа што воопшто до ден денес не одговори на таа понуда, се покажа дека сето тоа било само добро подготвено сценарио за купување на време.

Очигледно е дека за сето ова време премиерот се играше со граѓаните штедачите и многу благо речено, ги влечеше за нас. Замислете, при сите тие разговори, премиерот при себе ги имаше и експертизата на НБ, а после тоа и наодите на Заводот за судско вештачење, а штедачите немаа ништо. Да не зборувам за нас пратеници, кои според заклучоците на ова наше собрание требаше да ја имаме експертизата како и извештајот за ТАТ но и до ден денес од тоа немаме ништо.

Во тие разговори падна и првата понуда од премиерот која од прилика гласеше вака: ајде да ја преземеме активата на ТАТ за 37,5 милиони германски марки и да не зборуваме повеќе. Премиерот тоа го рече еден ден пред официјалното објавување на резултатите од судското вештачење, односно во време кога кај себе ги имаше прелиминарните резултати од судското вештачење за оние 51,5 милион германски марки.

Со ваквиот чекор премиерот се надмина и себе си, нудејќи им на депримираните штедачи купување на активата по значително пониска цена од судското вештачење.

X/7.-

Паралелно со сето ова во Битола почнаа собирањата и јавните митинзи кои, за жал во одреден миг достигнаа дури и точка на вриење и за многу малку беа избегнати и многу тешки последици. Следеше донесувањето на популарниот закон со кој Владата толку милосрдно се однесе спрема штедачите. Предложи со своето мнозинство го донесе законот за помош на штедачите која помош штедачите не ја сакаа. Тие отворено застанаа против носењето на тој закон, но што се може. Силата не прашува за правдина.

Што имаме сега? Имаме закон кој е донесен, како што реков спротивно на волјата на тие самите на кои им е наменет. Имаме закон кој донесе дискриминација на штедачи кои треба да го докажуваат потеклото на своите штедни влогови, кој став патем речено, го укина Уставниот суд на Македонија, многу брзо после донесувањето на законот. Имаме закон кој донесе неопишани турканици на над 12.700 пријавени побарувачи. Имаме закон кој донесе над 7.000 приговори при неговата реализација. Имаме закон кој обезбеди јавно истакнување на списоците со имињата на сите штедачи, заедно со нивните адреси, притоа знаејќи дека штедните влогови, согласно Законот за банки и штедилници се тајна. Но, се разбира за ова никој не беше повикан на одговорност.

На крај имаме и закон по кој е исплатена една нецелосна рата, бидејќи остатокот го изеде девалвацијата и констатација дека нема ни теоретска шанса законот да се спроведе во целост, во рок кој е определен со законот.

За жал, премиерот, воопшто не сакаше да ја прифати идејата, средствата кои беа предвидени со законот за кредитирање на штедачите од ТАТ и останатите штедилници, да се спои со предлогот за преземање на стечајните маси од штедилниците и со тоа да се имаше период од повеќе месеци за реализација на стечајната маса и обезбедување на средства за понатамошни исплати. Премиерот очигледно повеќе преферираш со тие средства да обезбеди социјален мир односно согласно нивните

анализа да го амортизира поголемиот број на штедачи, а со тоа да го намали притисокот врз Владата.

Паралелно со донесувањето на законот за кредитирање на штедачите од штедилниците, во ова Собрание беше изгласан и заклучок кој гласи:

"Собранието на Република Македонија и препорачува на Владата на РМ да ја согледа можноста за преземаше на целокупната актива од штедилниците ТАТ Алфа"С" и Лавци, со цел да се избегне било какво обезвреднување на имотот кое би можело да настане во процесот на спроведување на стечајната постапка и во рамките на нејзините надлежности и законски можности да предложи и можно решение за надомест на обврските кон штедачите во овие штедилници."

Да потсетам, тоа се случи на продолжението на 68-та седница на ова собрание, одржана на 17 јули односно пред скоро цели 5 месеци. За цел овој период премиерот и Владата не најдоа за потребно ниту да се осврнат на овој заклучок. Јас разбирам дека Владата не се секира воопшто што заклучило ова собрание. Но, мислам дека заради сериозноста на проблемот со уништувањето на Битола, Владата мораше да реагира.

Да видиме што нуди Предлог-законот:

Член 1 вели - со овој закон се определува обврска Република Македонија да ја преземе стечајната маса на. стечајниот должник ТАТ.

Член 2 вели: - преземањето на стечајната маса да се изврши со непосредна спогодба меѓу претставник на државата на Република Македонија, Стечајниот совет, стечајниот управител, по цена која ќе биде утврдена на денот на преземањето на стечајната маса, но не пониска од пазарната вредност на сите поединечни објекти.

Член 3 - преземачот се обврзува средствата за преземањето на стечајната маса да ги депонира на жиро-сметка во рок до една година, посел преземањето.

Објектите на недвижниот и подвижниот имот, како и правата од стечајната маса преземени со овој закон да преминат во сопственост на РМ.

Очигледно законот кој го предлагаме е сосема во согласност со заклучокот на Собранието ко ј, да повторам, на. ,ова! Собрание Владата му препорачуваше како што реков да изнајде можност, целокупната актива да ја преземе државата. Значи во потполна согласност со заклучокот.

Едноставно кажано ние предлагаме начин како имотот, колкав толкав постои, односно државата да го преземе во сопственост имотот и да го плаќа на рати. Не бараме ништо надвор од тој имот и ништо повеќе од тој имот.

Доколку не се прифати овој закон:

Прво, следува подјадување на стечајната маса на луѓето кои се вработени во стечајната постапка, кои, според мои сознанија моментално се вработени 23 луѓе и некаде околу 15 илјади германски марки имаме одлив на капитал од стечајната маса, секој месец по основ на плати, само за тие вработени во стечајната постапка.

Постапките на лицитации и продажбана имотот по многу пониски цени од вистинските, на сите нас ни се многу познати, од времето на раскрчмување на општествениот капитал и нема потреба посебно да ги објаснува. Значи тоа што законот го нуди, пред се е многу јасно и лесно остварливо.

Знаејќи го сето тоа, како и фактот дека законот што е предложен во целост е во согласност со заклучокот на Собранието, ме зачудува од каде толкава, горчина и агресивност изнесена од членовите на ЗПК, од

редовите на СДСМ, кога требаше да се расправа по нашиот предлог и кога нашиот предлог беше окарактеризиран како крајно лош и уште повеќе како предлог кој има за цел да ја дестабилизира Република Македонија.

Прашувам, дали заклучокот што го усвои ова Собрание беше насочен кон дестабилизација на Република Македонија. Јас тврдам, не. Но, со таквото однесување на пратениците на СДСМ, на таа Комисија, а и мислењето. на Владата кое го добивме после тоа, јасно се стави на знаење дека заклучокот што Пратеничката група на СДСМ го предложи на 68-та седница, иако навидум во корист на ограбените штедачи, беше предложен со крајно нечесни намери односно само да ги залаже штедачите и пак, по којзнае кој пат да купи време за Владата на Република Македонија.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:** (Продолжение)

Морам да ве потсетам, посебно вас пратеници од СДСМ во овој Парламент, ова Собрание веќе го донесе заклучокот, односно истата политичка желба за преземање на стечајната маса.

На денешнава седница, бидејќи се работи за предлог за донесување на закон, само треба да се потврди и операционализира предложениот заклучок и усвоениот на ова Собрание. Ова го велам заради тоа што иако е законот предложен целосно во согласност со заклучокот, за жал, убедам сум дека пратеничката група на СДС нема да гласа "за", а и со тоа сама себе ќе се негира по кој знае кој пат. Верувајте дека навистина би сакал во овој дел да се излажам. Со самото тоа што поголем број на пратеници од СДС ја напуштија салата кога почнавме да дискутираме за оваа точка, многу јасно се покажа ставот на пратеничката група по ова прашан»е, но што е тука е.

Мислењето на Владата по овој закон е приказна за себе. Тие тврдат, цитирам, непостои изричен правен основ за преземање на стечајната маса од страна на РМ. Ако имаше, како што вели Владата, изрични одредби за преземање на стечајната маса, немаше ниту да има потреба од предлагање и донесување на ваков закон. НО, Владата не сакаше да коментира дека согласно членовите: 131, 133 и 134 од Законот за присилно порамнуваше, стечај и ликвидација, можноста еден од евентуалните купувачи на стечајниот имот да биде и РМ, воопшто не е ускратена. Тие членови би сакал да ви ги прочитам, се кратки, гласат:

Член 131

"Имотот на должникот кој влегува во стечајна маса се продава по правило со јавно наддавање.

Стечајниот совет, после добиеното мислење од Одборот на доверители, ако е основан, може да одреди и друг начин на продажба, со прибирање на понуди и со непосредна спогодба, ако со законот не е поинаку определено".

Значи, овде станува збор само за тоа дали Владата односно премиерот сака или не да го почитува заклучокот на ова Собрание, а се разбира и дали сакаат да исполнат барем дел од ветувањата што во изобилие ги даваа на штедачите во месеците веднаш по започнувањето на аферите.

Работите се многу едноставни и Владата немаше потреба од пишување на две страници образложение. Можеше само да напише Владата, односно премиерот не сака да се донесе оваков закон. Значи, маските паднаа. Лага до лага, стигнавме до крај", односно до таму каде што треба Владата односно СДС јасно да каже - да ќе им помогнеме на штедачите, или за жал како што е во овој случај - не, нема д им помогнеме на штедачите.

Следејќи го текот на настаните се повеќе сум убеден дека пратениците на СДС нема да гласаат за донесување на овој закон. Мојата убеденост е дека за жал нема стварно да се оствари ова сето, доаѓа и од фактот дека Владата на РМ во своето мислење препорачува на Собранието односно на својата пратеничка група да не го усвои законот. А, знаејќи дека до сега не се случило пратеничката група на СДС да гласа по свое видување, за жал е јасно дека судбината на овој закон е лоша.

Јас навистина ќе бидам среќен доколку се случи да згрешам во овие мои предвидувања.

И на крај, имајќи ги предвид личните трагедии на голем број граѓани, како и трагедијата во Битола во целина, во името на преку 13 илјади оштетени граѓани предлагам ова Собрание да даде виза да одлучи дека има потреба од донесување закон, бидејќи самиот текст на законот во овој момент може малку да го оставиме на страна, односно тој ќе се моделира во зависност од евентуалните забелешки и амандмани што ќе бидат понатаму во следната фаза. Ние, како предлагачи сме во целост расположени и отворени за конструктивни забелешки, се со цел да се донесе овој закон што ќе ги заштити имотите на пропаднатите штедилници односно закон што ќе ги заштити интересите на измамените штедачи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Гештаковски бара деловнички.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, барам деловнички, бидејќи беше спомната ЗКП, а јас сум како претседател на таа комисија.

Прво, незнам, кој закон е овде пред пратениците, дали законот за ТАТ, за преземање на активата од Владата или пратеничката група на СДС, бидејќи предлагачот овде повеќе зборуваше за мислењето и однесувањето на пратениците од СДС, отколку за штедачите на ТАТ. Пруи тоа не спорно дека можеби секој пратеник, пратеничка група да гради маркетинг на некои работи. Може тоа е нивна оценка и секоја друга партија. Тоа не е спорно. Спорно е при тоа да се изнесуваат одредени невистини, измислици.

XI/4

Прво, ЗПК не расправала по овој закон што е факт, ниту има извештај ниту имаше извештај. Не расправаше бидејќи немаше мислеше од Владата. Точно, беа предлагачите, чекаа, меѓутоа, бидејќи не расправаше ниту матичната комисија, за финансирање и буџет, а нејзиниот претседател е од партијата што го предлага, почитуваниот г-дин Мешков, принцип, согласно Деловникот кажавме дека не расправаме. И не може да се измислуваат измислици на ЗКП, се рушел системот, правниот систем. Сметам дека тоа треба на членовите, а не мене, предлагачот да се извини во име на другите предлагачи ако мисли дека зборуваше во нивно име. Не е разговарано и немаме извештај. Не е расправано. Дали во некои неврзан разговор или нешто таму се разговарало, тоа е друго прашање.

Второ што сакам да кажам предлагачот зборуваше дека овој Парламент донесе закон за кредитирање на штедачите на ТАТ кој ен бил добар. Повелете, повлечете го и изменете го тој закон. Тој закон кој во оваа економска криза и од оваа немаштина 20 милиони марки овој Парламент, во форма на кредит го презеде од кои 17 милиони марки за штедачите во Битола, 3 милиони марки за другите девизни штедилници: Алфа С и Лавци. Тој закон што беше, несакам да повторувам, беше со 5-6 недостатоци. елите дека не е добар, а во овој Парламент водевме расправа дека 60-70% од штедачите во ТАТ - Битола ќе бидат целосно покриени. На неколку пати претставниците на Министерството и на Владата укажуваа дека тој закон со одредено задоцнување, поради неажурност ќе се реализира исе реализира.

Среќни сме, а сигурно и предлагачите дека парите, барем мене колку што ми е познато а барам да го потврди и претставникот

на Владата дека парите за другите две рати се веќе депонирани, обезбедени од НБМ и депонирани на посебна сметка за ад можат да се користат. Значи, обврските по законот што го донесе овој Парламент а што не е основ по законот за предлагачот кој зборуваше законски и правни мерки има да укаже, да го измени или да го повлече.

Трето што сакам да укажам решенијата што ги нудат предлагачите со овој закон, решенија, почитувани пратеници долго расправани кога се носеше законот. Не се нови решенија. Решенија што беа и амандмански дополнувани и од страна, баш да ги спомнам пратениците од СДС и од Битола. Се нудеше член во тој закон за целосно преземање. И во тој дел не помина. Врз основа на укажувањето на сите пратеници, тогаш укажавме дека не се работи за пратеници на една пратеничка група или на друга пратеничка група. Донесен е заклучокот на кој се повикуваат сега предлагачите. Заклучокот е многу јасен и гласен. Точно е дека заклучокот е донесен во јули, на продолжение на 68-та седница одржана на 17.07.1997 година. Мислам дека во тој заклучок, го прочита предлагачот, многу јасно и гласно што овој Парламент ја задолжи Владата.

Ја задолжи Владата да ги испита сите можности во рамките на нејзините надлежности и законски да предложи можно решение за надомест на обврските кон штедачите во овие штедилници, во рамките на законските можности. Можностите на Републиката, а сигурно и Владата од спроведувањето на законите, а овој Парламент не ги задолжи пратениците од ЛДП, Демократско либералната партија што се повикуваат на тој заклучок, тој точно е во сила и Владата ќе го извести овој Парламент, по однос на текот на стечајната постапка и одредени

активности што ќе ги презеде. Сакам деловнички пак да укажам, го пивикувам предлагачот, г-динот Видимче, во име на членовите бидејќи не расправале, сигурно тој да им се извини.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-днног Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине потпретседателе, за жал, дозволивте под името на деллвничка интервенција да имаме дискусија. Во секој случај неможе да оспориме, меѓутоа, сепак, требаше да биде по редоследот на нештата, тогаш кога ќе му дојдеше ред за дискусија, е не сега.

Што се однесува на забелешката на г-динот Гештаковски, јас го сфаќам неговото несогласување. Но, морам да го кажам следново:

На таа комисија, навистина не се расправаше за таа точка, но во договарањето околу дневниот ред каде бевме присутни 3-цата предлагачи, јас како еден од предлагачите добив збор. За жал, другите предлагачи не добија, на друг начин, збор, во разговорите околу дневниот ред. И, ова што го кажав дека законот, како што кажав, нуди неубави работи, па Македонија односно е насочен против интересите на Македонија, за жал мислам дека го кажа г-динот Гештаковски на таа комисија, во договарањето околу дневниот ред.

Што е вистина тука е. Јас лично како Кире Видимче излегов со многу тешки чувства од таа сала. Многу непријатно чувство. Не сакав да

го кажам името и презимето, но ете г-динот Гештаковски сам побара да го кажам тоа име.

Второ, што се однесува до заклучокот, јас би сакал да ги чуеме и стенограмите и тонскиот запис. Г-динот Гештаковски пропушти да прочита дека заклучокот гласи вака:

"Собранието на РМ и препорачува на Владата да ја согледа можноста аз преземање на целокупната актива на штедилниците". Ова, за "преземање" г-дине Гештаковски случајно или намерно пак го пропуштивте сега во разговорите.

Јас морам да потсетам овој предлог - заклучок што го понуди пратеничката група на СДС, а долу е потпишан г-динот Љубомир Поповски. Тој заклучок, зборувам, за него и во него буквално стои "да ја преземе целокупната актива". Не питува друго. Ова е ваш заклучок. Јас зборувам за документи, за ништо друго. И сега, ве молам, ако имаме пишани документи, илузорно е да расправаме што сме рекле, како сме рекле кога има за тоа пишан документ.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-динот Видимче заврши со зборовите, зборувал на документи. Нема никакви документи. Не покажува документи. Јас најотворено можам докажам дека во јавноста и Парламентот се служи со измами.

Ниту сум рекол дека тој закон е донесуван. Водевме расправа за дневниот ред и само не видов дека г-динот Видимче од таму излезе со насолзени очи и плачеше.

Сите сме да се реши во рамките на можностите. А, инаку отворено кажувам дека тоа лаже,и пратениците и јавноста во тоа што сме исти не само во однос на овој закон.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Морам да ве потсетам дека јас реков дека излегов со многу тешко срце и тешки чувства. Јас не плачев. Меѓутоа, морав да ве потсетам дека цела Битола плаче. Ако тоа не го знаете, повелате во Битола па да видите.

И, факт е дека г-дине Гештаковски на многу груб начин нашиот закон го окарактеризира како закон кој има цел да ја дестабилизира РМ. Јас тоа го запишав денес, при излегувањето, буквално така рече. Колку е добро, колку е лошо ќе оцените сами Но, за жал од тоа нема аудио запис, бидејќи тоа се разговараше неофицијално во усвојувањето на дневниот ред. За тоа што го кажав стојам, нормално. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Станковски.

XI/9

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги,

Јас мислам дека сите ние би требало да го поддржиме овој предлог за донесување на закон на групата на ЛДП. Јас ќе се осврнам на еден дел нас штедачи, конкретно од Македонија реклам, Алфа С и Лавци кои на некој начин се изземени и за кои предлагам да бидат прифатени и предлагачот на законот да ги третира подеднакво како и штедачите од ТАТ.

Посебно ќе се осврнам на штедачите од Македонија реклам кои, до сега, многу пати се обраќаа до претседателот на државата, до претседастелот на Владата, до министерот аз финансии, правда, внатрешни работи, меѓутоа резултатот и после ветувањето дека ќе се направи нешто, не се направи ништо.

Мислам дека штедачите во Македонија реклам имаа исто право како и другите штедачи од другите штедилници како што се Алфа С, Лавци и ТАТ да бидат третирани подеднакво, бидејќи беа измамени подеднакво. Техниката на измамувањето беше иста. Во конкретниот случај штедачите на Македонија реклам беа излажани со тоа што беа повикувани граѓаните во Републиката да штедат во Македонија реклам, а тоа беше поддржувано од највисоките структури и, човекот кој ја водеше таа фирма беше прогласен за еден од 10-те најдобри стопанственици во оваа држава.

За оваа состојба граѓаните да бидат измамени придонесе и инспекцијата на; НБМ односно НБ која требаше по укажување на инспекциските служби дека не постои формална регистрација за работа со девизни средства, сепак НБ остана глува и со тоа придонесе кримина-

лот да навлезе и во оваа штедилница односно тоа претпријатие.

Јас мислам, на крајот, дека сите овие три штедилници Македонија реклам, Алфа С и Лавци би требало предлагачот на законот рамноправно да ги третира, бидејќи едната од нив, Македонија реклам воопшто не беше третирана во законите што ги донесовме.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Последен дискутант беше г-динот Станковски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа,

Предлогот што денеска е пред вас предложен е од пратениците г-динот Кире Видимче,. Наум Симјановски, Слободан Најдовски, кон кои се приклучи и г-динот Стојан Андов, според мое мислење има многустрано значење. НО, сепак, првото и основното значење според мене е на еден посмирен начин, во една порелаксирана атмосфера да расправаме за проблемот на пирамидалното штедење и измамата на граѓаните исто така под форма на штедење.

Навистина очекував дека и денешната расправа така ќе биде, посмирена, порелаксирана, но почетокот покажува дека некого навистина тоа страшно го загрижува што се отвора ова прашање во највисокиот

законодавен- дом во РМ, па мора нервозно да се реагира, односно да се реагира на такви начини како што беше и појавувањето на самата афера ТАТ.

Ние, тогаш сите сме сведоци дека во една атмосфера како што се одвиваше расправата уште при крајот, односно во текот на март оваа година, имавме такви панични реагирања на институциите во РМ, имавме такви ветувања од највисоките личности во државава, пред се од претседателот на државата г-динот Киро Глигоров и премиерот Бранко Црвенковски дека овој случај навистина ќе се разреши на начин како што заслужува и како што треба да се реши.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (Продолжение)

Јас се надевам дека и претседателот на државата, г-динот Глигоров и премиерот на Република Македонија во своите обраќања кои што ќе ги имаат на 16 односно 17 во овој парламент ќе го изнесат своето мислење и ќе кажат до каде се со разрешавањето на оваа ситуација.

Тогаш, од првите личности ги добивме ветувањата дека целокупниот случај со аферите во штедилниците ќе биде докрај расветлен. Воглавно тоа расветлување требаше да се одвива во неколку правци.

Прво беше речено дека ќе се открие каде се парите на штедачите односно кој ги зел тие пари.

Второ, беше речено, дека ќе се обесштетат штедачите на адекватен начин и ќе им се вратат парите на оние кои што чесно и во склад со законските норми штеделе во споменатите штедилници.

Трето, беше ветено дека ќе се откријат сите виновници, посебно оние кој подигнале односно зеле пари од штедилницата "ТАТ" во периодот кога одредени надлежни институции ја почувствувале пропаста на "ТАТ".

И на крајот јасно и беше ставено на македонската јавност дека целокупната постапка ќе се одвива со целосна јавност и информациите ќе бидат достапни до сите граѓани на Република Македонија.

За жал денес имаме една состојба каде што немаме одговор на ниедно од овие четири ветувања или овие четири прашања. Имено, од откривањето на патот каде исчезнаа парите од штедилниците до денес во јавноста не се знае ништо.

Второ, обештетувањето кое беше ветено од страна на највисоките личности во Република Македонија е незначително со законот за предвремено кредитирање и морам да кажам дека е крајно несредено за што во прилог ни говорат големиот број на приговори од штедачите во штедилницата "ТАТ" како и начинот на кој што тоа се спроведуваше во деновите кога беа истакнувани списоците за обештетување.

Јас морам да кажам дека тие денови кога се истакнаа списоците за обештетување на штедачите од "ТАТ" Битолчани се чувствуваа навистина крајно навредени, пред се, затоа што мора целокупната јавност да ги гледа како се собираат пред staклата на поранешниот дел од општината таканаречено Борово и по два три саати да се бараат на тие списоци.

Третото кое што се однесуваше на тоа дека ќе бидат откриени виновниците и ќе бидат изведени пред суд, морам да кажам досега, барем за јавноста не е откриена не е изведена пред суд ниедна личност која подигнала пари . Сите обвиненија кои што се сега подигнати се за личности кој што дале пари во "ТАТ". Не навлегувам колку се тие во склад со законот или не се во склад, тоа ќе кажат, се разбира, надлежните судски органи. Се поставува прашањето, зарем не можеше да се откријат личностите кои што ги подигнале оние пари кој што последниве денови од "ТАТ" преминаа преку платните налози од Заводот за платен промет . Од тоа немаме ништо. Тоа е првиот дел на кој што сакав да укажам.

Вториот дел за кој што треба во овој Парламент да расправаме е каква е моменталната состојба. Морам да кажам, за голема жал на сите нас овде, како пратеници во највисокиот законодавен дом, барем јавно немаме никаква информација што се случува и како се одвива сос-

тојбата со штедилницата "ТАТ" на седницата од 24 септември побарав одговор на неколку пратенички прашања поврзани со "ТАТ", а на 25 септември побарав изготвување на две информации и тоа: Информација за исплатата на средствата во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата по однос на штедни влогови, и втората информација, Информација за тоа што презема Владата на Република Македонија во врска со заклучокот на Собранието на Република Македонија за преземање на стечајната маса од "ТАТ".

Морам да кажам дека и тогаш како и денес во име на Владата прво ми одговори г-динот Гештаковски. Цитирам за да не биде поинаку протолкувано: Првите зборови беа истите како и денес дека ова е маркетинг. Цитатот гласи: "Во име на маркетинг не се игра со штедачите . Исто г-динот Најдовски ни наметнува Информација пак во име што многу жалам што морам да кажам бидејќи на самата вчерашна седница го постави исто како пратеничко прашање кое согласно Деловникот Владата ќе му одговори за исплаќањето. Г-динот Најдовски мислам дека многу добро го познава Деловникот, знае да се изјасни дали е задоволен или не, да постави дополнително прашаше, да бара од ова Собрание да расправа".

Овие беа зборовите на г-динот Гештаковски кој што тогаш и те како ме нападна дека водам некој маркетинг за штедачите и дека ако го знам деловникот Владата ќе ми одговори и ќе имам право на дополнително прашање. Како што реков прашањата беа на 24 септември. Владата до ден денес, за жал, не одговори на овие прашања. Денес е 10 декември што значи Владата не ми дава можност за дополнителни прашања по однос на поставените пратенички прашања и дека тогаш г-динот Гештаковски иако сакаше да ја одбрани Владата, напротив сметам дека ја нападна.

XII/4 . -

Во склоп на тие информации претставникот на Владата на Република Македонија г-динот Бузлевски, ни одговори: "Имаше два предлози, ако јас добро ги систематизирав. Владата не прифаќа изработка ни по едниот ни по вториот предлог за такви информации, туку ќе одговори во што е можно побрз рок на пратеничките прашања". Пратеничките прашања како што реков сеуште не се одговорени и се чини тој можен побрз рок за одговор на пратеничките прашања ќе трае многу подолго. Тоа е по однос на поставувањето на прашањата во овој Парламент и отворањето на прашањето за "ТАТ"

Ова не сакам да го кажам од било кои други побуди, туку напротив од аспект што сметам дека одложувањето на проблемот и замаглувањето на проблемот нема да ме води кон разрешување на проблемот. Најмалку на сите нас тоа сега ни треба. Ако на почетокот на избивањето ан ова афера "ТАТ" можевме да ги разбереме паничните реакции на надлежните институции, на личностите во државава, сепак во овој момент кога од една временска дистанца го разгледуваме овој проблем, навистина не можат да се разберат реагирањата на начин како што сега се реагира.

Би се задржал, според мое мислење, зошто е потребно да го донесеме овој закон.

Иако не се по редослед на важноста причините за донесувањето овој закон, би напомнал само неколку.

Првата и основана причина е заради да го зачуваме дигнитетот на нас пратениците и Парламентот како институција во република Македонија. Имено, да докажеме дека сме доследни како луѓе, како пратеници, како заштитници на интересите на граѓаните, дека кога нешто ќе ветиме, дека кога ќе донесеме некој заклучок и навистина ќе бараме до крај да

се спроведе. Ова не е прв пат ова Собрание да донесе заклучок, јас тогаш реков дека предлогот на заклучокот е најголем цинизам бидејќи Владата на Република Македонија тоа го знаеше и имаше таков предлог и дека требаше да одговори. Но, сепак тој заклучок парламентарното мнозинство го донесе. И, ако го донесе, сега ако држиме до својот дигнитет, ако држиме до своите личности треба да побараме од оној кого го задолживме односно од Владата на Република Македонија кој заклучок да се спроведе.

Вие знаете ние донесовме неколку заклучоци кои само во неколку дена сами си ги порекнавме. Донесовме заклучок дека проблемот со имотот на црквите ќе се разреши со Законот за денационализација. Истите ние го донесовме тој заклучок, истите ние на претходната седница односно тие што гласаа за тој закон го порекнаа својот заклучок.

Втора причина зошто треба да се донесе овој закон е заради правилно воспоставување на односите помеѓу Собрание на РМ и Влада на РМ. Имено, да се знае дека Собранието на Република Македонија пред шест месеци, донесло заклучок, ја задолжило Владата на РМ да испита една околност, а до ден денешен Владата го игнорира Собранието и не им одговара на пратениците по однос на тоа прашање.

Што се постигнува ако гласаме за донесувањето на овој закон.

Прво, сметам дека ќе постигнеме враќање на довербата на граѓаните во институциите на системот. Не еднаш сме зборувале од оваа говорница дека граѓаните на РМ се повеќе и повеќе ја губат довербата во функционираше на истите на системот. Со еден ваков закон ние на тие граѓани оштетени во штедилниците ќе им ставиме до знаење дека во

во оваа држава треба да им се верува на институциите. Во спротивно ќе ги оттргнеме до крај да ја изгубат било каквата доверба во функционирањето на институциите на системот.

Второ , ќе се постигне враќање на вербата во институтот штедење, во РМ како една од важните компоненти, како еден од најважните извори за инвестиции во РМ.

Вчера имавте можност сите во "Нова Македонија" да прочитаме во известувањето од испитувањето дека граѓаните на Битола се најголемите штедачи во РМ. Најголем број во проценти граѓаните од Битола штедат, но од друга страна веднаш, другиот аргумент зборува дека граѓаните од Битола се тие кој повеќе не му веруваат или во најголем процент не му веруваат на банките и штедилниците во РМ и во понатамошниот процес на штедење на своите средства.

Затоа ако го донесеме овој закон ќе се обидеме ако не друго да ја вратиме довербата и во тој институт.

Трето, ако го донесеме овој закон ќе го спречиме расипништвото и обезвреднувањето на капиталот во стечајната маса на "ТАТ". Ние кога зборувавме за законот за стечај при донесувањето на тој закон недвојбено беше мислењето на сите пратеници дека стечајните постапки во РМ претставуваат вистински грабеж на имотот и обезвреднување на капиталот во РМ.

И последно тоа што ќе го постигнеме со донесувањето на овој закон сметам дека драстично ќе го намалиме рокот на одвивањето на стечајната постапка во штедилницата "ТАТ". Зошто е потребно сега да го донесеме овој закон?

XII/7.-

Сметам дека е потребно да го донесеме сега овој закон од причини што престои донесувањето на Буџетот на Република Македонија и ако денес го изгласаме овој закон ќе можеме во Буџетот на Република Македонија да ја вградиме ставката на потребните финансиски средства за преземањето на имотот од стечајната маса на "ТАТ".

Понатаму, од каде произлегуваат реалните основи Владата односно државата да го преземе имотот од стечајната маса.

Имено, прво, членот 131 од Законот за порамнување, стечаи и ликвидација дозволува или овозможува продажба на имотот кој влегува во стечајната маса со непосредна спогодба.

И, најголемиот аргумент е тоа што Република Македонија стекна право на побарување на стечајната маса на штедилницата "ТАТ". Имено со донесувањето на законот за предвремено кредитирање на дел од побарувањата на штедачите во штедилницата "ТАТ" во законот е регулирано дека своите средства Владата на Република Македонија односно државата РМ ќе ги подмири од стечајната маса, на "ТАТ" после исплаќањето на штедните влогови на граѓаните. Што значи дека Владата на РМ веќе стана доверител и побарува средства од стечајната маса на штедилницата "ТАТ" и значи дека е директно заинтересирана да не дојде до пропаѓање на капиталот во штедилницата "ТАТ".

Со неколку зборови ќе се осврнам по однос на мислењето на Владата кое што го даде по овој закон. Имено неоспорно е правото на Владата на РМ да има негативно мислење или позитивно по еден закон, така да не го оспорувам и правото таа да има негативно мислење по однос на овој закон. Но, се поставува едно логички поврзано прашање во своето мислење Владата на РМ ни вели дека нема законски основ за

донесување на еден ваков закон. Ако е така, тогаш јас се прашувам дали Владата на РМ на своето парламентарно мнозинство, пред се на најголемата парламентарна група и координаторот на пратеничката група на СДСМ не требаше благовремено да каже дека не треба да предлагаат ваков заклучок и да ги носат во заблуда пратениците бидејќи нема законски основ.

Ако тоа тогаш тоа го направеше, значи ова Собрание тогаш немаше да донесе ваков заклучок и денес ние не ќе можевме да се повикуваме на овој закон. Владата на РМ тогаш не и укажа односно не му укажа на координаторот на пратеничката група на СДСМ и не им укажа на пратениците на СДСМ кои што го поддржаа ваквиот заклучок дека донесувањето на ваков заклучок нема законски основ.

Сметам дека со донесувањето на еден таков заклучок уште тогаш на штедачите им се понуди една лажна надеж која што еве денес излегува на површина.

Понатаму сметам дека Владата ако веќе даде негативно мислење во врска со донесувањето на еден ваков закон требаше да го потврди и да го поткрепи со неколку аргументи кои се битни. Инаку, Владата според мене требаше да одговори на неколку прашања по ова мислење.

Прво, дали согласно на член 139 од Законот за банки и штедилници во рокот утврден со овој закон, а тоа е десет дена по објавувањето на огласот за воведување на стечајна постапка записнички е утврдена состојбата на сите побарувања и обврски на штедилницата " ТАТ" и кој е износот утврден во записникот. Тоа е должност по законот за банки и штедилници да се направи. Ние досега, ниту пратениците знаат ниту јавноста знае со која сума оперираа штедилницата "ТАТ". Прво беше со

околу 37 милиони марки со кои што оперираше супер визијата од Народна банка на Република Македонија. После тоа со педесетина и неколку милиони марки од судското вештачење кое што беше изведено во штедилницата "ТАТ". Така да ние и ден денес не знаеме навистина за колкава сума се работи. И, такво драстично отстапување од две надлежни и по закон задолжени организации тоа да го спроведуваат, навистина мене не ми е јасно, а не и е јасно и на пошироката јавност.

Понатаму, Владата требаше еден аргумент, ако веќе дава негативно мислење кое што требаше да го образложи, е тоа, кои механизми и постапки се преземени за да не се случи обезвреднување на имотот на "ТАТ".

Ние досега имаме една состојба дека граѓаните еднаш се известуваат дека ќе почне исплатата, па ќе застане, па чекајте треба приговорите да се разрешат, па нема да се разрешат приговорите. Имам една навистина несакана и измешана состојба по однос на стечајната постапка, так ада не се знаат механизмите кој што ќе оневозможат да се обезвредни капиталот во стечајната маса.

На крајот уште еден аргумент требаше уште едно мислење Владата да го образложи е кои критериуми ги утврдиле стечајниот судија и стечајниот управник според кој што ќе го направат редоследот на исплатата на штедните влогови на штедачите од стечајната маса. Вие добро знаете дека во законот кој што ова Собрание го донесе тогаш иако реков дека и тогаш се прави голема грешка беше речено дека стечајниот управник односно стечајниот судија ќе го одредат редоследот како ќе вршат исплата на штедачите оштетени во штедилницата "ТАТ". И, тогаш го поставив прашањето кои се критериумите врз основа на кои што тие ќе го одредат редоследот и ќе важи редоследот кој ќе даде повеќе,поголем

процент на оние кои што треба да одредат како ќе оди редоследот кој ќе биде попрв на списокот.

Сметам дека само така аргументирано мислење на Владата би можело да стане сериозно за да ние го разгледуваме овде. Во спротивно сметам дека не можеме да зборуваме за едно такво мислење за одговорна и отчетна Влада.

Би сакал на крајот на сето ова да искажам едно свое мислење со сето ова што се случува , не само со "ТАТ" туку и со постапките околу локалните избори во Битола и неодминливо ми се наметнува размислувањето дека кога некои институти научни, сакаат нешто да докажат и да испробаат одредуваат пилот-центри.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (продолжение)

Во тој простор прават една критична маса и врз основа на испитувањето на таа критична маса ќе проверат одредена постапка тоа што сакаат да ја проверат. Во овој случај сметам дека Владата на РМ ја дореди Битола како пилот центар во РМ за неколку прашања. Прво ја одреди како пилот центар да види до каде можат граѓаните на РМ да ги издржат притисоците на власта на РМ. Имено, колку можат да го свиткаат својот грб и да речат доста е. Тоа е првото што сметам го одредија и тоа до крај не е испитано. Второто, со локалните избори кои што ја одбраа Битола, иако сметам дека во Скопје требаше да се распишат избор на локална самоурпава, ја избраа Битола за да се види како и покрај нефункциоонирњето на институциите на системот, како ќе реагираат граѓаните во еден одреден дел од РМ, па врз основа на тоа да се спроведуваат понатаму и анализите за избори во РМ. Сметам дека едни такви постапки не заслужуваат граѓаните на Битола и напротив сметам дека денес во една релаксирана атмосфера дека треба да размислиме и да ја оцениме потребата за донесување на овој закон, да ја прифатиме потребата за донесување на овој закон, а доколку има одредени празнини во тој закон, како еден од предлагачите сум спремен да седнеме да поразговараме да дополниме, заедно со асоцијациите на штедачите, заедно со претставниците на Владата на РМ и со одредени други заинтересирани субјекти во РМ . Никогаш не одговарам на провоцирање, но пари спомна г-динот Ружин од каде ќе најдеме пари. Јас да ви кажам дека има ногу извори на пари. Еден од изворите е оваа Влада да ја напушти својата функција и со едно домакинско трошење на парите во РМ, трошење во согласност со законите, ќе се обезбеди пари. Прво нема да се дозволи да бидат ограбени граѓаните, а второ ќе се обезбедат пари за да се обезбедат задоволат интересите за штедачите.

XIII/2.-

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Јас не сум од Битола, доаѓам до Валандово. Јас можам да го прашам целиот овој собир кој треба да ги надомести сето она што го изгубија земјоделците од Валандово, Јосифово, Пирава, Струмица итн. заради тоа што беа затворени границите. Пак е државата. Тука ние сите сме свесни дека и во ова општество и во соседството се случуваа некои аномалии на посткумонизмот зошто на овие од Валандово сега, а инаку секоја чест на овие што плачат од Битола, меѓутоа и овие што плачат од Валандово, не е тоа ТАТ, но ТАТ е во земјоделието, за што не е тука СДСМ, туку е крива границата или поширокиот меѓународен субјект. Луѓето во Битола штеделе, ризикувале добиле за одредено време и одредени пари, функционирало тоа. Овој од Валандово садел, имал високо производство, не може да го пласира, пропаѓа. дури не бил во можност да го финансира своето дете или да има некој профит во тоа што пропаднал. Па никому ништо, никој не дига галама ниту луѓето доаѓаат пред Собрание. Дајте еднаш да размислуваме како една Македонија. Јас исто го почитувам социјалното страдање на оној граѓанин од Битола. И немојте да се толку партикуларисти Битола, па Битола, па ТАТ. Мислам дека сепак пошто нешто што се вика општ национален интерес. Точно, е се знае од каде пари. Ако има пари, ако најдеме нафта, повелете пари на штедачите на ТАТ. Меѓутоа, дајте да му најдеме пари и на овој што исто така останал заради аномалинче во земјоделието. А не е еден човек. Има луѓе што се стечајци што исто така останале пари. Не штеделе, меѓутоа, се наоѓаат во иста состојба Јас ја разбирам вашата загриженост дека доаѓате од тој простор, дека имате и одреден политички маркетинг, бидејќи што поголем критичар се солидизираш со оние што бараат да им се надоместат парите, нормално

вашиот рејтинг расте. Меѓутоа ако сите почнеме да бараме па да бидеме реални до каде државата може да успее, рековте да си оди власта. Па знаеме колку е богатството на РМ и да претпоставиме дека можат со некои задолжувања да се надомести што вие тоа го барате, сепак мислам дека ќе биде не фер кон оние што изгубиле од другите дел на Македонија тие да бидат нереспектирани во нивните барања Според тоа мислам она што Владата на РМ го направи, тие се 20 милиони марки, како еден вид сума за компензираше на оштетените штедачи е една доволна сума. И мислам дека еднаш треба да се престане за оваа тема да биде тема на политичкиот маркетинг.

**ЏЕЛАРИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Станковски, процедурално бара збор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, ќе го искористам процедуралното право да укажам дека границите како причина кој беа наведени се красна појава, а во случајот на ТАТ ние имаме доста конкретни крадци и парите кои ги бараме треба да ги најдеме од нив, тие се кај нив и само треба да се потрудиме да ги откриеме и да ги најдеме во нив.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Најдовски - реплика.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Господине потпретседателе дами и господа,

Би почнал некако од позадина од онаа што беше реплика на мојата дискусија.

Имено, беше речено дека е крајно време да се престане со оваа тема, и да се прави политички маркетинг.

XIII/4.-

Јас ви ветувам дека прв сум што ќе престанам со оваа тема, во Собранието на РМ ако се затвори оваа тема онака како што треба. Осноно прво, ако сите ние добиеме јасна информација што се случуваше со ТАТ, како се одвиваа сите постапки и што е на крајот завршено. Ако тоа навистина овде во ова Собрание некој го изнесе, вие знаете добро дека тие денови кога беше расправата за ТАТ г-дине Ружин морам да ви кажам дека мојата мајка беше главна Весна Македонската радио телевизија која што 65 години сади тутун, а сите ваши колеги бизмис-мени од партијата кои што можеби спаѓаат или не спаѓаат во Октопод не се спомнати ниеднаш на телевизија. А овие земјоделци за кој што вие зборувате беа спомнати како Октопод на во сите гласила во РМ. И сакам до крај тој случај да се разјасни. Ако е виновен и г-динот Најдовски и г-динот Најдовски да седни на обвинителна клупа. Ако не да седнат оние што се виновни. Тоа е прво.

Втора работа е, никој овде не го спорува правото на оние од Валандово земјоделци да си ги бараат своите права. Ако вие добро пратите јас и во овај Парламент сум се залагал за разрешување на проблемот на земјоделците. Не е еднаш досега за тоа прашање сум зборувал и навистина како пратеник јас мислев дека си од Скопје, еве вие сте биле од Валандово, ви дозволувам и би ве поддржал секогаш кога се залагате за бранеше на интересите на земјоделците. Верувај-теми дека јас секогаш ќе ве поддржам на тоа прашање. Но поставивте една теза зошто сега останатите граѓани односно дали тие до Валандово или другите во РМ да плаќаат за битолчани.

Прво, ќе платат заради тоа што имаат неспособна власт во РМ. Второ, ќе платат затоа што битолчани платија за 25-те загубари во РМ, а немаше ниедна фирма загубар од Битола. Зошто тогаш не стана некој да речи, чекајте луѓе има илјадници вработени со кој што Законот за вработување се носи во поповолна положба, за разлика од битолчани.

кои што во тој Закон немаат ниедна фирма од Битола. Ниеден од нас битолчани еве 9 пратеници сме од Битола заметени стенограмите не стана никој да рече почитувани господи не треба да им помогнеме на останатите иако нема фирма од Битола, него тогаш сите го поддржавме тој закон. Од каде парите, парите на крај краева, власта, институтите на системот, нека си имаат министерство за внатрешни работи, нека си имаат надлежни судови, си имаат не знам други институции нека најдат каде исчезнаа парите, нека најдат кој ги најдат кој ги зеде јас реков последните денови барем во она што пишува во весниците и обвиненијата во ТАТ влегле негде околу 3-4 милиони марки последните денови пред распаѓањето на ТАТ, па не се знае ниту тие пари кој ги зел. Има ли понатаму лежарно да гледаме на една таква атмосфера.

И на крајот, морам да ве исправам дека не е точна сумата дека Владата даде 20 милиони марки од Законот за предвремено кредитирање, бидејќи 20 милиони марки беа тие кога беше предложен законот али мораме да кажеме дека се одолговлечување со исплатата, и дека исплатата започна од кога беше извршена девалвација во РМ, што значи дека 16% вредноста на тие 20 милиони марки ако гледате изразени во домашната парична единица во денарот е намалена, што значи нема граѓаниве да добијат по 3.000 германски марки како што се оперира.

И на крајот морам да ви кажам дека го споменувате тој закон Законот е донесен на 23 јули оваа година. Законот предвидува дека граѓаните штедачи во штедилницата ТАТ ќе бидат исплатени во шест(6) еднакви рати, кои што не смеат да трајат повеќе од шест (6) месеци или подолго од стечајната постапка ако до тогаш заврши стечајната постапка.

XIII/5.-

Прво сите вие знаете дека стечајната постапка не во 6 месеци, него нема 60 години да заврши никогаш нема да заврши нема да се разјасни. Втора работа, на штедачите кои што имаат право на наплата по тој закон досега им е исплатена само една рата. Законот требаше да биде исполнет односно последната шеста рата да се исплати со 1 февруари, остануваат уште дваипол месеци, па да видиме  дали во тие дваипол месеци штедачите од ТАТ ќе добијат по 5 рати колку што треба затоа што по законот му следуваат по 6 рати.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Каров

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господин потрептседателе, почитувани министри претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Малку се слушна за содржината на самиот предлог, меѓутоа за тоа покасно и во неколку наврати зборувавме по оваа тема и согледувајќи ги состојбите и време на донесувањето на законот итн. и во оваа прилика би сакал повторно да се осврнам по ова прашање.

Императив кој што се постави во РМ во правно регулирање на односите беше градеше на еден граѓански правен поредок во кој што индивидуата, креативноста, можноста да се соочи со ризикот беше главен атрибут во градењето на едно цивилно граѓанско општество. Во исти момент во атрибутите на едно такво општество се наметна и едно редифинирање на функцијата на државата ис е разбира сосема јасно беше дека во почетокот тоа нема да оди така лесно, нема да оди така безболно, и можеби и се очекуваше во одредени односи во одредени свери посебно во финансиските свери, финансиската сфера да тоа прашање  бидејќи станува збор за една опиплива работа средства

на правните субјекти на граѓанството избие една таква жештина. Се разбира дека во тоа градење ќе се оди понатаму и по еден процес кој што во ено релативно кратко време тешко дека ќе може да се заврши. Меѓутоа треба сосема да ни биде јасно дека РМ отпочнувајки со процесите на промени иоли на реформите, сосема јасно стави дознание дека позицијата на граѓанинот позицијата на институциите, па меѓу другото и позицијата на Собранието како исто така демократска институција Собранието многу сериозно и одговорно тргна кон пристапот како ќе ја разгледува реално економската состојба на правни субјекти и штедилници регистрирани согласно Законот за банки и штедилници и тоа реално во смисла на сосема сериозна и договорна задача си постави пред себе кога од утврдени и дефинирани демократски институции ја прифати реалната и економска состојба на штедилницата ТАТ дека сите фази и сите постапки кои значат можност за санирање, можност за предсанациона постапка итн. се поминати, исто така институции демократски, создавање неможност по она што го дава Законот за банки и штедилници и не чувме ниедна примедба дека штедилницата се наоѓа во фаза на воведување на стечајна постапка, односно дека штедилницата може да се санира. Во една таква фаза Собранието сосема сериозно пристапи кон разгледување на предлогот за можно санирање на последиците од едно такво работење и од можноста да согласно финансиските можности што ги има РМ да пристапи кон решавање на дел од обврските што најголемиот број или најголема категорија на штедачи да бидат обештетени, и тоа сосема сериозно во расправата барем најголемиот дел на пратениците со изгласувањето на Законот го донесоа што во основа значеше премостување временско до дефинирањето на стечајната маса. И тогаш постоела расправата недефинирани укажувања на некои недефинирани решенија во каква постапка тоа би се вратило, во застапување на теза да се фати овој, да

се фати оној, а од тоа дали штедачите ќе се обештетат. Како ќе се обештетат ниту беше кажано, ниту пак можеби се претпостави нешто на она што се мисли.

И тогаш во расправата укажав, дека правните субрети и штедилницата основани согласно Законот и одредбите за банки и штедилници во основа отстапуваат од основното начело на сигурност, ликвидност и рентабилност за своето работење и дека кај нив преовладува едно начело што значи вклучување на одредени личности кои во не дај боже во вакви ситуации да се покаже дека државата со нејзините институции се вклучени во нејзиното работење. Тоа е одлика на раководителот одлика на сопственикот на правниот субјект што и денес уште не е страно со нејзината способност и начин така да си го организира начинот на своето работење. Тука може да се вклучи способноста на раководителот да застане, да се поздрави со тебе, па малце не да кажува дека е крои државната политика и тнт,итн. Меѓутоа, Собранието како институција разгледувајќи од еден поширок аспект и законските можности па ако сакате и финансиските можности на Републиката, цврсто определувајќи се за поставеноста и позициите на институциите во финансовото работење, посебно во работењето на правни субјекти форма на штедеше, посебно на штедилниците, да не зборувам и за банките и позицијата на една институција Народна банка на РМ. кај што директно се инволвиран личност кој оневозможува во редовна постапка се овозможи да се види на време што и како се работи.

**ЗВОНКО КАРОВ:** (продолжение)

Од друга страна, објективноста од она што по законот се нуди на контрола како олеснителна околност , не го подлага Собранието да навлегува во тоа дека државата директно е инволвирана и дека државата или ТАТ е државна институција. И кога од една таква теза пред донесување на законот со временско премостуваше се нудеше решение со кое што , согледувајќи ги финансиските можности на државата, се обезбеди решение со кое некаде над 70% најголем број штедачи се обештетени, од една таква теза сега се тргна на теза од волонтаристичко решаваше и редефинирање на комплетното обесштетување од страна на државата. Точно е тоа дека Собранието донесе Заклучок, меѓутоа, ако заклучокот добро се чита и се сака добро да се чита, Собранието точно ја насочува препораката согласно надлежноста што Владата ја има во ваква ситуација, согласно постојните законски можности и на крајот, ако сакате и финансиска можност на РМ, да врши во моментот по содржината н овој закон, за што реков многу малку се зборуваше, во моментот државата тоа комплетно да го преземе јас незнам точно, ќе се дефинира стечајната маса, треба да веруваме на институциите. Таман работа ако не веруваме,"вашиот"суд, "вашата" народна банка и тн. Мислам дека тоа не е вред, такво условување на институции кои и уставно сме ги определиле. Ако добро се потсетите одлуката околу исполнувањето на стечајната постапка, како крајна инстанца го имаше и Советот на Народната банка.

Според тоа, да се вратам со две три реченици на содржината на овој предлог. Во моментот, лично сметам, да се преземе обврска на товар на граѓаните на територијата на РМ , во рок што предлагачот го дава по постојна надлежност, и институцијата Влада и на институцијата законска можност, иако и во идното решавање можеби ќе се земе

социјалниот момент, но реално , во можностите на Републиката, мислам дека навистина укажува на прво испитување на пулсот како ќе се реагира по овој закон најмалку за тоа што значи штедач, што значи вистинската позиција на штедач и на крајот на краиштата целосно обештетување што го направивме согласно законот донесен во јули, мислам дека најдобро помогнавме и тогаш и граѓаните и штедачите мислам дека веруваат во тоа што Собранието како демократска институција сериозно го гледа и сериозно дава поддршка. Овој предлог за донесување мислам дека е несериозен предлог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор, г-динот Тантаров

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, Мислам дека лошото образложение уште на почетокот на седницата по овој закон дадоа неговите предлагачи, тоа ќе биде една од најголемите вини што овој закон нема да се донесе.

Најпрво, навистина е несериозно една пратеничка група ада предлага еден ваков закон, со кој што треба да се реши судбината на еден град од 20 и повеќе пратеници, денес да има тука една група од 7-8 пратеници. Па со кој ќе се донесува тој закон ?

Вие се обидовте во почетокот на вашата одбрана на овој закон да наметнете една караници меѓу двете пратенички групи и цела вина да ја свалите на г-динот Гештаковски. За среќа, јас имав прилика да бидам присутен на двете комисии, и на Комисијата за финансии каде што од 12-13 пратеници само двајца бевме да се расправа по овој закон бидејќи немаше мислење од Владата, јас и господинот Мешков, другите беа против. А на Законодавно-правната комисија вашиот предлог го снајде иста судбина бидејќи од принцип оваа Комисија не расправаше

бидејќи немаше мислење од Владата. Незнам од каде денес се цитираа зборовите на Гештаковски што рекол на овој план. Меѓутоа, реков тоа беше минато, а сега сакам да зборувам во врска со предлогот на овој закон.

Битолчани и битолските селани, познати печалбари и штедачите, во текот на оваа деценија во два наврати станаа жртви, трагичари и маченици на штедачките афери, скандали и завери во Битола. Во почетокот на оваа најтрагична деценија за Битола и битолско, четирите банки од Скопје, Белград и Љубљана што имаа свои филијали во градот на печалбарите, на штедачите им заробија тешки милиони марки и долари, што беа спечалени со тешки маки во туѓина и родниот крај, а годинава, со пропаѓањето на ТАТ пак настрада подрачјето. Пак му се грабнати 100 милиони германски марки Овој пат, покрај печалбарите, жртви на ТАТ-ината ујдурма односно хаварија станаа пензионерите, стечајните работници, студентите и армијата од работници кои во изминатиот период беа прогласени како технолошки вишок во повеќе претпријатија. И со едната и со другата штедачка ујдурма од ова подрачје отидоа во неврат неколку стотини милиони германски марки. Можеби се и повеќе.

Црниот биланс од ова црнило на Битола и битолско сеуште не се знае како изгледа и како ќе изгледа. На овој план на овој напатен и измачен крај од нашава државичка, се знае само една вистина: Битола и битолско по овие скандали што го потресоа штедењето се исполнети со разни човечки судбини. И старата и новата изгубена заштеда затворија многу куќи се испустија многу семејства. Штедачките трагедии за изгубените имоти во ТАТ се чести и многу сурови. Господо, во Битола за болеста ТАТ што е влезена во десетина илјади градски и селски домаќинства неможе да се најде лек. Лекот за враќање на блажените заштеди во ТАТ треба и мора да се бара во државата.

XIV/4

Во ТАТ се штедеше во благослов на државата, со благослов и амин на нејзината народна банка. Штедачите одеа во ТАТ заради тоа што зад ТАТ стоеше оваа банка, нејзините први луѓе и нејзината контрола, која како што знаете добро завршија. Кој човек, кој штедач што еднаш се изгорел во штедењето кога за време на Хрватот Анте му пропадна заштедата можеше да одолее да не ги остави парите во ТАТ и со некоја ката да го крпи животот во ова тешко време низ кое минува нашата држава. Зошто кога во ТАТ штеделе и академици и кои сигурно ги познавале нејзините прилики, да не штедат и старите овчари кои заради староста ги продадоа овците и парите ги вложија во ТАТ и никогаш повеќе неги видоа, или пензионерите, студентите и стечајните работници.

Многу пати во многу наврати реков дека штедењето господо не е грев. Грев е тоа што го направи Народната банка на Македонија со штедачите на ТАТ, а и со самата штедилница. Мислам дека ТАТ можеше да се спаси, се разбира со помош на Народната банка која му даде виза да работи. Но сето тоа сега е минато и не би требало да се враќаме. Сега мора да се бара чаре за обесштетување на штедачите, на страднилците што заглавија во оваа штедилница, кредитот што им е доделен како милост за два три месеци ќе заврши. Што натаму Од што ќе живее таа сиромаштија? Битолското стопанство тотално пропаѓа, се наоѓа во голема агонија, нема работа. Околу 20 илјади невработени работници чекаат вработување во Заводот за вработување. Како што знаете, ТАТ е во стечај. Оваа мерка неможе да ги реши штедачките проблеми. Се знае што носи стечајот - расправии, јадење на имотот за плати на стечајната екипа, а можни се и појави на недомаќински работи, барем така се слуша низ градот.

Излезот од тешките состојби во кои се наоѓаат штедачите на ТАТ не по своја вина туку по вина, како што реков на државата и нејзината централна банка, треба да се бара на две страни: во нов кредит во новата година како оној што се користи сега или пак имотот на ТАТ да го преземе државата. Државата односно Владата да ги преземе обврските за кои ние како пратеници од Битола, заедно со штедачите, имавме на повеќе пати разговори со претставниците на Владата. Таа да располага со тој имот. Дали ќе го продава или ќе го остави во јавното претпријатие за стопанисување со станбен простор е нејзина работа. Со овој потег на штедачите ќе им биде полесно, ќе бидат сигурни дека нивниот имот нема да се растури пошто зошто или некој да го грабне.

Од овие причини, јас го поддржувам донесување на овој закон и ќе гласам за него. Се надевам дека за него ќе гласаат и другите пратеници.

Господо, немојте и вие да одите по стапките на политиката од стариот систем , што Битола ја направи слепо црево на македонското стопанство. На Битола мора да и се помогне. А дали болна Битола без државна помош ќе изнајде сили за излегуваше од тешкотиите во кои се наоѓа, времето ќе го каже својот збор.

Јас се надевам дека Битола ќе го реши својот проблем.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Процедурално, има збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Излегов на оваа говорница да интервенирам деловнички или процедурално, бидејќи од оваа говорница г-динот Тантаров изнесе невистина. Спомна 6-7 пратеници. Морам да кажам дека во салата моментално има 16 пратеници од Либерално демократската партија.

XIV/6

Значи многу поголем процент од колку што има г-динотот Тантаров од вашата поранешна партија овде, од СДС. Затоа, го замолам и претседавачот, односно потпретседателот на Собранието да не дозволува да се изнесуваат такви груби невистини од оваа говорница, бидејќи сепак бројките се јасни.

(во меѓувреме претседателот Тито Петковски го заседе повторно претседавачот место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Реплика за г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Г-да, јас не очекував реплика, г- динот Видимче да каже колку пратеници биле. Јас дискутирав десетина минути, додека дискутирав јас тука беа само девет пратеници.

А вие г-дине Видимче, како истакнат бројач во овој Парламент, можеби го знаете повеќе тој број , па јас се извинувам ако ве навредив со ова нешто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Видимче

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас се извинувам, не излегов на говорница за да имам реплика со г-динот Тантаров, јас имав деловничка забелешка кон претседавачот и жалам што г-динот Тантаров е толку слаб со математиката како некои негови поранешни колеги. Но тоа не е моја вина навистина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Г-дине Видимче, вие помешавте многу математики, само незнам вие која математика добро ја разбирате, бидејќи работите горе во РЕК.

Инаку, вие не станавте да интервенирате деловнички, туку веднаш кажавте дека станавте за реплика против тоа што го зборуваше Тантаров. Вие рековте дека јас нешто лажев. Кој лаже, јавноста знае.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Очигледно, г-динот Тантаров има желба само да ја развлече дискусијата и да одводни од главната цел на оваа денешна седница, од разговарањето околу предлогот на закон кој ние како пратеници на ЛДП го предложивме. Не го предложи СДСМ , ниту вие г-дине Тантаров со вашата нова идна партија. Го предложивме ние за ваша жалост. Тоа можеби вам ви е криво, но не сме ние тука виновни и јас не сакам да го употребувам зборот лаже. Јас само реков кажува невистини, слично како што вие г-дине Тантаров го сместивте г-динот премиер Веднаш до Гоце Делчев како славна личност. Навистина е славна личност, тврдам . Тој г-дин кој вие го сместивте во врвот беше претседател на партијата која во Битола во советничката група именува човек , сопственикот на ТАТ, г-ѓата Соња Николовска. Тоа е од вашите редови , поранешни редови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сега незнам што има со репликата врска ова.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Така што иницијативата која ние ја покренавме е главна тема на дискусијата и ве молам обидете се да размислувате на таа тема, бидејќи сепак за Битола навистина е битно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Тантаров. Ако може да ја прекинеме, ве молам. Добро, се согласува г-дин Тантаров.

XIV/8

Има збор г-дин Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, драги пратеници,

Предлогот за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ од страна на државата го поддржувам барањето. Барањето чисто е од загриженоста, навистина оштетените штедачи да се обесштетат. Ако на предлагачот не му е главната цел обесштетување, туку маркетинг на ЛДП, особено сега пред вонредните локални избори во Битола, тогаш не го поддржуваме.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ** (Продолжение)

Многу посилен предлогот ќе беше ако предлогот беше од сите пратеници од Битола, а и сите преговори и разговори со Владата кои беа неколку пати ги водевме заедно, здружението на штедачи, Советот и сите пратеници од сите пратенички групи кој разговор требаше до крај заедно да се дозаврши. Точно е тоа дека од Владата беше ветено и беше речено од - страна на премиерот дека прифаќа 37.000.000 марки стечајна маса утврдена како што е од страна на Народна банка на Република Македонија. И ние кои бевме присутни на последниот состанок, а бевме сите пратеници и претставниците на здружението се сложија. И како задача претставниците на здружението земаа обврска во најкраток рок да биде поднесено барање до Владата. Меѓутоа, како јас што сум запознаат од страна на здружението не е поднесен договорениот предлог. Но и натаму стојам на своето размислување и на размислувањето на пратениците од СДСМ дека Владата треба да одговори на заклучокот на Собранието и да поднесе предлог на закон за обесштетување на штедачите и тоа веднаш по формирањето на Одборот на доверители и по дадената понуда од нивна страна да поднесе во ова Собрание закон.

На крајот се што се однесува за доброто на штедачите колку и овој закон им носи добро во интерес нивни го поддржувам.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток бидејќи долго време дискутиравме, имавме расправи по овој закон. Морам најнапред да кажам дека не настапувам од името на пратеничката група на Социјалистичката партија, иако сум член на Социјалистичка партија, бидејќи ние имаме еден став. Меѓутоа, јас излегувам како пратеник од Куманово и сакам да ги изнесам моите видувања во однос на овој преложен закон. Мислам дека прво, искрено да кажам јас ги поздравувам секои иницијативи од пратениците кога предлагаат одредени закони и кога размислуваат за одредени проблеми и од средината од која доаѓаат и нормално за сите граѓани во Република Македонија. Во тој контекст еве посебни честитки до пратениците кои се залагаат и кои се залагале и направиле напори да предложат еден таков закон. Меѓутоа, морам да бидам искрен до крај бидејќи јас во двата мандата на неколку пати предложив еден закон кој се однесуваше за замрзнатите штедни влогови на граѓаните во Република Македонија и тогаш имавме да не кажам расправа од една страна, од друга страна итн., иако јас во тој период сакав да обезбедам една крајна солидарност на сите граѓани во Република Македонија со единствена цел да обезбедиме во извесна смисла правичност и некоја да не кажам материјална сигурност овозможувајќи од секој штеден влог да се обезбедат најмалку барем стотина марки со единствена цел да ги заштитиме граѓаните и да бидеме правични кон тоа. Се сеќавате добро дека донесовме таков закон и во рамките на тој закон да не кажам беше одбиен закон, не се прифати тој закон, имаше причина, образложение итн. Меѓутоа, тој закон сега трае, се спроведува итн., меѓутоа за еден дел на граѓани. И таму рековме во тој дел викаме ако некој граѓанин материјално се доведува да не кажам во материјална загрозеност му овозможуваме стотина марки за таа и таа цел и за неколку други

потреби да не кажам смртен случај, свадби и нешто со увоз на одредени репроматеријали ослободување од царини итн. Во рамките на тој закон Владата овозможи со Буџетот 960.000.000 денари. И сметаше дека со тие 960.000.000 денари ќе ги задоволи овие потреби и мислам дека сега за сега барем се задоволуваат тие општи потреби. Колегата мој го ценам, предлага закон кој во рамките на тој закон сега наместо 960.000.000 за една помала бројка на штедни влогови помал број н а граѓани во Битола да обезбедиме можеби и 1.000.000 денари, односно повеќе од 960.000.000, претворени во марки 37.000.000 германски марки како стечајна маса, можеби ќе бидат повеќе или помалку тоа не е битно.

Јас како пратеник сега се доведувам во дилема. Потекнувам од подрачје каде Кумановците можеби и велешаните, можеби и другите не штеделе во Битола ТАТ и во другите штедилници. Дали сега ако ние сега како пратеници бидејќи ова е законодавен дом, ние носиме закон, треба да носиме закони за сите граѓани во Република Македонија подеднакво и така да ги застапуваме и така да ги заштитуваме и во правата и во обврските. Меѓутоа, гледам закон, издвоен закон само ТАТ. Го сметам тој закон сега за еден дел од државата. Меѓутоа, не се спомнуваат и другите штедилници, ова што го спомна мојот колега Владо, во тој дел дали да влезат и тие. Јас размислувам сега дали и во овој закон можеби не треба да се прошири и со правата и на овие претходни штедни влогови, да го замениме оној предходниот закон во некој заеднички закон па сега да ги бараме сите права на граѓани во Република Македонија и тогаш бидејќи јас не сум пратеник само на Куманово, туку сум пратеник на Република Македонија, на овој Парламент и треба да ги бранам сите права и интереси и во Битола и во Куманово и Велес итн. Доаѓам во позиција

дали со носење на вакви парцијални закони не го рушиме член 9 од Уставот. Јас не сум правник, меѓутоа, еве сега го прочитав тој член, па и другите членови, таму има член 8 итн. каде се вели дека сите граѓани се еднакви во правата во државата. Ние практично се доведуваме во позиција со овој закон сега предложениов што претходно реков дека прифаќам такви предлози на пратениците, ги рушиме правата на другите граѓани. Некој граѓанин кој штедел во државни банки, парите кои се употребени за развој на инфраструктура, на стопански објекти итн. создадена ^ е една материјална можност, меѓутоа со неговите 100.000.000 марки ако ги имал вложено во таа банка сега нема никаква шанса. И ние како Парламент овде, како држава му ги ограничивме тие права на 100 марки, дури и тие 100 марки не може да ги земе заради тоа што утврдивме, мора граѓанинот да прибере толку и толку документација за да ја докаже материјалната состојба за да обезбеди 100-тина марки. Овде сега викаме, дури да ви кажам искрено ги жалам битолчаните, бидејќи во Битола има и по едниот закон и по другиот закон такви штедачи. Дали сега од Битола оној граѓанин кој не штедел во ТАТ, а штедел во предходна банка нема да се доведе во една нерамноправна положба? Јас викам, да. И од тој аспект лично сметам дали нема да погрешиме ние како Парламент да го изгласаме овој закон со тоа што ќе ја нарушиме еднаквоста на правата на сите граѓани во Република Македонија. Лично апелирам сега до предлагачот, дали не треба уште еднаш да се преиспитаат сите можности и во тој контекст да создаде основа сите граѓани да бидат рамноправни во солидарноста, бидејќи овој закон ние пак правиме напори да сите граѓани во Република Македонија врз принципот на солидарност, па дури и заемност да обезбедиме материјални средства за заштита на една група граѓани, да не кажам

од десетина илјади, а да ги запоставиме еден милион штедни влогови во кои има можеби 400.000 граѓани. Мислам дека тоа е една голема неправда барем за мене и во тој случај ми создава голема дилема што? Јас имам еден граѓанин кој работел во западноевропските земји со 100.000 германски марки. Доаѓа, се моли за 100 марки да обезбеди за да може да му студира детето, или да обезбеди материјални средства, бидејќи не може да ги користи социјалните права по другите закони заради тоа што има голема заштеда. И во тој контекст лично -- сметам дека правичноста за сите граѓани ние треба подеднакво да ја цениме. Лично сметам дека во овој дел и покрај тоа што ја ценам иницијативата на мојот колета, односно колегите пратеници би требало да се одложи малку со овој закон со единствена цел, еве пак повторувам, граѓаните од Куманово, граѓаните од Велес, граѓаните од Битола, Делчево итн., да бидат еднакво третирани од нас сите пратеници.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Сметам и убеден сум дека има потреба Собранието да го усвои Предлогот за донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата ТАТ од Битола во стечај. Аргументите зошто се исполнети условите за неопходност Собранието да го донесе Предлогот за донесување и со тоа да утврди дека има потреба од донесување на овој закон како прва фаза се прво во следното. Повеќе од јасно е дека актуелната власт во Република Македонија има одговорност заради доаѓањето во состојба на ограбување на штедачите од ТАТ. Зошто? Затоа што по уставните и законски надлежности посебно Народна банка

и во делот на контролата и надзор Министерството за финансии биле должни во контролите над работењето на штедилниците воопшто и во случајот штедилницата ТАТ да укажат на неповолноста на материјално-финансиската состојба на оваа штедилница со што преќутно ги измамиле на штедење граѓаните и со тоа ги довеле во состојба на измама и со крајна неповолна консеквенција на оштетување. Ова на некој начин државата односно актуелната власт си го призна. Како го призна? Смени неколку министри по основот на штедилницата ТАТ, потоа смени од најтесното раководство на Народна банка, потоа го призна и со тоа што го донесе законот за ограничено надоместување на дел од побарувањата на штедачите во ТАТ. Во тој случај со таквиот закон што се донесе би рекол на ограничено или симболично обесштетување на штедачите од ТАТ фактични на тој начин се врши зафаќање од сите граѓани на Република Македонија за еден дел како што многу овде од дискутантите го искажаа. Тоа е зафаќање преку даноците на сите граѓани и преку тоа обесштетување на дел од побарувањата заради некоја сатисфакција привремена што не е крајно решение. Овој закон што го предлагаат пратениците од Либерално-демократска партија од Битола во суштина ја исполнува основната цел за гарантирање од страна на државата на целосно обесштетување на граѓаните и тоа е она што се повикува и претседателот на Републиката, Глигоров, и премиерот Црвенковски во актуелното обраќање по проблемите во штедилниците воопшто и во ТАТ. Децидно беше кажано и од премиерот и од претседателот на Републиката дека сите оние кои се оштетени во случаите на штедилниците посебно во случајот на ТАТ сите во делот на оние што се регуларни и во границите на прописите договорени односи за дозволено ниво на камата сите дека ќе бидат

обештетени. Фактички тоа требаше да се операционализира со законот кој што во ограничени износи ги надомести ограбените штедачи и поради до крај нерешеноста во тој закон на состојбата на обесштетување на штедачите се донесе тој заклучок што е операционализација од страна на пратениците на ЛДП од Битола да се предложи овој закон кој што значи следното. Што е стечајна маса, преземање на стечајна маса? Па тоа е актуелниот имот што сега го има штедилницата ТАТ и што ги има побарувањата таму каде што пак во исто време државата преку октоподот или преку повикувањето на одговорност кажа дека ќе ги втаса сите намени и сите криминогени злоупотреби во наменувањето на парите на ТАТ што сега се побарувања и кои влегуваат во стечајната маса. Па за тоа е пак улога на државните органи и со самото тоа повторно се оправдува фактот што ако со преземањето на стечајната маса фактички она што значи ефектуирање на актуелниот имот, дали се мои сознанија укажуваат на некои претпријатија во кои што ТАТ е доверител, има сознанија на станови има сознанија на деловен простор итн. Па сите тие моменти се во прилог на тоа да со преземање на таа стечајна маса и имотот во таа стечајна маса дека е поголема гаранција со таквото преземање да настане и обесштетување на оној дел на штедачи кои што со регуларни уредени односи во рамките на прописите треба да се надомести на што сите се повикуваа и на што е многу дискутабилно сега и застапувањето прво девалвирано застапување од страна на партијата на власт со претставниците кои што го образлагаа и бранеа не прифаќањето на овој закон од една страна, а посебно пак претставниците од Битола кои што не го прифаќаа предлогот што го предлагаат пратениците од ЛДП, а се повикува во дискусијата дека е или

за добивање на кредит за решавање на обесштетувањето, или пак е за преземање на стечајната маса како што впрочем и има конкретен предлог. Значи го образлага дека треба да се донесе, а не го прифаќа тоа што е веќе во собраниска процедура. Во таа насока сметам дека бидејќи ова е прва фаза потребата од донесување на овој закон е во согласност и со заклучокот на Собранието а тоа не значи дека некои средства кои што вонредно ќе се зафаќаат од граѓаните на Република Македонија, или некое вонредно оптоварување на буџетот на Република Македонија и би значело прелевање - на обврските за обесштетување на штедачите од ТАТ врз другиот дел на граѓанство. Ова едноставно значи затоа што е одговорност на власта, на државните органи, на СДС во делот на тоа што настана како последица на ограбување и измама на штедачите со една гаранција од државата преку превземав на ова што значи стечајна маса оној имот и оние побарувања што се составни елементи на стечајната маса на ТАТ, преку таквото преземање да има гаранција во оној дел кој што е во границите на прописите на уредени односи меѓу таа штедилница сега во стечај и штедачите да се изрегулира. Во таа насока сметам дека е во склад на надлежностите на Собранието, во склад на заклучоците на Собранието и дека овој закон треба да се прифати и во рамките на постигнувањето на целта на целосно обесштетување на штедачите од ТАТ што во конкретниот случај што со досегашниот закон што го имаме донесено по однос на нивно обесштетување е нецелосен, тоа не ги задоволува нивните барања што доведува до неминовно ангажирање и на овој Парламент и на сите надлежни државни органи во насока на тоа да не да се преговара и да се од она што значи утврдена стечајна маса како што овде беше кажано

во преговорите со Владата признае незнам колку милиони денари како стечајна маса што ќе се превеземе.

XVI/1.- ДВ-ВБ

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

За некои повисоки форми, не преговори, не одолговлекување, не оставање на состојбата на судските органи како ќе ја водат стечајната постапка. Сето тоа доведува до една неизвесност. Сето тоа доведува до тоа, она што значи оштетување на штедачите, плус во една неизвесност во тоа како што е сегашното искуство и пракса на водење на стечајни постапки, сето тоа во случај на одолговлекување на една голема несигурност, дали ќе се наплатат побарувањата кои сега влегуваат во стечајна маса и дали ќе се впаричат, имотот што е сега во стечајната маса за надминување на тие проблеми, на надминување на тие прашања и неизвесности каде што не им следува на тие граѓани што се оштетени сега во ТАТ, а на кои во функција на правично за нивно обесштетување е да се донесе овој закон.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, кога дискутираме за некое важно прашање во овој дом треба добро да внимаваме кој што зборува за да не се извитоперуваат работите и кај јавноста да се пренесе една погрешна слика.

Мислам дека Панчо Минов или недобро мене ме сфати, или пак сака со мојата дискусија да се игра пред јавноста.

Јас реков дека го поддржувам Предлог-законот што го поднесоа битолските пратеници за преземање на стечајната маса и втора алтернатива, ако не дојде до тоа, Владата да обезбеди нов кредит за новата година за да им се помогне на онаа сиромаштија што настрада во ТАТ.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Сосема накратко, со оглед на тоа што сум еден од предлагачите на Законот, неколку работи што одредени дискутанти овде ги напоменаа, јас сакам само да ги прокоментирам.

XVI/2.-

Прво беше речено дека предлогот за донесување на закон и овој закон е несериозен. Јас сметам дека кога се изрекува една таква квалификација треба да се спротивстават контра аргументи зошто е несериозен, бидејќи јас не само што како предлагач сметам дека законот е многу сериозен, убеден сум дека и самата состојба со штедилниците е премногу сериозна за Македонија. Тоа е првата работа и јас навистина морам да кажам дека не серозно го сфатив тоа што некој рече дека законот е несериозен.

Второ, беше изнесена констатација дека предлагачите на овој закон се виновни што овој закон нема да се донесе. Незнам зошто сме виновни ние што овој закон нема да се донесе, што го предложивме, освен тоа ако не си го сватам поинаку, дека сме виновни заради тоа што не припаѓаме на друга политичка партија туку припаѓаме на ЛДП виновни сме зошто се бориме за плурализам во Македонија, наместо за едноумие. Можеби во тоа е нашата вина, но не би ја прифатил така.

Јас морам да кажам, можеби најдобронамерно се мислеше тоа дека овој закон ќе се прифатеше ако беше предложен од Владата на РМ. Но, морам да го кажам и следново: пет месеци поминаа од донесувањето на нашиот заклучок, таков закон не беше предложен, што значи дека и тука не ја гледам таа наша вина. Реков единствена наша вина што сме членови на ЛДП и ништо друго.

Беше изнесена констатација дека овој закон ќе го поддржам, ама ако знам дека не е политички маркетинг иако знам зошто предлагачите го предложија. Предлагачите во образложениeто кажаа дека го предлагаа овој закон за да се разреши одредена настаната ситуација со штедачите во РМ односно со штедачите во ТАТ.

Една од главните задачи на секој пратеник овде, меѓу другото е да предлага и законски решенија за одредени состојби. Ние како пратеници го искористивме тоа право.

XVI/3.-

А околу тоа, дали е политика, па овој Парламент е создаде од пратеници, припадници на различни политички партии. Ако во овој Парламент не се води политика и спротивставување на различни политички ставови, незнам тогаш каде. Кај мене во кооперација навечер можеме да седнеме и да си се напиеме пиво, но тогаш водиме разговори за политичката, а овде водиме политика. Секој оној кој ќе рече дека е политички маркетинг и од таа причина не го поддржува законот, морам да кажам дека тој лаже, бидејќи незнаејќи како поинаку да каже дека не го поддржува законот, туку вели ова е политички маркетинг.

Беше речено зошто е предложен законот само од пратениците од ЛДП од Битола.

Мислам дека се сака да се внесе една теза дека, еве, постои неединство помеѓу пратениците до Битола за разрешување на ова прашање е дека ова го прават тројцата пратеници до Битола и господинот Андов само да искористат некоја ситуација. Јас морам да кажам нека добро си го прочитаат деловникот тие што рекоа зошто не е предложен и до други пратеници. Во Деловникот стои, кога некој ќе предложи некој закон, никој не може да му го оспори правото на секој оној кој сака да се приклучи кон предлогот на законот.

Господинот Котевски ова го спомна. Тој знае дека пратениците од СДСМ од Битола го зедоа законот од Одборот на штедачи од Битола, кој беше уште во првата фаза кога беше расправата за ТАТ и го предложија поименично сите 5 души. Никој не му го оспори тоа право. Јас си земав едно ливче, го потпишав и со тоа се приклучувам кон предлогот, иако не и кажаа дека ќе го предложат тој закон. Но јас си земав ливче и веднаш си се приклучив кон тој закон.

Ние имавме и обратна ситуација. Јас господинот Видимче и г-динот Симјановски предложивме закон за ослободување од судската такса на штедачите кои покренуваат барање за ослободување од судска такса. На две седници го предложивме овој закон. На првата седница никој не ни

се приклучи. Немаше никаков став тогаш од Владата. На втората седница го предложивме, повторно немаше став на Владата, пак никој не ни се приклучи. Имаше трета седница кога го предложивме тој закон, имаше позитивно мислење од Владата. Наеднаш на седница пратениците од СДСМ од Битола ни се приклучија. Тоа го поздравувам и мислам дека тоа е добро. Јас најмалку сега сакам некој да покаже дека битолските пратеници како пратеници се разединети по овој проблем. Јас барем воопшто такво нешто не чувствувам и не сакам во ниеден момент да се создаде било каква атмосфера. Ние се разликуваме само во едно. Се разликуваме во тоа што тие, можеби очекуваат, а сметам дека во тоа грешат дека Владата на РМ која што ја поддржуваат се го реши тој проблем. За жал, досега не го решила, а ние како пратеници од друга политичка партија не веруваме дека Владата во најскоро време ќе го реши. Постои само една можност Владата да го реши овој проблем и тоа или пред локалните избори кои што ќе бидат во Битола, да даде одредена сума на штедачите, или пред Парламентарните избори. Само тогаш е случајот кога Владата ќе сака да го реши, а тоа веќе ги надминува сите граници на реално водење на политика во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Славко Котевски има реплика.

**СЛАВК0 КОТЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што бев спомнат, бидејќи претходниот дискутант ја коментираше мојата дискусија па да кажам.

Јас и сега се раководам од тоа, во однос на сериозноста, и сега велам, ако е нешто сериозно го поддржувам, зошто да не.

Друго, во однос на пратениците. Мое убедување е дека, ако беше и до другите пратеници, предлогот како предлог ќе беше појак. Тоа е мое убедување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Се согласувам со г-динот Котевски дека предлогот навистина ќе беше појак ако и тие се приклучена кон овој предлог на закон. Содржината на законот ќе останеше иста. Значи немаше содржината да биде појака. Ќе беше појако само ако тие го убедат своето парламентарно мнозинство да гласа за овој закон. Никој не го оспоруваше да се приклучат. Можеби ќе се приклучат во оној момент кога Владата ќе даде позитивно мислење.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Денес имавме прилика да слушаме повеќе политика и потреби отколку да слушнеме една продуктивна политика која треба да уреди одредено прашање кое стои денес со законот кој треба да го расправаме

Господа пратеници, ние се определивме да градиме правна држава во која држава законите ќе бидат општи правни правила кои треба да регулираат неодреден број на случаеви со битни обележја кои ќе се среќаваат во нашата земја и во нашето опстојување и во кои ќе владее строго формална процедура.

Господа пратеници, не е онаа држава која има огромен број на закони. Според една теорија државата донесува огромен број на закони, тогаш таа е најпокварена. Поаѓајќи од тоа сакам да зборувам повеќе за системот и за почитување на правниот поредок преку кој граѓаните треба да ги остваруваат своите слободи и права.

Сакам да истакнам дека со поднесувањето на таков законски проект во суштина ние го рушиме и уставниот поредок на земјата од една страна, а од друга страна ги срушуваме двата основни принципи,

а тоа е принципот на доследна примена на законските одредби кои ние треба да ги донесеме, преку кои законски одредби во суштина ќе ја јакнеме правната држава и сигурноста на граѓаните кои треба да опстојуваат во таа правна држава, од една страна, а од друга страна пак заради праведноста, а тоа незначи ништо друго само кога државата во еднакви случаеви, еднакво се го применува правото. Дали со таков законски проект ние ги испочитуваме тие две основни темелни вредности на нашиот уставен поредок, за тоа сакам да кажам, само за формалниот поим на законскиот проект, вие што го нудите и за материјалниот поим на законскиот проект.

Сега г-дине Панчо Минов ќе дојдеме на законот за кој вие најмалку зборувавте, а повеќе за политиката.

Формалниот поим на закон иако го донесуваме во соодветна законска процедура, да истакнам дека Собранието нема правни пречки да донесе закон. Но, Собранието може да донесе закон и ноќите да ги претвори во денови. За тоа не стои строга формална процедура која не може да биде со уставот и законите. Но, дали тоа ќе биде вистина, тоа е друго прашање.

За материјалниот поим сакам да кажам односно да го коментирам секој член кој е напишан во самиот законски проект, а тоа е следното:

Член 1 - вели дека со овој закон се определува обврска на Република Македонија да ја преземе стечајната маса на стечајниот должник, штедилница ТАТ Битола од Битола во стечај.

Аналогно во една логична целина двата члена кои, дефакто го разработуваат членот 1, кажува дека преземањето на стечајната маса ќе се изврши со непосредна спогодба помеѓу претставник на државата РМ стечајниот совет и стечајниот управник по цена која ќе биде утврдена на денот на преземањето на стечајната маса, но не пониска од пазарната вредност.

XVI/7.-

Да ви кажам контрадикторност на двата члена.

Ако веќе еднаш кажуваме дека зад Владата стои обврска не и по законот за присилно порамнување и стечај не сме создале обврска на стечајниот совет да заклучи таква спогодба. И од каде со закон на еднострана изјава на волја изразена преку закон вие сакате да заклучите спогодба. Тогаш кога не се еднакви во слободите и правата два органи кои треба да ја заклучат спогодбата, тогаш не станува збор за спогодба, туку станува збор за еден присилен пропис кој дефакто ја руши еднаквоста, уставноста, законитоста на секој орган што ќе учествува во постапката на спроведување на тој законски проект од една страна а од друга страна ниту аброгирајќи, ниту дерогирајќи го законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација, вие во суштина ги рушите двата основни принципи, а тоа е дека на законот за присилно порамнување стечај и ликвидација, доследно не му дозволувате да го применуваме во Република Македонија од една страна поради дневно политички потреби кои редовно ќе се случуваат во една земја, а тоа значи, дали при таквите редовни дневно политички потреби ние ќе ги менуваме и законите во РМ. Оттука, каде е правната сигурност на граѓаните во РМ дека ние, навистина, ќе станеме правна држава и кај нас ќе владее правото, а не е интересот за остварување на одредени потреби изразени преку донесување на соодветни законски проекти. Оттука, мислам, двата члена немаат никаква уставна подлога, да стојат како законски определби и дека таквите законски определби можат да се операционализираат навистина да предизвикаат правни дејствија.

Член 3 - преземачот се обврзува средствата за преземање на стечајната маса да ги депонира на жиро-сметка Битола, во стечај во висина на вредноста на стечајната маса итн., објаснува понатаму во спогодбата која ги предвидува роковите. Да ви кажам, ако станува збор за склучување на спогодба, тогаш од каде може од еднаш, без слободно изразена волја на двете страни во постапување по законските да дојде

до заклучување на таквата спогодба. Тогаш ние му ја детерминнраме волјата на стечајниот совет, стечајниот управник и сите органи кои учествуваат во стечајната постапка за да може таа спогодба да се заклучи. Тоа значи дека ние правниот систем го инструментализираме да решава соодветен правен случај кој го имаме и кој може да се реши преку законите што ги имаме во РМ, од една страна, а од друга страна Република Македонија ја создаваме како нестабилно правно подрачје во остварувањето на слободите и правата на граѓаните.

Членот 4, кој член посебно загрижува е дека недвижните објекти и подвижниот имот, како и правата од стечајната маса ќе преминат во сопственост на Република Македонија. Тоа значи дека тој член е контрадикторен и со членот 2 и со членот 1 каде што кажува спогодба, а всушност не станува збор за спогодба туку станува збор за чист купорродажен однос кој ќе се случи по овој закон. Всушност ние со членот 4 донесуваме присилен пропис во менувањето на титуларот на сопственоста од едно лице, по сила на закон што ние и со Уставот се определивме дека присилни прописи Република Македонија не може да донесува,освен во случаевите на експропријацијата и друго каде се ограничува правото на сопственост заради остварување на општ интерес на целата Република. Дали станува збор за таков општ интерес, сега во случајов, мислам дека е беспредметно да го расправаме случајот.

На крајот сакам да истакнам дека во донесувањето на таквите законски проекти кои не го почитуваат уставниот поредок на Република Македонија дефакто,го рушиме правниот дигнитет на земјата и сигурноста на граѓаните. Таквата политика која сака да решава случаи инцидентно, со донесувањето на законски проекти, законите во Република Македонија ги создава само како инструменти за остварување на даден интерес, а не како општи правни правила.

XVI/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас очекував колегата Туше Гошев како претседател на Комисијата за заштита на човековите права да каже дека во врска со овој закон има голем број на случаеви што треба да ги расправа и тој како претседател на Комисијата за заштита на правата на штедачите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Извинете, г-динот Туше Гошев е претседателна Постојаната анкетна комисија.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Да, на Анкетната комисија, така и за заштита на човековите права.

Во неговиот коментар за тоа, спогодба, облигациони доноси, закон за облигациони односи, дерогираност на законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација, мислам дека само се операционализира со некои терминологии, квази правнички што во конкретниот случај апсолутно ништо не значат. Не кажува овде дека некој облигационен однос меѓу државата штедилницата ТАТ и Стечајниот совет се со автоматизам на законот, туку да кажува дека формата на преземањето е непосредна спогодба. Критериумите кажуваат дека тоа треба да биде во висина, не помалку од реалната пазарна цена. Каква врска има тоа овде дека нешто со законот се интервенирало во, инаку, облигационите односи за што Судскиот совет требало да се произнесе.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Истовремено сметам дека иако се и тој повика дека повеќе политика се дискутира неголи правно и сето се оддолжи во една друга тема што е ниту политика ниту право, по мене, јас ќе повторам дека треба во конкретниов случај да се произнесеме дали има потреба Собранието на РМ да го донесе во I фаза законот за преземање на стечајната маса од РМ од стечајната маса на ТАТ. Ништо повеќе. Ако сите се согласни што се дискутираше во конкретниов случај, па и претставниците од СДС од Битола и ова што беше образложување од пратеничката група на ЛДП, бараме барем во делот нека се исполнат условите и причините за донесување на овој закон, како прва фаза. Како што добивме сознанија дека и Владата се впуштила во преговори толкав износ од стечајната маса ќе преземе, во договарање колкав ќе биде тој износ, сметам тоа нека се донесе нека се дотера во идна фаза, втората фаза од донесување на овој закон.

Сега, предмет на одлучување е причини, исполнетост, и има потреба за донесување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Арсовски, деловничка интервенција.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Го ценам Туше Гошев во тој дел, бидејќи тој во својата дискусија тој рече, децидно, дека сите претходни дискутанти, генерално, водеа политика, не направивте никаков исклучок, бидејќи ние повеќе дискутанти дискутиравме во овој дел, така што сакам да укажам дека токму Туше Гошев ја потврди мојата дискусија дека тука се рушат

темелните вредности на уставниот поредок. Гледано од аспект на член 9, 10, член 8. Целата моја дискусија беше во тие рамки. Ве молам, ако така размислувате, би барал да се оградите од овој дел.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, Јас не очекував вака долга расправа и волку висок степен на некој конфликт по ова прашање.

Мислев дека со расправата што ја имавме во март, а потоа кога го донесуваме законот за делумен надомест, кредитот што го одобривме да се платат некои обврски од 17 милиони марки, како што рече г-динот Најдовски на штедачите, во 6 еднакви месечни рати, мислев дека доста ги разјаснивме работите околу ова прашање. Особено што од страна на групата пратеници на СДС беше предложен заклучок овде врз основа на кои, бидејќи непрестано групата пратеници од Битола разговараа и со претставниците- на Владата и со премиерот, мислев дека е од општа процена дека таков закон треба да се донесе. А, тоа е само тактички потез препуштено на пратениците од Битола да дадат предлог. Затоа што тоа што го заклучивме овде како Собрание не се оспоруваше.

Јас сега, нема да навлегувам во сите оние теми што досега сме ги расправале аз штедилницата ТАТ и другите штедилници што пропаднаа

овде, каде е извршен грабеж на граѓаните кои веруваа на нашите демократски и правни институции. Исто така сакав да кажам дека апсолутно кога се придружив на предлагачите на овој закон немав намера ниту некои сознанија дека со овој закон ние сакаме да го срушиме правниот систем и да внесеме правна нестабилност во државата.

Што се однесува до текот на оваа расправа и аргументите што се извлекоа за тоа дека се руши правниот систем, тие се потпреа на текстот на законот по членови и нивна анализа од страсна на еден пратеник.

Ние сега дискутираме, расправаме за предлогот за донесуваше на законот, како потреба да се донесе тој закон. Предлогот на тестот не е во расправа. Ако е во расправа може потоа исто така да расправаме. Тој е важен, се разбира. Меѓутоа, сакам да кажам дека сите аргументи за присилноста на тестот кој се содржи овде, се заснива на тоа дека Одборот на доверителите на ТАТ ним им се наметнува обврска, затоа што ние на Владата и како Собрание овде можеме да им наметнеме обврска.

Меѓутоа, овој тест на законот е во суштина поддржан од сите асоцијации и по нивно барање, на штедачите. Тоа е од нив. Според тоа, никому ништо не се наметнува. Ако имате друго сознание, од доверителите и штедачите, треба кога ќе дискутираме за текстот да кажете дека ова треба да се дотера вака или така. А, за тоа дека е од нив имате документ од нив, имате Меморандум испратен до сите пратеници, писмо од штедачите со кое е потврдено дека е тоа нивни став и тн.

Според тоа, тоа мислење дека овде се работи за некаков напад на правниот систем е измислена работа.

(дофрлувања од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место, немојте ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е непотребен страв, ако не измислена и вештачки фрлена овде за да го омаловажи предлогот и ако некој верува дека е тоа така, тогаш е непторебен страв за тоа што кога ќе дојдеме на текстот на законот, сега да го усвоиме предлогот за донесување, па кога ќе дојдеме до текстот на законот тоа ќе го расчистиме. Се разбира, ќе внесеме сосема одредби, оние одредби што овие исти проблеми ќе ги решат, ќе ги решат овие проблеми, а нема да носат опасност од лошо разбирање. Или, барем ќе ни ги расчистат погрешните претстави што си ги имаат некои овде.

Инаку, некои да ме уверува дека да се случи, да се ограбат штедачите, да затајат органите на контрола на Министерството за финансии, на инспекција или супервизии и тн. на НБМ, да истражните органи потоа затајат комплетно и не најдат траг на грабеж, правосудните органи да затајат и се онеспособени сега да ја водат натаму постапката, дека сето тоа не е рушено на правниот систем и не е нефункционирање на правниот систем, и не е доказ за правна нестабилност во државата туку предлогот да му се застане на тоа на пат и навистина да се создаде односи државата, кога ќе ги преземе обврските по активата и пасивата, не граѓаните,

таа е што губи, па да ги активира навистина сите тие свои инструмент за да можат да ја истераат работата, тоа не е во ред. Таквото тврдење не е во ред.

Јас, всушност, се придружив воопшто кон овој предлог во моментот кога почнаа да откажуваат нашите правни механизми, кога се објави дека обвинителот ќе биде, обвинителството цело одземен предметот, кога судовите почнаа да откажуваат и си помислив ако ова остане стечај, како што е сега, бидејќи во сите стечаи имаме ние, скоро во сите натамошен грабеж и незаконитост, тогаш овде се подготвува уште една афера. И, тогаш ќе биде тоа уште еден доказ, оти иако сме имале можност да запреме таква работа како Парламент не сме ја запреле и на себе ќе си навлечеме, а заклучок сме донеле, ќе си ја навлечеме целата вина. Заради тоа, јас дури во таа фаза, кога тоа почна да се објавува, пристапив и го поддржав овој предлог за донесување на закон. Цело време бев уверен дека сите ќе го поддржите и ќе вложите напори текстот да биде што подобар, што по во согласност со Уставот, што подобри решенија, а не да ја пресечете секоја можност во тоа гнездо на организиран криминал еднаш да се стане, да се влезе, да се исечат работите, да истече тој гној, да се отворат работите до крај. Друг начин неможе.

Поради тоа мислам, и ве повикувам, а мислам дека сите сте заинтересирани за такви решенија, ве повикувам сите денеска да донесеме одлука да го прифатиме овој предлог за донесување на закон, да го задолжиме предлагачот, предлагачите да соработуваат со секого од пратениците кои сака стручна помош да даде и со Владата и во втората фаза да добиеме предлог на текст, со кој овде ќе можеме овде да оперираме.

Благодарам.

XVII/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас, да се корегирам дека за сите дискусии не важеше тоа за расправата, повеќе за оние предлагачите што го предлагаат законот и кој го поддржуваат законот во таа насока.

Сега сакам да кажам уште неколку зборови.

Материјалниот поим на законот мора да ги содржи уставните поткрепи што треба да ги има. И, преку материјалниот поим на законот, ние во суштина, сакаме мериторно да го разрешиме случајот. За потребата аз донесување на закон, за да оцениме дека има потреба за донесување закон, од тој законски проект што сега го имаме, таа материјална содржина на тој законски проект во суштина го руши во хоризонтална колизија целокупниот правен поредок во земјата. Од една страна, преку донесувањето на таков законски проект во кој во отворена стечајна постапка државата да врши национализација на тој имот со надоместок, во суштина, практично тоа би значело, тогаш за сите отворени стечајни постапки во РМ дали ние поединечно треба да донесуваме закони? Тоа од една страна.

И, дали еднаквоста и во еднаквата примена на законските одредби ние во еднакви случаи еднакво ќе постапуваме во Републиката? Тоа е отвореното прашање преку кое ние можеме да го срушиме правниот поредок, од една страна, а од друга страна во материјалната содржина на законскиот проект што е на ниска номотехничка основа напишано, без големо правничко знаење, одземањето без правење на компилација, укинување на одредби или дополнување на одредби на институции и на

органи што постапуваат во таа постапка, за да им се овозможи институционално формална процедура за да може да одлучува во дадената постапка, само така да му се направи коалиција, мислам дека ги правиме институциите на системот неефикасни и неспособни во дадениот момент да постапуваат.

Ако Владата е задолжителна да заклучи спогодба, господо, од каде таква сила на судскиот орган кој учествувал во судската постапка, да ние, преку овој законски проект што го имаме, законот за присилно порамнување стечај и ликвидација, не постои таков правен основ тој да заклучи таква постапка.

Ние, во суштина, со еднострана изјава на волја преку присилен пропис правиме национализација на соодветен имот.

Затоа велам, кога се спроведува, кога се донесува закон, треба да се познава законитоста и номотехниката во пишувањето ан тие законски проекти. А, функционирањето на органите во исполнување на усланивте и законски одредби, тоа е политичка оценка. За таа ваша политичка оценка како функционираат нашите органи, тоа е ваше слободно изразено мислење, без да се спроведе строго формална процедура на докажување на сопствената вина на сите институциите што учествуваат во институциите на нашиот систем во докажувањето на вината. За мене тоа е само слободна политичка изјава што е дадена. А, никако аргумент што треба да послужи за оценка на нашите органи да ли функционирале согласно со Уставот и законите.

Вие, во суштина, со овој законски проект не дозволувате на судските органи законите да ја спроведат стечајната постапка.

Во суштина сакате да овозможите правни празнини во функционирањето на правниот систем. А, во правните празнини секогаш се снаоѓаат оние, највештите кои сакаат да го изманипулираат Уставот и законот.

Ние, ако сакаме да имаме такви законски определби каде ќе имаме систем на чек - баланс, тогаш ние треба да ја почитуваме и уставноста и законитоста и строго формалната процедура во докажување на материјалната вистина. ако ја промашиме строго формалната процедура, тогаш догаѓаме на слободните оценки или на секундарното право изразено преку дискреционите права што ги имате, еве, од овој момент на оваа говорница што можете да ги изговорите.

Така, господ пратеници, ние нема д ги заштитиме слободите и правата на граѓаните. Ниту ќе ја штитиме правната сигурност на граѓаните, туку, во суштина, правото ќе го инструментализираме само како соодветен интерес за остварување на даден политички интерес во моментов што го имаме во Републикава. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Сигурно дека и најголемите политички дилетанти и аматери предвидуваат дека ако оваа година започне со ТАТ, мора да заврши некако барем во стилот на ТАТ. Се друго ќе беше чудно, апстрактно и нетипично за една парламентарна демократија.

XVII/9

Јас, при извршувањето на законот за делумно обесштетување без воздржан од причини што беа многу тука денеска изнесени. Нееднаков однос кон сите граѓани со единствена цел и поентата на моето изјаснување тогаш беше као да изнајдеме најефикасен начин и метод да ги изнајдеме вистинските виновници за да ги обесштетиме комплетно граѓаните. Тоа беше целта и суштината околу која и денеска тука самиот со себе се борам, се измачувам. Не направив никаква пауза, за да дојдам до нешто што би значело - што понатаму?

Целта на овој предложен закон има своја суштина. Има цел и мотив. Меѓутоа, исто така не можеме ние да прифатиме едно однесување после 8 месеци да констатираме некомпетентност поради инволвираност на одредени судски институции, после 8 месеци тоа што сите го знаевме а го знаевте и вие најмногу господо од Битола, вие уште во март месец знаевте кој се штедачите, која категорија, што, како, ако ние сакавме да го разрешиме проблемот комплетно, јас, да ви кажам и тогаш бев воздржан затоа што парцијалното решавање имаше цел сето ова да се оддолжи и заборави. Со тоа што ние сега нормално, мора да се соочиме со проблемот што колегата Бранко го актуелизираше и јас дискутирав на иста тема пред неколку месеци - каде се другите штедачи во државата? Каде е сега таа рамноправност пред Уставот?

Во услови кога овие денови читаме дека и претседателот на Апелациониот суд во Битола, во дневниот печат, Божидар Кочов е штедач со камата од 5-6%, што ни останува да размислувам отколку да бидат загрижен дека пирамидата ТАТ најсериозно може да ни сруши судската пирамида. Да биде уште поопасно. И, каде ние понатаму дали не ќе се собираме на неколку месеци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Проблемот ќе го решаваме во од без да остави трајни последици. "ТАТ" неможе да помине без трајни последици. Среќа е за сите нас што и овој Парламент, па ако сакате и граѓаните во најкритичните моменти во месеците март, април, мај покажавме висока свест и покажавме дека не сакаме проблемот да го разрешуваме како што се случи во една соседна држава. Проблемот ескалираше во вооружени сукоби. Ние тука го положивме испитот, тука морам да кажам како центар на демократијата. Покажавме висока свест, сите до еден, па и граѓаните ако сакате без оглед на нивните манифестации што се потполно оправдани и сега останува дека аферата "ТАТ" не е завршена, не е заокружена ни малку дури, е на прагот да биде разрешена. Апелациониот суд од Битола мора да се изземе, значи ќе мора, и нема една карикатура овие денови непријатна атмосферата, вели , веројатно ќе мора да ги викаме напомош фудбалските судии. Сите ги изземаме. И, што сега?

Предлагачот предлага една фаза. Прва фаза. Јас сега имам една друга скепса, дали овој начин на разрешување не е дури погоден за актуелната власт бидејќи проблемот се решава, се разрешува. Кредит, позајмица во има на сите и за сите, условно земено. Тоа е за мирот во државата, за безбедноста без оглед на она емоции, политички маркетинг и се она што следи.

Меѓутоа, во еден ваков предлог гледам една надеж дека прво, имотот нема да се обезвредни и второ, гледам една друга надеж дека со разоткривање на вистинската актива на "ТАТ" се доаѓа до некои реални големини. Не е сеедно дали е активата 35 милиони германски марки или 55. Не е сеедно.

Второ, се дава на знаење на сите задолжени за случајот, стечаен управник, Совет, судска власт и т.н. дека веќе се има контрола и не може да има некои дискрапантни разлики во она што значи крајна финализација на проблемот "ТАТ".

Е, сега, правниот аспект. Јас потполно го респектирам Туше Гошев на кој што во еден мој пријателски разговор , тука во бифето му реков дека тој за мене е најголемиот познавач на правото во државава. И понатаму стојам на тоа. Од правна насока тоа е точно. Сега е прашање дали ние со донесувањето на законот во јули не направивме правен преседант , па обесштетуваме времено нешто без да имаме конечни и точни информации од задолжените во државата. Ние сеуште манипулираме со бројки. Ние и тогаш го прекршивме Законот и темелите на правниот поредок што прифативме да влеземе во времено обесштетување знаеме дека со тоа нема да биде задоволен никој во државата. Но, сметавме дека тој потег треба да го направиме и добро е што се направи.

Сега размислуваме како да ја обештетиме и "Македонија Реклам„ и "Ламброс" и девизните штедачи. Размислуваме сите во потсвеста. Нема потреба , мислам, од преуранети потези . Времето некои работи ги стивнува, па и во Битола. Самото тоа дека таму ќе има поново избори, самото тоа дека градоначалникот си има свои ставови , ги респектирам сега тие негови ставови дека човекот има свои аргументи, дека не е виновен додека не се докаже вината и мислам дека предлогот треба да се прифати како компромис затоа што оди во две фази. Може да се надополнува, може да се надодава што не значи дека е тоа правото и вистинско решение. Но, најлошото е ако ние како парламент со неприфаќање на вакви обиди за разрешување на прашањето пред јавноста немаме лице да излеземе и да речеме имаме судска власт. Ја немаме, евидентно. Нема компетенции . Ја иземаме и тоа многу убаво,

стратегиски , стапка по стапка, едно обвинителство , една судска власт. Друго обвинителство друга судска власт. Не може да шетаме во државата. Според тоа, предлагам да прифатиме, а за втората фаза има доволно време да размислуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин претседателе, колеги пратеници, јас сум се преварил. Кога мислев дека лесно ќе дојдеме до решение и мислев дека не ќе биде потребно сега да зборувам. Сега еве се јавувам по втор пат.

Сакам да ги разуверам луѓето што се плашат дека ние сакаме да направиме неред во правниот систем со тоа што ако го донесеме овој закон за секој случај каде што има стечај ќе треба да донесуваме закон Сакам да ги разубедам тие луѓе дека нема таква опасност, настрана што тоа не ни е намера. Но, исто така сакам да им обрнам внимание во некои случаи како што е оваа афера која настана во штедилници каде владејат посебни прописи, посебни прописи на контрола, посебни прописи на ревизии и т.н. И каде еве, се покажа, дека се инволвирани и обвинети, на некои треба да им се суди, заменик гувернер кој што требало да има увид и контрола. Министер во врска со тоа поднесе оставка. Тие што се инволвирани, полицајци кои треба да пазат, да држат таму тоа се е напишано во законот да го чуваат. Инволвирани обвинители, инволвирани судии. Ако ни се случи да не даде Господ и друго такво нешто јас мислам оти г-динот Туше Гошев прв ќе дојде и ќе предложи посебен закон да се интервенира, да се санираат тие настани, да се спречат затоа што тоа како рак рана се шири и ни го растурува токму нашиот

правен систем , правосуден систем, системот на контрола, на инспекции, системот на водење истраги и т.н.

Според тоа, не станува збор да предлагаме нешто што не е во ред. Затоа Ви велам немојте да тргнувате да речеме, од чисто партиски позиции. Ние не тргнуваме од тоа. Нам ни е жал Вие зошто така сте се поставиле. Ние навестуваме, како што навестивме во март 1996 година оти во штедилниците ќе има големи афери и ја повикавме Владата и Народната банка да интервенираат, на време. Не не послушавте. Сега навестуваме вака затворајќи ги очите пред овие факти, измислувајќи брани за да се преземе нешто да се спречат работите во текот на стечајот ќе имаме нова афера. И, тоа е многу лошо. И, затоа Ве повикувам овој предлог за донесување да го усвоиме, да направиме напор да изработиме добар закон, да се донесе и да биде ефикасен , да ја постигнеме целта која Собранието овде ја има.

Овде не станува збор само за интересите на штедачите, па да бидат еднакви или нееднакви, станува збор за интересите на угледот на државата, за нејзиниот углед. Станува збор за да ја вратиме довербата да престане ронењето , копнењето на нашиот правен систем. Тоа е.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Господин претседателе, дами и господа од говорницата гледавме разни правни политички пристапи кон разгледување на предлогот. Јас сакам само да истакнам дека сепак ова задира и во делот на социјалната

политика и кога го гласавме минатиот јули Законот за обесштетување на штедачите "ТАТ" и останатите лично тргнавме од таа солидарност на национално ниво, значи на ниво на државата дека секој од нас ќе поднесе дел од товарот за некој што таму штедел и што изгубил.

Сега повторно ни се налага истиот императив од страна и предлагачот бидејќи конечно ние сме овде конечно што одлучуваме во името на народот на Република Македонија, меѓутоа кој ни дава нас право да во име на мнозинството ги пренасочиме дел од средствата , а тоа не се само средства на Вас пратениците кои што го предлагате тоа, тоа се средства на сите луѓе што живеат во оваа држава. Сите го плаќаме тоа.

Еднаш треба да сфатиме во оваа држава дека државата не е апстрактна како што се мислеше во минатиот систем. Ајде што повеќе да изграбаме пари за еден или за друг. Треба да сфатиме дека ние ќе платиме за сите, не само јас. Штета што некој од ПДП или од ПДПА не се јавува бидејќи и тие ќе плаќаат доколку го усвоиме овој закон, затоа што логиката на социјалната политика и воопшто на законот е јасна. А, таа е дека солидарно се плаќа тоа. Според тоа, еве од говорницата го прашувам македонскиот народ и воопшто останатите. Дали се за или нека направат референдум. Дали се за да дадат дел од средствата за да се пренасочат во Битола. Јас кога гласав за минатиот пат јас се солидаризирав и тука зборам чисто како граѓанин на Република Македонија, не- како граѓанин на СДСМ , се солидаризирав со таа солидарност односно да ги дадеме дел од средствата да отидат во таа насока.

Сметам дека е мошне рационално дека втор пат пак да се солидаризираме дека не оди . И, сметам дека и законот, како што рече колегата треба да го гледаме од аспект на социјалната политика, а Ви реков

не се само тие загрозени , не е само тоа, би рекол, малцинство во овој случај загрозено во државата. Во државава се загрозени многу сегменти на народ. Ви реков земјоделците, условно речено од Валандово бидејќи ја претставувам општина Валандово, луѓето зошто да не и во Тетово и во Прилеп и во Велес и во Скопје не се загрозени, а и другите штедачи.

Според тоа, прифаќајќи ги овие правни дискусии што ги кажаа некои колеги, сметам дека и овој аспект треба да го зачуваме. Доста веќе размислуваме дека се некој друг ќе плати место нас. Ние плаќаме.

И, доколку ја прифатиме (некој од пратениците во салата му дофрлува на говорникот дека тие крадат) Вие повеќе крадете во Вашата општина , доколку ја прифатиме овој предлог значи треба да го прашаме народот дали е подготвен во овој момент на целата своја беда уште малку пари да даде за да ги извлечеме социјално загрозените во Битола.

Конечно го прашувам предлагачот дали од прилика има една сума колку тоа би значело за Република Македонија, колку тоа треба да се помогне.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Г-дин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Очигледно сака да се дискутира од оваа говорница воопшто не разгледувајќи ги материјалите и законите кои се предлагаат. Жалам што морам да потсетам дека доколку го прочитаат текстот од законот одредени колеги пратеници кои овде дискутираа, воопшто немаше да

XVIII/7.-

Спомнат дека ете се бара некакво солидаризирање или дека законот има исклучиво социјални елементи. Ние со овој закон, морам да повторам на тие господа пратеници што не го читале законот дека бараме исклучиво можност имотот на "ТАТ" кој е сега колкав толкав и како ќе се процени тоа е друга работа да се заштити од понатамошно обезвреднување. не бараме никакви социјални надополнувања или солидаризација на цела Македонија со штедачите од "ТАТ". Затоа Ве молам друг пат читајќи го законот пред да излезете на говорница нас да ни помогнете да ја постигнеме целта и уште нешто, да Ви помогнам во размислувањето, согласно Законот за банки и штедилници член 143 вака пишува: "Во стечајната постапка на банките или штедилниците се применуваат одредбите на законот со кој се уредува стечајот на претпријатијата".

А во тој закон во член 131 пишува "имотот на должникот кој влегува во стечајната маса се продава по правило со јавно наддавање односно стечајниот совет после добиените мислења од одборот на доверители ако е основан , може да одреди и друг начин на продажба (со при-бирање на понуди или со непосредна спогодба)".

Така да, ние во овој случај не сакаме да кршиме законски регулативи кои досега постојат, ниту сакаме да воспсотавиме некој социјален елемент или уравниловка на тоа. Ние бараме имотот кој постои, колкав -толкав, кој ќе се процени државата да стави рака над него и да го заштити од понатамошно обезвреднување. да спречиме понатамошен грабеж бидејќи во Битола верувајте доста беше овој грабеж што се случи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Звонко Каров.

XVIII/8.-

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, дами и господо пратеници. Мислам дека треба сосема јасни да бидеме денес. Денес имаме Предлог аз донесување на закон за преземање на стечајната маса од штедилницата "ТАТ". Законска можност , не одам по содржината на тоа што се бара и како се бара. Можеби ќе имаме можност во некоја наредна прилика да видиме. Законска можност , правен основ не постои. Колегата Томе вика компромис. Компромисот по овој закон е заклучок на Собранието дека предлогот се одбива.

Идејата како идеја дали ќе обесштетуваме натаму, а заклучокот од Собранието од донесувањето на законот важи, тој стои. Стои тој заклучок.

Имајќи ги во предвид законските можности, надлежноста на Владата и на крај на краиштата финансиската можност, според тоа, компромис по овој предлог, не по суштината што се бара, по овој предлог е, да Собранието овој предлог не го усвои односно го одбие.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Каров компромисот тоа за тоа дека ако ние вечерва во оваа насока ги насочиме работите можеби оној кој што е по итно треба побрзо да ги разрешува работите, да реагира, и ќе нема може потреба од втора фаза на овој закон.

Благодарам.

XVIII/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Колега Томе, овој закон е таков што нема шанса за втора фаза. Таков каков што е донесен . Во моментот на поднесувањето нема шанса за втора фаза, барем законската можност сега ако ја гледаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дали овој предложен закон ќе го донесеме или не ќе каже гласањето. Јас се надевам дека грото од пратениците ќе го дадат гласот за овој закон со кој што, како што реков, на некој начин се решава судбината на Битола.

Меѓутоа, јас сакам да кажам нешто друго. Денес на оваа говорница повеќе пратеници меѓу кои последен беше г-динот Стојан Андов кажа тешки квалификативи за судот во Битола, за битолската полиција и за обвинителството во Битола. Се рече дека многу луѓе од овие институции се инволвирани во аферата "ТАТ" односно се заплеткани во оваа афера.

Јас мислам дека надлежните органи кој што ја следат работата на овие институции досега не се огласиле со свои ставови дека тие работници се вклучени во оваа афера. и, сметам дека додека не званично соопштение од тие институции не можеме од оваа говорница да даваме такви квалификации за овие луѓе, затоа што со ова се фрла уште една дамка за работата на Основниот суд, на Апелациониот суд, на полицијата ви Битола и на двете обвинителства.

Благодарам.

XVIII/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот.

Молам, да видиме колку пратеници имаме во салата, дали можеме да гласаме. Нека влезат пратениците.

52 пратеника се присутни во салата.

Да причекаме малку можеби некој се тука, .

Добро, тогаш гласањето ќе го извршиме утре.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа прекина во 17,55 часот).